ОПШТИНА
ОХРИД

Coopération Décentralisée entre
la Basse-Normandie et la Macédoine

Децентрализирана соработка меѓу
Долна Нормандија и Македонија

Région
Basse-Normandie

проектот е спроведен во рамките на
**програмата за децентрализирана соработка помеѓу Република Македонија и Долна Нормандија**

# Студија за интегрирана заштита на Старото градско јадро (предлог план)

## ДЕЛ 1

Охрид 2016

Н. У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД

***Автори*:**

Светлана Петровска, СМС консултант

Александар Целески, консултант

Надежда Поп-Костова, консултант

Горан Патчев, диа

***Слики*:**

Национална Установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид

***Планови:***

Општина Охрид

**Предговор**

Согласно одредбите од ЗАКОН ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.47 од 08.04.2011 година), како и измените и дополнувањата на законот (Сл. Весник на Р. Македонија, бр 154 од 04.09.2015 година), се пристапи кон изработка на Студија за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид. Како причини за тоа се: обезбедување посебни услови за трајно зачувување на спомeничката целина и за отстранување на причините кои ги загрозуваат нејзините вредности, како и заради координирано реализирање на заеднички иницијативи, акции или проекти за заштита, уредување, користење и ревитализација на спомeничката целина на Старото градско јадро на Охрид. Изработката е и законска обврска на Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид и градоначалникот на општината Охрид. Имено со Старото градско јадро на Охрид во името на Република Македонија управува Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, а во името на локалната заедница управува општината Охрид. Планот треба да го донесе Управниот одбор на Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, на предлог на директорот, а по претходна согласност на општината Охрид.

Проектот ,,Студија за интегрирана заштита на старото градско јадро (предлог план)” е спроведен во рамките на програмата за децентрализирана соработка помеѓу Р.Македонија и Долна Нормандија во Франција со чии претставници од областа на заштитата на културното наследство беа реализирани средби со размена на знаења и искуства. Во рамките на соработката се финансира изработка на студија (план) за заштита на старо градско јадро во рамките на проектот, која е изработена од страна на консултантската компанија Таргет Комуникации ДООЕЛ Скопје.

**Претходни активности на Н.У. Завод и Музеј Охрид и Локалната самоуправа на Општина Охрид во однос на Интегрираната заштита на старото градско јадро на Охрид**

Интегрирана заштита е севкупност од мерки за зачувување и активно вклучување на недвижното културно наследство во животот на заедницата како фактор на одржлив општествен развој, особено во областа на планирањето и уредувањето на просторот, инвестициската изградба, заштитата на животната средина и природата и друго. Интегрираната заштита во Европа и светот се применува веке 40 години (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита), а релативно нова активност на овие простори (вметната во законот за заштита на културното наследство – 2004). Со цел подобра изработка, а покасно и спроведување на планот за интегрирана заштита, НУ Завод и Музеј – Охрид како и Локалната самоуправа на општина Охрид активно, преку нивни претставници, учествуваа на неколку меѓународни проекти, конференции и семинари.

- Двегодишниот проект (EVAH/ European Values in Heritage), со конференции во 4 различни градови Метсово (Грција), Охрид (Македонија), Призрен (Косово) и Гирокастро (Албанија) 2011-2012. http://www.euheritagevalues.org/ кој резултира со публикација на книга, водич и ДВД за промоција на вредностите на 4 –те градови како и **прирачник за изготвување на план за интегрирана заштита и управување со културното наследство во историски градови**. Тој прирачник се користи како појдовна основа и за оваа изработка на план за интегрирана заштита.
- Учество на (CIFAL - UNITAR) конференција и работилница на тема "Планирање за одржлив урбан развој" 4-6-ти Октомври 2011 Плоцк, Полска, http://www.unitar.org/ldp/cifal-plock на кој се претставени различни позитивни примери за **одржлив развој во историски градови**.
- Спроведуање на проектот - ‘’СУСТКУЛТ” (SUSTCULT) во соработка со НУ Завод и Музеј Охрид и Локалната самоуправа на Општина Охрид. Проект за Одржлив развој во културното наследство во чии рамки се спроведе и интерактивен курс за **Интегрирано управување со културното и светско наследство** - Training course on “Integrated Management of Cultural and World Heritage Sites”, на кој активно учество имаа претставници од двете установи, еден од крајните производи на проектот е планот за управување со културното наследство.http://www.sustcult.eu/
- Во периодот од 15 до 18 јули 2012 во Охрид се одржа манифестацијата - Денови на архитектурата, во која една од темите беше и "**Интегрирана заштита - теориски и практични аспекти**" со гостинот од Националниот конзерваторски центар, г. Јован Ристов – искусен толкувач на правните

аспекти на заштитата на културното наследство и познавач на состојбите во Европа и во светот. Тука дадоа свој прилог и архитектите Зоран Павлов, Анастасија Трајковска и др. со што, како што напомна професорот М-р Кокан Грчев (Американ колеџ), ...се поттикна актуелизација на проблем со кој ние како факултет, асоцијација, национална установа, постојано се судруваме низ секојадневната практика, а тоа е контекстот и методологиите на интегрираната заштита.
http://www.porta3.com.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=3358&Itemid=121

- Во соработка со Младински Совет се оствариja неколку посети на НУ Завод и Музеј Охрид и Општина Охрид од страна на ученици од различни основни училишта од Охрид и околината и се запознаваа со работните задачи и обврски за зачувување и промоција на културното наследство. Со тоа се јакне и свеста кај младите за тоа што значи, како се чува и промовира културното наследство кое го поседува градот Охрид со што се направија почетоци за **Интегрирање на културното наследство во школскиот систем**.
http://www.facebook.com/media/set/?set=a.291726400859710.76735.100000670564204&type=3
- Секојдневните активности во кои спаѓаат изработка на елаборати за ревалоризација како и заштитно конзерваторски основи за изработка на ДУП-ови се дел од активностите кои спаѓаат во **интегрирана заштита согласно законот за заштита на културното наследство**(Сл. Весник на Р. Македонија бр .20/2004, 71/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15) и најновите измени и дополнувања на законот (Сл. Весник на Р. Македонија, бр 154 од 04.09.2015 година).
- Со учество на разни семинари и конференции се јакнат капацитетите на општината и НУ Завод и Музеј, во поглед на **интегрирано управување со историското јадро** како што е соработката преку Проектот организиран од „CHwB“ Културно наследство без граници. Семинар во Охрид 10-14 Октомври. http://www.chwb.org/regional/
- На крај, но не и последно, мора да се спомене и **Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион** - Светско културно наследство, кој обезбедува визија за иднината на природното и културното наследство на Охридскиот регион како дел од Листата на светско наследство на УНЕСКО со цел да ја зачува универзалната вредност и исклучителното значење на заштитениот регион, како придобивка за идните генерации, истовремено грижејќи се за зачувување на автентичноста и интегритетот на вредностите. (Скопје-Охрид, април 2015 год, драфт верзија)
- Во континуитет на соработката со УНЕСКО е и проектот за проширување на УНЕСКО регионот на Охридското Езеро со делот кој припаѓа на Република Албанија, EU-UNESCO project "Towards strengthened governance ofthe shared transboundary natural and cultural heritage of the Lake Ohrid

region", во чии ремки се одржуваат низа семинари и работилници за прекугранична соработка кои ќе водат кон **зајакнато управување на заеднички прекугранични природно и културно наследство во регионот на Охридското Езеро**.http://whc.unesco.org/en/lake-ohrid-region/

**Содржина:**

Предговор ... 3

Претходни активности на Н.У. Завод и Музеј Охрид и Локалната самоуправа на Општина Охрид во однос на Интегрираната заштита на старото градско јадро на Охрид ... 5

Вовед ... 10

За планот за интегрирана заштита ... 12

Опис на доброто ... 15

1. Преглед (број, големина, сегашна намена, валоризација/ревалоризација, идна намена) на недвижното културно наследство во составот на споменичката целина ... 18

Функција и намена на доброто ... 21

Сегашна намена ... 22

1. Приказ и оцена на состојбите со одделни делови или градби во составот на споменичката целина ... 24

Состојба на недвижното културно наследство ... 24

2. Предлози за санација, заштита, изградба и измена на намените на градбите во состав на споменичката целина (програма за реализација на проекти-фасади) ... 83

Предлог мерки во идниот план за интегрирана заштита: ... 89

4. Приказ на организација и динамика на изведување активности врз комуналната инфраструктура ... 93

Постојна состојба на инфраструктурата ... 93

5. Приказ на потребните средства за спроведување на Планот ... 97

Предлог активности ... 97

Акциски План: ... 98

6. Планирање на урбаниот развој и урбаната рехабилитација ... 103

7. Идентификување на потенцијални фактори и ризици кои ги загрозуваат вредностите на културното наследсво ... 106

Фактори кои го загрозуваат културното наследство и урбанистичко архитектонските вредности ... 108

Фактори кои ги загрозуваат културно-уметничките вредности ... 109

Фактори кои ги загрозуваат општествено-економските вредности ... 110

Ризици кои произлегуваат од природни и елементарни непогоди, климатски промени ... 111

Намалување на сеизмичкиот ризик ... 111

Намалување на ризикот од пожари ... 113

Намалување на ризикот од поплави ... 115

8. Развивање активности за подигнување на јавната свест за значењето на културното наследство ........ 116
9. Утврдување насоки за развој на културниот туризам во согласност со принципот на одржлив развој ........ 120
Развивање активности за издавање научни и стручни публикации, публикации од информативен карактер и слично ........ 126
10. План за интегрирана заштита ........ 128
Стратешки Акциски план ........ 133
Културно наследство по комплекси ........ 137
Културно наследство по категории ........ 143
Анекс 2 ........ 157
Предлог - програмата за реализација на проекти-фасади ........ 157
Анекс 3 ........ 159
Синтезни планови ........ 159
Анекс 4 ........ 174
СПИСОК на меѓународни конвенции и меморандуми кои се однесуваат на соработката со УНЕСКО ........ 174
Библиографија ........ 178

**Вовед**

Искуствата од вакви и слични активности и работилници кои често се посветени на размена на искуства помеѓу градовите, се искористени во креирањето и на овој план за интегрирана заштита. Искуството од Европските градови е тоа дека скоро секаде се посветени на одржливиот развој кој подразбира вклучување на **социјалната, економската и еколошката компонента** во развојот на градовите. Посветување повеке внимание на отворениот простор заради социјализација и ангажирање на локалното население во економските активности заради спречување на раселување и заштита на природното и културното наследство. Во главно, и во другите градови се констатираат истите проблеми со кои се соочува и Охрид како што се: недоволен кадар во институциите за планирање на просторот и во заштитата на културното наследство, учеството на јавноста и другите чинители во процесот на планирање, транспарентноста и навременото информирање, примена на современи технологии и пристапност на информации од институциите до јавноста, јавно – приватно партнерство, политичкото влијание и сл. Особено е интересно што во повеке земји од централна Европа постојат министерства за регионален развој кои се посветени на просторното планирање во чиј склоп е вграден одржливиот урбан развој на градовите. Во случајот со Охрид во смисла на одржливиот развој е потенцирана заштитата на природното и културното наследство на Охрид со негово промовирање како туристичка атракција која ќе води и до социо-економски развој и подобар живот на сегашните и идни генерации.

Најголем проблем и покрај сета донесена законска регулатива од областа на урбанизмот и планирањето е нивната **имплементација** како и **мониторингот**, вреднувањето на активности и повторната обработка. Што занчи процесот мора да биде цикличен со постојано надоградување и решавање на проблемите. (види шема на интегриран систем на управување)

Во сета оваа консталација е и Закон со кој старото градско јадро на Охрид се прогласува за културно наследство од особено значење, а од кој произлегува обврската да се изготви план за интегрирана заштита и управување со споменичката целина како и изработка на нови детални урбанистички планови за споменичката целина, со што ќе се подобри управувањето со стариот дел на градот во однос на одржлив развој и заштита на културното наследство.

## *ДЕЛ 1*

## За планот за интегрирана заштита

Заради спроведување на планот потребно е да се даде **преглед на недвижното културно наследство** во составот на споменичката целина, како и **приказ и оцена на состојбите со одделни делови или градби** во составот на споменичката целина; **предлози за санација, заштита, изградба и измена на намените на градбите** во состав на споменичката целина; **приказ на потребните средства за спроведување на Планот**; приказ на организација и динамика на изведување **активности врз комуналната инфраструктура**; **планирање на урбаниот развој и урбаната рехабилитација; идентификување на потенцијални фактори и ризици кои ги загрозуваат вредностите на културното наследсво**; развивање **активности за подигнување на јавната свест** за значењето на културното наследство; утврдување **насоки за развој на културниот туризам** во согласност со принципот на одржлив развој, развивање активности за издавање научни и стручни публикации, публикации од информативен карактер и сл.

**Интегрираната заштита** како севкупност од мерки за зачувување и активно вклучување на недвижното културно наследство во животот на заедницата е и фактор на одржлив општествен развој, особено во областа на планирањето и уредувањето на просторот т.е. одржливиот урбан развој *(види табела 1)*, инвестициската изградба, заштитата на животната и природата средина и друго

| УРБАНИЗАМ | |
|---|---|
| НЕГАТИВНОСТИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИОТ УРБАНИЗАМ | ПОЗИТИВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОДРЖЛИВИОТ УРБАНИСТИЧКИ РАЗВОЈ |
| Социјална стагнација ➡ | Социо-економски развој |
| Миграција ➡ | Демографски развој |
| Мала економска вредност ➡ | Зголемена вредност на градежно земјиште |
| Цврст отпад ➡ | Управување со отпад |
| Дивоградби ➡ | Легализација |
| Стагнација на стопанството ➡ | Стопански развој |
| Намален буџет ➡ | Зголемени примања |
| Слаб економски развој и инвестиции ➡ | Нови инвестиции |
| Нарушено здравје ➡ | Посреќни жители |

***Табела 1. Еден од основните елементите на интегрираната заштита е и одржливиот урбан развој***

Еден од првите трудови на овие простори од областа на интегрирана заштита се дадени од Снежана Герасимова-Матеска (2010) и Јован Ристов (2011) од правен аспект.

Повеќеслојноста на животот на човековото битие како и слоевитоста на проблемот, бара подлабока анализа на проблемот со губењето на автентичноста на старото градско јадро. Проблемите можат да се поделат во три основни групи и тоа:

институционални, социолошки и економски. Во институционалните проблеми се детектираат: законските прописи, кадровски и технички проблеми. Од социолошки аспект можат да се споменат: јавната свест, невработеноста, сиромаштијата, како и емотивниот аспект на поврзување со просторот. Економските причинители се поврзани со недостаток на средства, застарени и руинирани објекти, скапо одржување и сл.

Иако овие се само дел од идентификуваните проблеми за кои може да се даде и соодветен пример од реалноста, постојат и низа други подгрупи кои можат да бидат предмет и на други дискусии како што се прашањето за социјалната структура на населението и демографскиот раст и миграцијата во старото градско јадро.

***Интегрирано управување.*** Како основен коцепт за надминување на проблемот е системот на интегрирано управување од кој ќе произлезе прегледот на основната цел, постапки за спроведување, надзор, оценка и евалуација. После добро обмислен концепт според препораките од Амстердамска декларација донесена во 1975 (Совет на Европа, 2008), се дефинираат приоритетите и релевантните учесници. Како следен чекор е дефинирање на специфични цели, мерки и активности, економска анализа и акционен план. Спроведувањето на вака дефинирана стратегија не би можела да се реализира без политичка волја, па така следен круг би бил политичкиот ангажман за усвојување на стратешките планови како и делување на свеста и посветеноста на граѓаните. Спроведувањето и надзорот е клучен дел од кругот на интегрирано управување, а тоа ќе се постигне со спроведување на специфични мерки за спроведување на планот како и користење на показатели за напредување. Оценката е петтиот чекор во кругот и подразбира во една разумна временска рамка од 5 години, да се даде преглед и оценка на успешноста од спроведувањето на мерките од планот. Бидејќи планот е флексибилен и променлив и оди во циклуси по истиот редослед заради отстранување на одредени недостатоци од претходниот циклус *(види табела 2).*

КРУГ НА ИНТЕГРАЛЕН СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ




***Табела 2.Приказ на круг на интегриран систем на управување***

Доплнителна сатисфакција е и законската обврска која произлегува од законот за Охрид[1] за донесување на план за интегрирана заштита која би требало да биде ратификувана од Градоначалникот и од Советот на Општина Охрид.

Еден од главните принципи на управувањето е учеството на најзначајните субјекти кои носат и спроведуваат одлуки на локално, регионално и државно ниво.

[1] Закон за прогласување на стариот дел од градот Охрид за културно наследство од особено значење

**Опис на доброто**

Денешниот град Охрид спаѓа во редот на ретките балкански градови, кои без прекин опстојувале низ целиот антички период, кои го преживеале пропаѓањето на таа цивилизација и под ново име се одржал до денес. На овој древен град се менувале цивилизациските достигнувања, следени со неопходните пропаѓања и растења. Исклучително поволната географска положба, заедно со останатите привлечни природни околности, овозможила континуиран живот на овој простор, од времето на мугрите на човечката цивилизација, преку праисториските и историските епохи до денес. Ридот е всушност полуостров кој по својата конфигурација има два дела: едниот, повисокиот, го зафаќа западниот простор и го носи називот Горни Сарај и Високо Кале, а другиот, понискиот го зафаќа источниот дел и го носи името Дебој. Меѓу нив е формирана долина, седлест премин кој благо се проширува и се спушта кон југ, до брегот на езерото.

Археолошките сознанија во поново време нудат се почесто корекции на некои претпоставки што произлегуваат од еднострани проучувања од причина што и не можело да биде поинаку поради сиромаштвото со разнородна граѓа. Археолошките податоци се уште скромно, но доволно ги поткрепуваат речиси сите три фази од развојот на градската населба и градот Лихнидос, предурбаната фаза, протоурбаната фаза и урбаната фаза. **Пред-урбаната населба** би била сместена на западниот брег од Варош, на терасите од Горни Сарај и Високо Кале. Во **прото-урбаната фаза** населбата се шири кон југ зафаќајќи го и просторот на Плаошник и кон исток до хеленистичката гробница од македонски тип на улицата “Браќа Миладиновци”. Со изградбата на Античкиот театар кон крајот на хеленистичкиот период градот Лихнидос веќе влегува во **урбаната фаза** од својот развој (В. Битракова Грозданова). Според наведениот автор, “поголемиот дел од утврдувањето на градот во хеленистичкиот период се поклопува со ѕидините кои се обновувани во доцната антика на потегот северно од Високо Кале и Горни Сарај и на југозападната страна”.

Тоа што Лихнидос во овој период е епископско седиште особено се одразило во урбанизацијата на градот со здобивање на нов глобален изглед во архитектонската смисла. Имено, со археолошките ископувања досега се констатирани седум базилики во стариот дел на Охрид (што сигурно не е и конечен број), со временска припадност на IV, V и на почетокот на VI век и со такви архитектонско-декоративни одлики кои неминовно укажуваат на силен подем и сјај на Лихнидос во оваа насока.

Просторно градот во ова време е проширен и кон источниот, понискиот дел од ридот, каде што, како што е веќе споменато, на локалитетот Дебој е откриена трикорабна старо христијанска базилика која, хронолошки и симболично, на некој начин претставува мост (во стратиграфска смисла) или

премин на античкиот Лихнидос во средновековниот Охрид. Истовремено, во овој доцно античко-старо христијански период Римското Царство, пред и по поделбата на Источно и Западно (395), било потресувано од наездата на варварските народи. Кон крајот на IV век Лихнидос веројатно прв пат (ако се исклучат 60-те години на III век, кога Готите поминале преку Епир и Македонија) бил цел на германските племиња, а во 447 година можеби на хунските орди на Атила. Во 478 година прочуениот готски војсководец Теодорик, по разурнувањето на Стоби и по заобиколувањето на Хераклеја (која ја поштедил поради подароците што ги добил од владиката), со својата војска му се настрвил на Лихнидос, но не можел да го заземе ''затоа што градот лежел на утврдено место и изобилувал со храна и извори меѓу ѕидините''. Дека градот бил под тешка опсада на Готите (која траела и во 479 година) потврдуваат и археолошките ископувања извршени кај северниот дел од тврдината (месноста Дебој) во 1964 година.

Немирните времиња и честите закани од варварските војски во овој период ги терале првенците на градот да ја обновуваат тврдината. Поголемиот дел од денес видливите ѕидини, особено на северната и западната страна, се изградени врз темели поставени уште во III век п.н. е. , додека некои партии на северната и на источната страна се подигнати најдоцна во IV век од новата ера, кога во рамките на утврдениот дел од градот влегол и просторот од местото Дебој. Доцно античкиот начин на градење е регистриран на некои места на тврдината по оштетувањата настанати во фасадните доградби на средновековието.

Користејќи ги фундаментите и зачуваноста на знаменитата тврдина, врз темелите од уништениот Лихнидос израснал нов град – средно вековниот Охрид.

Како изгледал Охрид во средниот век може само да се претпостави. Грчките имиња Месокастро и Егзокастрони укажуваат дека надвор од градските ѕидини сигурно имало живеење, а со тоа и економски дел од градот, бидејќи во средновековните градови занаетчиските услуги и трговската размена се одвивале надвор од ѕидините, во подградието.

Охридската чаршија со старите занаети започнала да се развива многу одамна како логичен хоризонтален завршеток покрај ридот кој бил живеалишен, верски и културен центар. Охридското поднебје било богато со производи за кои имало интерес и надвор од границите на казата и низ него минувале значајните сообраќајни артерии на Балканскиот Полуостров, меѓу кои и античкиот пат Виа Игнација.

Профаната архитектура до почетокот на XX век покрај органската методика и безимениот мајстор – неимар го оформува и му дава живот на просторот затворен во куќата. Условите на минималното градилиште го

принудиле да ја усвои концепцијата на вертикална поделба. Економија во приземјето, кое често е вкопано во теренот во наклон, простории за живеење на средината, а највисоко, репрезентативни одаи, отворени за сонце и воздух. Оваа проста шема, во практиката е реализирана на безброј начини и пристапи, и во најразлични варијанти, во зависност од спецификите на подлогата, материјалните можности на сопственикот, осончувањето, погледите и т. н.

Комуникациите во куќите се многу слични на крвотокот на живите организми и се провлекуваат, течат низ сите “нитки” на куќата, ги поврзуваат сите простории. Тие се комбинација на слободно поставени и логични површини, кои ќе се најдат секогаш таму каде што има потреба и со облик и големина која ја налага потребата. Скалите не се стремат кон единствена вертикала, тие се разиграни, помали, поголеми, се движат во различни правци и сраснати се со целината. Просторот е жив, флуиден и јасен, употреблив со минимум напори.

Заради исклучителната вредност и пред сѐ поради концентрацијата на културните добра старото градско јадро на Охрид е ставено под режим на заштита како споменичка целина со решение бр. 07-57/1 од 28.03.1968 донесено од Завод за заштита на спомениците на културата – Охрид.

Елаборираните карактеристики придонесоа, Охридскиот регион вклучувајќи го и Езерото да биде впишан на Листата на светско наследство на УНЕСКО, под името: „*Охридскиот регион со неговите културни и природно-историски аспекти и неговата еколошка средина”*, под број МК - 99 во 1979 год. како природно наследство, а заради своите културни вредности, во 1980 год. како културно наследство. (Република Македонија доставува периодични извештаи за состојбата со Охридскиот регион како природно и културно-историско подрачје).

**1. Преглед (број, големина, сегашна намена, валоризација/ревалоризација, идна намена) на недвижното културно наследство во составот на спомeничката целина**

Спомeничката целина е поделена на 19 комплекси кои претставуваат логички блокови формирани по оските на одредени улици околу некој значаен споменик по кој секој блок го добил и соодветното име. Околу спомeничката целина се формира и контактна зона која исто така подлежи на соодветен режим на заштите.

Површина :
- Спомeничка целина : 87 ha 62 a 47 $м^2$
- Контактните зони : 80 ha 77 a 60 $м^2$
- Вкупно на целото заштитено подрачје : 168 ha 40 a 07 $м^2$

*ПОВРШИНИ НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА ПО КОМПЛЕКСИ*

| Бр | Комплекс | Под објекти | Дворови; Ниви; Градини; Неплодно | % на изграденост | Улици; Јавни површини | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ТАБАНА | 46 a 71 $m^2$ | 11 a 08 $m^2$ | 81% | 2 ha 18 a 22 $m^2$ | 2 ha 76 a 01$m^2$ |
| 2. | БОЛНИЧКИ | 25 a 45 $m^2$ | 28 a 72 $m^2$ | 47% | 12 a 74 $m^2$ | 66 a 91 $m^2$ |
| 3. | МАЛ СВ.КЛИМЕНТ | 28 a 77 $m^2$ | 39 a 80 $m^2$ | 42% | 15 a 46 $m^2$ | 84 a 03 $m^2$ |
| 4. | РОБЕВЦИ | 41 a 01 $m^2$ | 52 a 93 $m^2$ | 44% | 39 a 46 $m^2$ | 1 ha 33 a 40$m^2$ |
| 5. | РАДНИЧКА | 58 a 28 $m^2$ | 87 a 84 $m^2$ | 40% | 41 a 55 $m^2$ | 1 ha 87 a 67$m^2$ |
| 6. | СВ.СОФИЈА | 44 a 56 $m^2$ | 35 a 55 $m^2$ | 56% | 52 a 67 $m^2$ | 1 ha 32 a 78$m^2$ |
| 7. | ДОЛНИ САРАЈ | 12 a 21 $m^2$ | 14 a 56 $m^2$ | 46% | 74 a 84 $m^2$ | 1 ha 01 a 61$m^2$ |
| 8. | КАНЕО | 42 a 89 $m^2$ | 1 ha 03 a 33$m^2$ | 29% | 1 ha 61 a 81$m^2$ | 3 ha 08 a 03$m^2$ |
| 9. | ПЛАОШНИК | 18 a 14 $m^2$ | 4 ha 95 a 21$m^2$ | 3,5% | 2 ha 94 a 26$m^2$ | 8 ha 07 a 61$m^2$ |
| 10. | СВ.ВРАЧИ | 63 a 84 $m^2$ | 1 ha 25 a | 34% | 1 ha 07 a | 2 ha 96 a 96$m^2$ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ГОЛЕМ | | 15m$^2$ | | 97m$^2$ | |
| 11. | САМ. ТВРДИНА | 35 а 08 m$^2$ | 7 ha 58 a 73m$^2$ | 4,4% | 8 ha 51 a 60m$^2$ | 16 ha 45 a 41m$^2$ |
| 12. | ГОРНА ПОРТА | 41 a 73 m$^2$ | 85 a 13 m$^2$ | 33% | 1 ha 09 a 08m$^2$ | 2 ha 35 a 94m$^2$ |
| 13. | СВ.БОГ.ПЕРИВЛЕПТА | 28 a 93 m$^2$ | 77 a 69 m$^2$ | 27% | 2 ha 88 a 74m$^2$ | 3 ha 95 a 36m$^2$ |
| 14. | ЧАРШИЈА | 1 ha 20 a 19m$^2$ | 81 a 92 m$^2$ | 60% | 1 ha 27 a 78m$^2$ | 3 ha 29 a 89m$^2$ |
| 15. | МЕСОКАСТРО | 1 ha 59 a 00m$^2$ | 2 ha 12 a 91m$^2$ | 43% | 1 ha 75 a 30m$^2$ | 5 ha 47 a 21m$^2$ |
| 16. | ЧИНАР | 1 ha 00 a 09m$^2$ | 2 ha 82 a 21m$^2$ | 26% | 98 a 33 m$^2$ | 4 ha 80 a 63m$^2$ |
| 17. | КОШИШТА | 99 a 05 m$^2$ | 1 ha 62 a 24m$^2$ | 38% | 4 ha 49 a 22m$^2$ | 7 ha 10 a 51m$^2$ |
| 18. | ВОСКА | 72 a 89 m$^2$ | 2 ha 42 a 47m$^2$ | 23% | 4 ha 46 a 52m$^2$ | 7 ha 61 a 88m$^2$ |
| 19. | КЕЈ | | | | | 10 ha 06 a 90m$^2$ |
| | | | | | ВКУПНО | 85 ha 08 a 74m$^2$ |

| Име | Место | Број на решение | Дата на донесување | Број на Централен регистер | Матичен број |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ ОД ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН | Охрид | 30 COM 8B.9 | 8-16.07.2006 | | |
| ОХРИДСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ПОДРАЧЈЕ | Охрид | 03-461 | 08.12.1978 | 1049 | 4-819-038/009 р нд |
| СТАРИОТ ДЕЛ НА ГРАДОТ | Охрид | 07-57/1 | 28.03.1968 | 924 | 4-819-038/064 р нд |

Спомeничката целина е поврзана и со поединечни заштитени добра кои претходно се валоризирани и за кои се донесени поединечни решенија. Во понатамошниот текст ќе направиме преглед на поединечни добра по комплекси. Бројот на доброто се поклопува со бројот во табела и графички прилог во Анекс 1.

**Функција и намена на доброто**

*Изворна функција:*

Стариот град бил поделен на повеќе маала (Варош, Месокастро, Кошишта, Канео, Воска, Мазија) кои во себе содржеле и помали под маалски поделби како што се: “Ј'но”, “Сараиште”, “Табана”, “Грдано” и слично, а кои што топоними и денес се уште се употребуваат. Градот бил поделен и на 9 црковни енории, кои што денес не постојат како такви.

Градот изобилувал со сакрални објекти како од православна, така и од муслиманска вероисповед. Постои легенда која вели дека во Охрид имало 365 цркви.

Првобитната функција на профаните објекти во јадрото била домување, со исклучок на мал број на објекти кои во приземјето имале мали дуќани за потребите на околните жители. Имало повеќе маалски фурни, бакалници, кондураџиски работилници и сл. Тие се наоѓале на потегот од Горна до Долна порта и во маалото Месокастро.

*Од ваквата организација отстапува:*

-просторот наречен Табана кој што претставувал врска со пазарот и чаршијата, со густо лоцирани дуќани од разни занаети, а посебно табачаните чија технологија е поврзана со Езерото.

-проширеното плато (денешниот плоштад) на кое постоел житен Пазар, поврзан со водените патишта до Подградец и Лин (трговијата се вршела со чунови ).

-чаршијата чиј што центар се наоѓал кај стариот чинар каде се спојувале неколкуте занаетчиски улички. Чаршијата го претставувала јадрото на градот, срцето и крвотокот на градот, на сите движења, случувања и настани. Овој традиционален континуитет може да се следи до 30-тите години на XX век. со сите негови содржини: занаети, анови, амами, крчми и друго, кои ги задоволувале сите потреби на граѓаните.

За време на османлиското владеење Охрид бил еден од главните центри на занаетчиството и трговијата во Охридската каза. Од периодот на XVIII и XIX век се уште се сочувани поголем број на дуќани.

Физиономијата на градот, а со тоа и на чаршијата се оформила некаде во XIX век кога занаетите го забележуваат и најголемиот процут.

Меѓу двете светски војни со економскиот подем и чаршијата го менува својот лик, па место бондручните објекти почнуваат да се градат објекти со нео

класицистички обележја и елементи. Во тој период се градат угостителски објекти како хотелите “Српски Краљ” (“Радиќ”) кај денешниот плоштад и “Солун” (“Баба Ката”) кај денешниот рибен ресторан, потоа ресторанот “Велика Србија” (“Ориент”) и кафето “Теферич” кое било сместено под сенката на стариот чинар, како и многу други анови и кафеани.

Кај поранешната дрвара, покрај езерото, се наоѓал “ат пазар” или “ајван пазар”.

Во старото градско јадро имало и три училишта : Радничка школа, Св.Климент и Св.Сава.

**Сегашна намена**

Сакралните објекти (17 цркви, 4 џамии и 2 турбиња) функционираат како такви, но дел од нив се користат само во празнични денови, а исклучок е црквата Св.Софија која во текот на Фестивалот Охридско Лето се користи и како простор за одржување на концерти најчесто за изведба на класична музика заради акустичноста на просторот.

Во рамките на Комплексот на црквата Св. Богородица Перивлепта, еден од некогашните конаци, е адаптиран во современа Галерија на икони.

Оформените станбени низи чија што функција воглавно била живеење или комбинирано со дуќани, со општествено економските промени претрпеле и одредени промени во функцијата и тоа во смисла на: отворање на локали во објектите, приватно сместување на туристи, како и објекти кои се напуштени или пак објекти кои се користат повремено - во текот на викенди или преку летниот период. Исклучок претставуваат: Куќата на Робевци, Куќата на Григор Прличев и Куќата на Христо Узунов кои сега функционираат како музеи.

До Куќата на Робевци, од запад, на местото од станбен објект, денес постои музејски културен центар – “Лапидариум”.

Во денешниот комплекс Табана биле познатите табачани од кои денес е зачувано името, но по функција денес тука се наоѓаат бројни локали и деловни простори измешани со домување.

Чаршијата се уште претставува единствен градски центар и просторно и по својата функција, претставува срце на крвотокот на градот. Во нејзина близина се наоѓаат најважните административни објекти како: пошта, банка, суд, општина, центар за култура. Таа ја чува старата историска линија со низи од дуќани на ситни парцели без некое прецизно зонирање на дејностите.

Треба да се напомене и тоа дека во рамките на развојот на угостителството и туризмот голем дел од слободните површини се претворени во отворени тераси-локали, кои ги има во стариот дел, покрај брегот како и долж чаршијата.

Во старото градско јадро имало и три училишта кои денес веќе ја немаат истата функција : Радничка школа (денес е управна зграда на Н.У.Завод и Музеј - Охрид), Св.Климент (денес се користи од Македонската Православна Црква, Дебарско Кичевска Епархија) и Св.Сава ( напуштено е и без функција-сопственост на АД Гранит).

Со реконструкција на античкиот театар истиот ја добива својата изворна функција со повремено одржување на културни манифестации.

Со реконструкција на Самуиловата тврдина истата добива функција на атрактивен туристички локалитет.

## 1. Приказ и оцена на состојбите со одделни делови или градби во составот на споменичката целина

### Состојба на недвижното културно наследство

Една од основните карактеристики што се однесува за состојбата на недвижното културно наследство во старото градско јадро на Охрид е сочуваноста на урбаната структура на градот и уличната мрежа со куќи изведени на минимален простор, во рамките на постојните габарити и висини, кој со реконструкција или факсимилна обнова, како и вметнување на нови локации на напуштени простори кои драстично не ја нарушиле препознатливата панорама на градот. Поголеми измени градот има претрпено во 90-те години од XX век кога современиот урбанизам не ги почитуваше методологијата и принципите на заштитата. Во тој период извршени се поголеми измени на објектите во централното градско подрачје со изградба на објекти со големи габарити и висини и со несоодветна архитектура (пример во комплекс Кеј). Во овој период се изведени и многу поткровни простори на постојните објекти кои не се во духот на охридската архитектура и претежно се диво изградени.

Исто така и контактната зона до скоро не беше третирана во планската документација. На тој простор се изградени голем број висококатници кои се поставени паралелно со езерскиот брег во подножјето на старото градско јадро. Со ваквата поставеност на објектите во голема мера се променија климатските специфики на просторот и визурите.

Во последните години масовно се врши преадаптација на приземните делови од објектите со што им се дава нова намена за потребите на угостителството и туризмот кои на некој начин претставуваат основни дејности на населението во градот.

Крајбрежјето на Охридското Езеро беше узурпирано со времени угостителски објекти со што се загрозуваше пристапот но и визурите кон езерото и поширокиот предел. Ваквата лоша слика со диво поставени времени објекти без некаков ред и валиден проект, престана после измените во законската регулатива во планирањето на просторот со усвоење годишна планска програма за поставување на времени објекти пред почетокот на туристичката сезона. Охрид е еден од ретките градови кој има кеј кој функционира како таков во еден дел од градот, а во останатиот дел со индивидуални објекти кои со своите дворови граничат со езерото. Со еден од деталните урбанистички планови предвидено е во тој дел од градот наместо кеј, да се оформи пешачка патека која ќе го поврзува центарот на градот со населбите Канео и Лабино, а можеби ќе се протега и до градската плажа, односно до Грашница. (проектот е во фаза на изработка).

Кога се зборува за општата состојба на сочувувањето на добрата во старото градско јадро не може да стане збор за целосна сочуваност на старата урбана архитектура. Дел од профаните објекти се целосно руинирани, со што ги изгубиле архитектонските, градителските и материјалните вредности. Изградени се и нови објекти без карактеристичните архитектонски фасадни елементи, со одредени доградби, надградби или поткровја кои ја загрозуваат рамнотежата на просторната структура по висина, се затвораат визури, се нарушува инсолацијата на околните објекти. Сѐ ова придонесува за една сосема поинаква густина на населеност и процент на изграденост. Дел од овие објекти не се користат во текот на целата година, односно се користат како викенд куќи.

За профаните објекти кои не се во приватна сопственост, односно и припаѓаат на Р.Македонија, а кои истовремено претставуваат културни добра (музејски згради), за нивното одржување, санација, конзервација и ревитализација се грижи Министерството за култура преку надлежните установи за заштита. Но, треба да се истакне и дека НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид континуирано работи и на конзервација, реставрација и ревитализација и на профани објекти во приватна сопственост со финансиска поддршка од Министерството за култура. (*види анекс 1 - проект за обнова на фасади*).

Христијанските сакрални објекти (цркви) се во релативно стабилна состојба. Се преземаат конзерваторски и санациони работи кои во главно се однесуваат на заштита на кровните површини и статичко зајакнување, додека пак фасадите и дворните површини многу ретко се третирани. Посебен проблем претставува општата загрозеност на живописот во најголемиот дел од црквите. Континуираното тековно одржување е задолжително како превентива.

Исламските сакрални објекти (џамии) се во релативно стабилна состојба. Има и објекти кои што се доста запоставени и каде што треба да се предвидат адекватни конзерваторски и санациони мерки во соработка со НУ Завод и Музеј Охрид и Министерството за култура.

Монументалните градби, како што се Античкиот театар и Самуиловата тврдина сѐ уште се во фаза на доистражување, санирање и презентирање иако веќе се делумно ревитализирани и достапни за пошироката јавност.

Археолошките локалитети кои се во рамките на заштитената целина се превентивно заштитени и презентирани. Исклучок претставува локалитетот Плаошник каде што поголемиот дел е конзервиран и презентиран, иако сé уште се во тек истражувачки активности. Треба да се нагласи дека дел од откриените археолошки остатоци на овој локалитет се инкорпорирани во

градбите од проектот за Возобновувањето на Светиклиментовиот универзитет и истите ќе бидат соодветно презентирани и во новоизградениот археолошки музеј во тој комплекс.

Со промена на економските, социјалните и општествените прилики се менува функцијата на одредени објекти така што дел од профаните објекти се ориентираат кон развој на културата (музеи и музејски згради), туризам и угостителство и други дејности, а дел од сакралните објекти функционираат по потреба, односно на соодветните верски празници.

За деградација на просторот придонесува и развиениот моторен сообраќај и како движење и како потреба од паркирање на секое слободно место покрај објектите. Уличната мрежа е релативно зачувана, но факт е дека некогашните пешачки или колски улички се преоптоварени со моторен сообраќај.

Постоењето на повеќе урбанистички планови предизвикува преклопување на делови од просторот и неможност на согледување на органското живеење на старите градови како целина. И покрај тоа, во општина Охрид постои усогласување на поголем дел од урбанистичките планови во однос на генералниот урбанистички план со деталните урбанистички планови во однос на намената, како и за старото градско јадро на Охрид кое е разработено со детален урбанистички план како една целина (која вклучува 19 помали комплекси).

Во последните 20 години во поглед на заштитата на културното наследство на Охрид и регионот реализирани се капитални проекти финансирани од страна на Владата на РМ кои во голема мера придонесуваат за развојот на културниот туризам во градот. Изработена е обемна документација од археолошките истражувања што се вршени на просторот од археолошките локалитети: Плаошник, Антички театар, Самуилова тврдина, Енгелана како и од подводните археолошки истражувања кои се вршени во Заливот на коските на брегот на Охридското Езеро. Извршена е конзервација и реставрација на Античкиот театар, Самуиловата тврдина, возобновена е Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон на Плаошник, извршена е конзервација на неколку објекти од профаната и сакралната архитектура, изработени се голем број на елаборати за валоризација и ревалоризација на културното наследство и Заштитно-конзерваторски основи кои претставуваат насоки за урбанизација на просторот на Охридскиот регион.

Согласно законските обврски на институциите задолжени за заштита на културното наследство како и годишната програма за финансирање на проекти за заштита на културното наследство од страна на министерство за култура и понатака ќе се врши континуиран мониторинг и проценка на состојбата и ќе презема дејствија за заштита, промоција и популаризација на

културното наследство на Охрид. Во спрега со локалната самоуправа и невладиниот сектор ќе се створат услови за зголемување на свеста кај граѓаните за вредностите и значењето па и тие во духот на интегрираната заштита ќе се вклучат во заштитата за културното наследство како материјално така и духовно.

Спомeничката целина е поврзана и со поединечни заштитени добра кои претходно се валоризирани и за кои се донесени поединечни решенија. Во понатамошниот текст ќе направиме преглед на поединечни добра по комплекси. Бројот на доброто се поклопува со бројот во табела и графички прилог во Анекс 1.

## 1. Комплекс Табана[2]

Комплексот Табана е формиран источно од „Долна Порта“, во широк рамен појас покрај Езерото, надвор од периметралниот бедемски ѕид, кој го опфаќа и плоштадот „Св Климент Охридски“, па се до пресекот со улицата Македонски Просветители.

Развојот на просторот е врзан со поимот Табана - топоним кој произлегува од табачаните за обработка на кожа, кои се наоѓале на самиот брег. Просторот претставувал врска на старото градско јадро со пазарот и чаршијата, со густо лоцирани дуќани од разни занаети, а посебно табачаните чија технологија е поврзана со Езерото. Брегот бил нерегулиран, и се користел за обработка на кожа и воден транспорт, како основно занимање на околу 150 семејства.

На овој простор евидентиран е бедемскитот ѕид кој одел до самото езеро каде бил објектот Митница подоцна Градска библиотека на град Охрид на чие место сега има уреден плоштад.Овој комплекс го карактеризира и уредениот кеј чија изградба и регулација заедно со пристаништето е изведено во 30-те години од XX век.

На северната страна од комплексот, во подножјето на ридот постои урбанистички формирана низа на објекти, со експонирани просторни структури, со локали евидентирани уште во XIX век.Еден од нив е и објектот **Магаза од „Кичеевци“, со специфична обработка на ѕидарија од комбинација на камен бигор и тула, (сл. 1)**



***1. Типична Магаза***

Меѓу двете војни, со економскиот подем и просторот го менува својот лик, со објекти со неокласични елементи, како европеизација во локални услови, како контраст со камените и бондручни објекти. Висината на оформените станбени низи на северната страна е со висина од П+2 ката, на оформената улица. На тој простор постоел “Хотел Радич”, (1935 год) кој високо се издигал во ситната структура на чаршијата. По втората светска војна почнал да се гради крајбрежниот дел, со индивидуални станбени згради. Оформените станбени низови, во приземјето имале дуќани, а на

[2] Измени на Елаборат за ревалоризација на стариот дел од градот Охрид„ Н.У.Завод и музеј Охрид (Август 2015)

катовите станови, кои со помали или поголеми измени се останати и денес во своите габарити и висини.

Просторот трпел разни промени во текот на историскиот развој, но го сочувал архитектонско - урбанистичкиот израз, како и структурите на објектите.

На просторот кај денешниот плоштад се лоцирани угостителски локали на местата на некогашните занаетчиски дуќани.

## 2. Комплекс *Болнички*[3]

Комплексот го опфаќа, рамничарскиот дел покрај Охридското Езеро, некогаш стратешки најзначајниот дел на градот,кој се контролирал со бедемски ѕидови и кули - порта со топоним „Долна Порта“, од која денес постои само северната кула.

За поточна урбанизираност на просторот во касно античкиот и римскиот период не се располага со доволно верификувани аргументи, освен бедемскиот ѕид на кој завршува постојната североисточна кула, кој е граден во стилот "opus mihtum", и е дел од периметралниот ѕид на подградието. На северозападната страна, следејќи ја конфигурацијата на теренот постојат бедемски ѕидови, паралелни со улицата Цар Самуил, кои не се доволно истражени и не се видливи од изградените низи на станбени објекти на тесниот појас покрај улицата.

Во опширно дадената анализа од Б. Чипан , од сите историски достапни извори за стариот Лихнид, се споменува дека за трговска размена сите контроли се вршени кај Долна Порта.

Комплексот претставува, урбана целина, но како и кога е формиран станбениот низ на објекти, кои ги заобиколуваат, пространите црковни дворови на Болничките цркви, не може со сигурност да се потврди. Во списокот на фамилии во Болничката Енорија се приложени 23 куќи.

Овој Комплекс, граничи и со Охридското Езеро како нераскинлива органска врска, која е една од основните атрибути на единствениот и неповторлив феномен на старото градско јадро.

Станбената архитектура, во Комплексот Болнички, урбанистички формира правилни низи, следејќи го правецот на оформените комуникации и затварајќи го лицето на делови од бедемските ѕидови на кои се ослонуваат објектите, формирајќи мали градини, на вториот кат. Архитектурата на куќите е изворно сочувана на голем дел, како архитектура од XIX век.

[3]Измени на Елаборат за ревалоризација на стариот дел од градот Охрид„ Н.У.Завод и музеј Охрид (Август 2015)



*2. Св Никола Болничка*

**2. Црква Св.Никола Болнички** е едно корабна градба, со ретка камбанарија на западната страна во форма на “фурка”. На југ и запад на објектот изграден е затворен трем. Црквата е изградена од кршен камен во варов малтер и како второстепена пластика е декорирана со трореден венец. Целиот објект од исток и запад е опкружен со високи ѕидини, а од север и југ е затворен со станбени приватни објекти. Црквата е живописана во четири наврати. Најстарото сликарство е во наосот од 1300-1340 год. Вториот пат е сликана кон крајот на XIV век и тоа се фреските на јужниот фасаден ѕид. Третиот пат во XV век насликани се фрески во јужниот додраден простор, а четвртиот пат во 1480 -1481 год. насликани се фреските на западниот фасаден ѕид.



*3. Св Богородица Болничка*

**3. Црква Св.Богородица Болничка** е еднокорабна градба, со попречен брод-трансепт, датирана во седумдесеттите години на XIV век. Во XIX век на објектот се доградени на север и на исток помошни простории и затворен трем. Карактеристично за оваа црква е тоа што од исток,север и запад е опкружена со високи камени ѕидови, а од југ е затворена со профани објекти, при што се формира затворен изолиран двор. Објектот е граден од кршен камен во варов малтер, со троредни запчести венци како второстепена пластика.Живописот е фрагметарно зачуван, но сепак може да се согледаат најдобрите карактеристики, кои повторно ќе се видат на живописот од Марковиот манастир. Во тремот на објектот се наоѓаат и извадените фрески од црквата кои датираат од XIX век. Во црквата се наоѓа дрвен иконостас од 1833 год. работен од дебарскиот мајстор Никола. Иконостасот е богато украсен со стилизирани претстави на растенија, плодови и птици.



*4. Куќата на Рилковци*

**4. Куќата на Ленче Ставрева и Рилковци (денес од Маринови)**

Објектите се со бројни сочувани изворни елементи и се дел од низа на специфична урбана целина со староградска архитектура. Истите се со катност од приземје и два ката. Начинот на градба, односно конструктивниот систем е традиционален, карактеристичен за епохата, со приземје од камен и катови од дрвена бондручна конструкција, со благи еркерни испусти на катовите. Фасадите се во специфична розова боја, со дрвени опшиви околу прозорците, како и карактеристични истакнати дрвени стреи.



*5. Куќата на Стружан Јонче*

*6. Куќата на Ајри Доко*

**5. Куќата на Стружан Јонче и 6. Куќата на Ајри Доко,** формираат еден ретко интересен ансамбар веднаш после влезот во долна порта и се пример на успешно ревитализирани и реставрирани објекти во кои се одвиваат угостителска односно занаетчиска дејност.

## *3.* Комплекс *Мал Св.Климент*[4]

Комплексот ја опфаќа урбаната агломерација околу истоимената црква, и долж дијагоналната улица „Методи Патче“,поврзувајќи ја Самуилова улица со улицата Христо Узунов оформена по изохипса на Охридскиот рид, следејќи ги деловите од ѕидините  од периметралниот ѕид кои се поврзуваат со Долна порта и се протегаат до Музејот Робевци кај месноста Гремност, следејќи ја конфигурацијата на теренот, односно природниот карпест терен.

Куќите се во густи низи и ја следат улицата формирајќи интегрални фасади, дворните места, со мали димензии се формираат на задната страна покрај деловите на бедемските ѕидови, инвентивно искористени за атримски дворови (со кои се обезбедува осончување и вентилација ) и за мали градини.

Не се истражени просторите околу самите бедемски ѕидови, така да не постојат сознанија за претходните градби на зарамнетиот простор.

[4]Измени на Елаборат за ревалоризација на стариот дел од градот Охрид„ Н.У.Завод и музеј Охрид (Август 2015)

## 7. Црква Мал Св. Климент



*7. Мал Св Климент*

Црквата Мал Св.Климент се наоѓа во стариот дел на градот, поточно во непосредна близина на Долна порта, на улицата “Методи Патче”. Според своите иконографско-стилски особености се датира во периодот од XIV век, поточно 1378 година.

Претставува мала еднокорабна градба, првобитно засводена со полуцилиндричен свод. Подоцна сводот е срушен, поставена е дрвена касетирана таваница, а со конзерваторските работи на архитектурата на црквата во 2000 година истата е демонтирана и срушениот свод е реконструиран. Источната страна е потенцирана со тространа апсида која во олтарниот простор е полукружна.

Заради статички пореметувања при конзервацијата на објектот во 50-те години, на јужната фасада изградени се два контрафори.

Живописот кој е делумно сочуван е дело на двајца мајстори, кај кои се препознава стилот на охридското ателје од XIV век, а со поединни свои карактеристики се приближува на сликарството од Партениевата заветнина, црквата Св.Константин и Елена.

Над јужната врата се наоѓа грчки ктиторски натпис од кој се дознаваат основните историски податоци за ктиторот на црквата и годината на градењето.



*8. Куќата на Ламбески*

## 8. Куќата на Ламбески Борис

Објектот е како завршница на дел од низата на специфична урбана целина на ул. “Цар Самуил”. Карактеристичен е со влезот кој е оформен во пасаж - “темница”. Западната фасада е слободна и граничи со дворно место. Начинот на градба, односно конструктивниот систем е традиционален, карактеристичен за епохата, со приземје од камен и катови од дрвена бондручна

конструкција. Карактеристично е високото камено приземје, кое оди до првиот кат, видливите дрвени појаси и специфичната етажна поделба.

Со некогаш извршените поправки на фасадата, изгубени се еркерните испусти кои го наголемувале габаритот на катовите. На фасадата се видливи трагови од еркерни испусти.

**9. Куќата на Паско Чауле (Рауник)**

Објектот е еден од ретките изворно сочувани претставници на архитектурата од втората половина на XVIII век, кој ги поседува сите карактеристики на охридската староградска архитектура.



*9. Куќата на Чауле / Рауник*

Куќата има три нивоа. Начинот на градба, односно конструктивниот систем е традиционален, карактеристичен за епохата, со приземје од камен и катови од дрвена бондручна конструкција. Вториот кат е еркерно исфрлен, потпрен со дрвени косници, со што е направена корекција на неправилната форма на приземјето и зголемена е корисната станбена површина. Кровот е изведен со карактеристични благи падови, на дрвена кровна конструкција, со кровен покривач - стара турска ќерамида. Оваа куќа е еден од најдобрите примери како од минимум простор се извлекла максимално развиена просторна целина која ги задоволува потребите на едно семејство.

Фасадата на објектот е бела, со карактеристични дрвени опшиви, а столаријата е доста сиромашна, особено во приземјето, каде на прозорците од безбедносни причини има вградени решетки. Објектот е изворно сочуван и ентериерно и екстериено, во текот на времето претрпел незначителни промени кои се однесуваат исклучиво на функционалните измени на приземјето (пренамена од чевларска работилница во кујна со трпезарија и доградба на скали од приземјето до првиот кат заради поделба на објектот по хоризонтала).

## *4.* Комплекс *Робевци*

Комплексот ја опфаќа урбаната агломерација, формирана на елитната Самуилова улица со највредните примероци на Охридската архитектура, Музејот Робевци, куќа на Патче, куќата на Христо Узунов, куќата на Уранија, и нивната поврзаност со приобален дел преку пасажи -"темници", каде се сочувала атмосферата на традиционален амбиент.

Во Комплексот  кој се развива на тесниот рамен појас покрај езерото можат да се евидентираат, типолошки неколку видови на станбени објекти.

- Типови на рибарски објекти, со тесни, издолжени локации, во густи низи, кои користат во директен контакт, дел од брегот, како и помошни пропратни објекти на самиот брег.
- Типови на објекти кои се репрезентативни, со големи габарити и просторни структури, како што е објектот на познатото семејство Робевци, позната со својата монументалност, денес ревитализирана во Музеј на град Охрид.
- Типови на објекти  кои се формираат над "темници", користејќи го воздушниот простор и економичност во локацијата покрај брегот.

Другите објекти се слободно поставени на ридестиот терен, на улица Методи Патче и улицата  Христо Узунов, со висинска разлика од крајбрежниот дел до улицата Христо Узунов од 24 метра, над природна карпа и насипани терасасти локации, на потпорни ѕидови, со исклучиво  отежната пешачка комуникација.

Нема можност за продори кон терасастиот терен, бидејќи низите на објекти, интегрално поврзани, по улицата Цар Самуил, ги затвараат визурите со исклучок кај лапидариумот на куќата Робевци, каде е оформен продор, кон ридестиот простор, на кој се лоцирани куќите на дел природна карпа, дел на потпорни ѕидови.

### 10. Куќа на Робевци

Куќата на Робевци е најрепрезентативен примерок на староградската охридска архитектура, со изразени амбиентални, урбанистички, архитектонски и културно-историски вредности, редок примерок на факсимилски (екстериерно и ентериерно) обновен објект, со сите одлики



***10. Куќата на Робевци***

на старградската архитектура од XIX век(1861 - 1863 година).

Куќата на Робевци е ревитализирана и обновена со современи материјали, се спрема снимена и фото-документација, бидејќи бондручната конструкција на ваков голем објект било невозможно да се конзервира и сочува изворно, при што е користена методата на анастилоза (вградување на изворни елементи), со што објектот ги задржал споменичните својства.

Куќата на Робевци и по својот габарит и по архитектонскиот израз претставува своевиден статусен симбол за семејството. Репрезентативноста и посебноста на овој уникатен претставник на профаната архитектура е одраз на желбата на сопствениците за издвојување на објектот од стандардниот просек на охридската куќа. Третманот на двете куќи на посебен начин го одразува богатството на семејството, изразено преку големината, габаритноста и разиграноста на масите со еркерни испусти над секој кат, што не е резултат на недостигот на простор за градење. Во случајот на овие куќи, желбата за репрезентатирање на богатството се одразила, како во претенциозната фасада и во обработката на деталите, така и во ентериерот, каде што делот за живеење и групата одделенија за прием се еднакво богато проектирани и обработени (испакнатата фуга на камената ѕидарија на приземјето, нагласените влезни врати обрабени со правилно изделкан камен и засведени со лак, а и на многу поситни детали во внатрешноста, како што е дрвената подвлака во холот на првиот кат со потпирачи во вид на животинска глава). Широко третираната економска група одделенија во приземјето е нормална последица од професијата на сопствениците. Просториите на првиот и вториот кат се решени според необично прост архитектонски тип: голем хол по должина со две соби отстрана. Во вака репрезентативниот третман на целината, занемарени се многу од помошните економски простории, но сето тоа било надоместено со можноста на сопствениците да имаат платена послуга. Но сепак, може да се заклучи дека и надвор и внатре во разметливоста не се отишло предалеку и се останало во границите на складна композиција.

Елементите од богатиот ентериер се зачувани, а посебно внимание привлекува исцртаната ниша со потпис од Дичо Зограф од 1862 година.

**11. Спомен куќа на Христо Узунов** има културно, уметничко и историско значење, но истата е значајна и како ретко остварување од областа на архитектонското творештво и урбанистичките концепции карактеристични за XIX век.



***11. Куќата на Узунов***

Куќата е изградена во средината на XIX век и ја изградило семејството Узунови, познати преродбеници од Охрид. Во оваа куќа се родил (22.10.1878 год.) и живеел Христо Узунов, организатор и началник на востаниците во Охридско и борец во Илинденското востание. Со Решение на Народниот одбор на општина Охрид, во 1960 год. куќата е предадена на трајно владение на Народниот музеј - Охрид.

Во 1982 год. во куќата е сместена постојана изложбена поставка под наслов Национално - ослободително движење во Охрид и Охридско.

Спомен - куќата на Христо Узунов претставува редок примерок и карактеристичен пример на традиционалното градителсво од XIX век. Нејзината специфичност произлегува од експонираната локација на брегот од Охридското Езеро и попречна поставеност на двете најфреквентни улици во стариот дел на градот и некогашни главни комуникации, денешните улици Коста Абраш и Цар Самуил, при што ја премостува долната улица (Коста Абраш), оформувајќи го карактеристичниот пасаж, т. н. темница,

Фасадното обликување е карактеристично за епохата, со нагласена хармонија во ритамот и симетријата на прозорските отвори и ѕидните платна и складност на масите. Фасадата е бело обоена, има скромни еркерни испусти, но истакнати, богато профилирани венци. Еркерите и челата од венците се опшиени со даски, а дрвени опшиви има и околу прозорците, кои се карактеристични, со вертикално поместување.

## 12. Куќа на Уранија[5]

Куќата на Уранија е со изразени амбиентални, урбанистички, архитектонски и културно-историски вредности, редок примерок на оригинално сочуван објект со сите одлики на старо градската архитектура на XIX век. Куќата на Уранија е изградена во втората половина на XIX век. Припаѓала на неколку гранки од семејството Филевци, закупци на езерскиот риболов во турско време.



*12. Куќата на Уранија*

По својата површина и по богатиот ентериер Куќата на Уранија наликува на мал дворец. Надворешниот изглед на објектот произлегува од внатрешната функција и секој елемент е дел од неа. Со специфичната организација на просторот, Куќата на

[5] Дадениот опис во продолжение е во согласно со картоните за идентификација и состојба на поединечни објекти во целината - изработени во Н.У.Завод и Музеј – Охрид.

Уранија е типичен претставник на објект од старата градска архитектура на XIX век, каде точно можат да се одредат трите функционални групи: за живеење, за домашна економија и за репрезентација, поделени по вертикала. Економскиот, односно подрумскиот дел ги задоволувал потребите на тогашното семејство - рибарски закупци. За тоа најдобро сведочи големината на просторот и неговата поврзаност со брегот и просториите за живеење. Првиот кат е поделен на два дела: северната половина е наменета за живеење, а јужната со поглед кон езерото го претставува репрезентативниот дел на објектот.

Приземјето е обработено во кршен камен со изразени фуги и видливи дрвени серклажи. Фасадните платна се обработени во малтер и бело обоени, разбиени со низи од прозорски отвори со стилски обележја карактеристични за XIX век (кои се затвораат на вертикален посмик), со дрвени опшиви и на места со дрвени капаци (на источните прозорци на првиот кат). Фасадите се складно компонирани со еркерни испусти и интересни конструктивни детали. Опшивите на сите спoеви се од даски и стреата е богато профилирана.



13. Куќата на Патчеви

### 13. Куќа на Климе Патче

Објектот се наоѓа непосредно до куќата на Робевци и е со висина од П+2 ката. Приземјето е изградено од камен, а катовите се од дрвен бондрук. Кровната конструкција е дрвена, а покривањето е со ондулин, заради намалување на тежината и заштита од прокиснување. Надворешниот архитектонски изглед на објектот, со сите карактеристики на старoградската охридска архитектура е изворно сочуван. Фасадата е бело обоена, со дрвени опшиви и еркерни испусти спрема улицата и спрема дворното место. Приземјето е ревитализирано во деловен простор, во 1990 год. Се верува дека во оваа куќа е роден револуционерот и војвода Методи Патче.



14. Куќата на Коле Котуше

### 14. Куќа на Коле Котуше

Објектот е лоциран на улицата “Цар Самуил” и претставува дел од низа станбени објекти (прв е во низата), во непосредна близина на повеќе објекти со статус на културно наследство. Куќата на Коле Котуше е изградена во XIX век и е еден од ретките објекти кој е во целост изворно

сочуван (со исклучок на некогаш срушениот втор кат). Постојат податоци (кои не се документирани) дека првобитно куќата била со катност од приземје и два ката, при што вториот кат се користел како училиште. Непознато кога, вториот кат е срушен, најверојатно поради нарушена статичка стабилност на објектот од преголемата тежина и истиот е препокриен. Моментално објектот е со катност од приземје и еден кат, во голема мера изворно сочувани (со исклучок на функционални измени во ентериерот), но се наоѓа во многу лоша физичка состојба.

Куќата, срасната со конфигурацијата на подлогата, претставува типичен пример на органска архитектура, каде мајсторот - неимар го искористил теренот во пад инвентивно решавајќи ја функцијата на објектот. Така, главниот влез е оформен од улицата “Цар Самуил”, а споредниот влез во објектот е на пониско ниво (од сокакот), преку интимниот затворен двор на јужната страна од објектот.

Објектот е карактеристичен по фасадниот изглед, односно има полукружни прозорски отвори, делумно со дрвени капаци, кои се специфични само за овој објект, со што отстапува од карактеристиките на охридската старроградска архитектура и се издвојува од другите објекти изградени во тој период.

## *5.* Комплекс *Радничка*

Комплексот Радничка ја опфаќа урбаната агломерација формирана помеѓу улиците Цар Самуил, Илинденска, Боро Шаин, Климентов Универзитет и Христо Узунов. Во Комплексот можат да се евидентираат неколку археолошки наоѓалишта и тоа: Св. Четириесет Маченици, базиликата на улица Боро Шаин – Христо Узунов, базиликата помеѓу улиците Христо Узунов и Климентов Универзитет, како и црквата Св. Никола Чудотворец и објектот од градска архитектура Радничката школа.

Дел од другите објекти се слободно поставени на ридестиот терен, поготово на улицата Христо Узунов, со голема висинска разлика од крајбрежниот дел до улицата Христо Узунов, над природна карпа и насипани терасасти локации, на потпорни ѕидови, со сообраќајна и пешачка комуникација. Останатиот дел од објектите се интегрално поврзани во низови, поготово на ул. Цар Самуил.

Комплексот, археолошки не е доволно истражен за што укажуваат се почестите случајни археолошки наоди.

**15. Радничка Школа / Дирекција на НУ Завод и Музеј Охрид**

Современите архитектонски влијанија на европското градителство од почетокот на XX век, каде што преовладувале класичниот, неокласичниот, ренесансниот и академско-барокниот манир, не го заобиколиле ни старото градско јадро на Охрид. Тие оставиле свој белег и историска порака преку малкуте објекти со изразени архитектонски вредности, ретки примероци за творештвото од почетокот на XX век, меѓу кои, како најрепрезентативен примерок се издвојува Управната зграда на НУ Завод и Музеј - Охрид, т.н. Радничка школа.




*15. Радничка Школа*

Зградата Радничка го внесува духот на еклектиката во старото градско јадро на Охрид. Иако со нагласениот габарит во извесна мера отстапува од неговата урбанистичка концепција, сепак поседува архитектонски вредности, како израз на една епоха, која на територијата на Охрид оставила многу мал број примероци (резултат на поскромниот економски подем на градот на почетокот на XX век).

Објектот се карактеризира со строга симетрија, специфична за нео-стиловите, при што со особено внимание е третирана јужната фасада, која е најекспонирана и гледа кон езерото. По целата ширина на објектот, на вториот кат, изведена е нагласена хоризонтала од балкони и лоѓии, завршени со стилизирани тимпанони со нагласени венци. Тимпаноните се ослонуваат на два пара столбови, кои завршуваат со едноставни капители. Делот кај балконите е вертикално изделен со пиластри помеѓу прозорците завршени со строги капители. Балконската ограда е изведена од керамички балустради, со масивен ракофат. Заоблените лоѓии и оградата со балустради се со барокни влијанија. Под балконите и лоѓиите изведени се конструктивни и декоративни вути. На јужната фасада во средината е изведен елемент за ѕвоник со ѕвоно.

Кровниот венец е нагласен, со плитка профилација во малтер. Прозорците наизменично се менуваат - правоаголни и полукружни, сите поделени на полиња. Фасадната обработка е изведена со хоризонтални фуги во малтерот. Сутеренот е изведен од делкан камен со штуко малтер на натпрозорните елементи. Скромни украси од штуко малтер се забележуваат на деловите под тимпаноните, кои се карактеризираат со построг академизам.

Како објект од класичниот академизам, Управната зграда на НУ Завод и Музеј - Охрид, т.н. Радничка школа, иако со својата габаритност не е

најсоодветно вклопен во урбанистичката концепција на старото јадро на Охрид, сепак поседува архитектонска вредност, како редок и најрепрезентативен пример на профаната архитектура со изразени влијанија на европските нео-стилови.

### 16. Црква Св. Никола Чудотворец

Црквата Св. Никола Чудотворец, сместена од јужната страна на источниот рид, претставува еднокорабна градба без импозантни архитектонски облици, со скромен надворешен изглед.



*16 . Св. Никола Чудотворец*

Низ своето постоење била преправана и доградувана и сега претставува еднокорабна градба со наос и затворен трем, покриена со кров на три води и влез од северната страна.

За времето на подигањето на црквата и нејзиното живописување не постојат историски податоци, иако за време на конзерваторските зафати во 2000-2004 год. е откриен дел од ктиторски натпис од кој не може да се извлечат податоци.

Врз основа на научно-истражувачките работи, кои што течеа паралелно со конзерваторските зафати, се дојде до сознание дека црквата е изградена врз постар сакрален објект, а во нејзината внатрешност се открија повеќе фази на живопис од кои : најстарата фаза е од XI век, а најмладата од XX век.

## 6. Комплекс *Св.Софија*

Еден од најзначајните и најекспонираните простори, во срцето на стариот Охрид оформен низ вековите е Комплексот околу катедралната црква Св. Софија. Просторот е оформен, помеѓу урбаните репери, на некогашното римско Кардо, денешна улица Илинденска, и елитната улица Самуилова, односно правец Долна порта - Св.Софија.

За точната реконструкција на градот, и просторот од римскиот период, не располагаме со доволно податоци, но просторот околу црквата Св. Софија и јужно од неа, во стариот Лихнид, се наоѓал надвор од бедемските ѕидови, со функција на градски пазар и пристаниште, но со контролиран пристап кај Долна порта. Со христијанизирање на стариот Лихнид и создавање на урбан мотив -

катедрален храм над урнатините на базиликата - пазар,е изградена  црквата Св. Софија.

Од извршените анализи и обемните истражувања на просторот, вршени од разни автори, (со акцент на црквата), може да се констатира следното: просторот живеел како катедрален простор се до доаѓање на Турците крај на XIV век.

Во време на Отоманската империја, просторот бил адаптиран, за потребите на отоманските  паши, така да и денес просторот се вика Сараиште.

Во комплексот Св. Софија , формирана е урбана рамка од станбени објекти, изградени  веројатно во XVII - XVIII век (по уснена традиција локациите се поклонувани од турските локални владетели).

Станбената архитектура на комплексот е органски урбанизам, бидејќи е формирана на рамничарски појас покрај Езерото, како низ од рибарски куќи со неправилни урбанистички значки и  карактеристични  специфики од охридската архитектура.

**17. Црква Св. Софија**




*17. Св. Софија*

Катедралниот храм Св.Софија, во XI век е седиште на Охридската архиепископија, која својата црковна власт ја протегала од реката Дунав до албанскиот брег и Солунскиот залив.

Катедралната црква Св.Софија во периодот од 1035 до 1056 година, за време на архиепископот Лав е обновена и декорирана на темели од постари култни објекти. Скоро три века подоцна, во XIV век, поточно во 1317 год., во времето на архиепископот Григорие, на западната страна на објектот е доградена припрата со особено репрезентативна фасада, јужната и северната кула кои што со текот на времето станале еден организам со првобитната концепција. Влезот во горното ниво на ексонартексот е од горното ниво на нартексот, а комуникацијата е преку скали од кулата на север од нартексот (Оливерова припрата) како и преку скалите од јужната кула. Настаните во XV век повторно носат поголеми промени на објектот, односно во 1466 год. објектот е претворен во џамија. Во овој период направени се поголеми екстериерни и ентериерни промени: наместо поранешните сводови и куполата со трансепт се изградени нови

сводови; изграден е мимбар со делови од камената олтарна преграда и циборијумот од XIV век, низа преправки и доѕидувања, како што е тремот на северната страна и минарето над северната кула. Во 1912 год. срушено е минарето, а во 1916 год. објектот повторно ја презема функцијата на црква.

На фасадите на црквата се видливи многу фази на затворање или отворање на отвори, отвори кои излегуваат на многу повисоки нивоа од можен пристап во објектот. Од друга страна, декорацијата на западната фасада на Григориевата припрата по својата хармоничност во играта на темно и светло, претставува единствен пример на синтеза на елементи од сакралната и профаната архитектура. На оваа фасада особен впечаток остава ктиторскиот натпис изведен во тула и малтер.  Живописот од средината на XI век иако е сочуван само фрагментарно во олтарот, наосот и нартексот, претставува најсочуван насликан теолошки програм.

Стилските и иконографски особености на живописот од XI век, припаѓаат на една концепција и се дело на повеќе мајстори, но сепак карактеристична е монументалноста во ставовите на фигурите, архаичните форми градени со широки линии, во кои колоритот е подреден на идејата и цртежот. Фрескоживописот со кој е насликана Григориевата припрата зазема истакнато место во сликарството од XIV век. Мајсторите кои ја живописале црквата Св.Софија, се служеле со изразни средства кои го карактеризираат нивното сликарство како драматично и експресивно и се забележува двојство во претставувањето на фигурите. Елементите кои го карактеризираат сликарството на Св. Софија го навестуваат развојот на новиот правец, односно Комненската уметност. Ова двојство во сликарството на Св. Софија, кое ги разделува, а во исто време ги спојува епохите, напушта една, а навестува и прифаќа друга и од црквата Св. Софија прави споменик драгоцен како научен документ и ликовна творба.



*18. Св. Никола Геракомија*

**18. Црква Св.Никола Ѓеракомија** за првпат се споменува во списокот на Козма Китиски во XVII век. Денешната градба потекнува од XIX век и е во форма на трикорабна базилика со столбови. Централниот кораб има три куполести свода, а страничните кораби се полуцилиндрично засведени.На запад во објектот има женска галерија чиј пристап е со скали од тремот кој се наоѓа на југ на црквата. На исток фасадата е збогатена со седмострана апсида изѕидана од делкан бигор и тули. Објектот е лоциран во голем сопствен двор во кој се сместени помошни објекти. Заради поставеноста на објектот во моментот во црквата се влегува само од јужниот влез. Самата црква е градена од кршен камен во долните партии, додека горните партии се

градени од делкан бигор во варов малтер. На фасадата се видливи голем број на сполии, особено на аглите.

Во црквата се наоѓа резбан иконостас изработен во 1862 год. од копаничарска тајфа од дебарските села. Овој иконостас е предмет на посебно решение за заштита. Карактеристично за овој објект е тоа што во него има голема збирка на икони кои потекнуваат од XIV па се до XIX век.

**19. Куќа на Иван Каневче (Крапче)**



*19. Куќата на Крапче*

Доброто е типичен претставник на профаната архитектура од XIX век, со нагласени карактеристики на органски урбанизам.

Објектот е со висина од П+2 ката, граден од природни материјали, со камено приземје и катови од лесна дрвена бондручна конструкција. Меѓукатните и кровната конструкција се дрвени, а кровниот покривач на објектот изворно бил изведен од стара турска ќерамида. Камениот западен фасаден ѕид е долг само 2.62 метри и го оформува ромбоидниот габарит спрема исток, правејќи ја западната фасада толку уникатна и препознатлива. Катовите се испуштени еркерно и потпрени со вути, така што ги наголемуват корисните површини на првиот и вториот кат.

Фасадното обликување на објектот е со нагласени карактеристики на охридската староградска архитектура: бело обоена фасада, изразена симетрија и ритмика на прозорските отвори и ѕидните маси, дрвени опшиви на аглите и околу прозорците. Најкарактеристичен елемент е заоблениот тимпанон кон запад со кој се зголемува просторната структура на куќата, создавајќи при тоа хармонија на ѕидните маси. Објектот се карактеризира со богато профилирана стреа и прозорски отвори со стилски обележја карактеристични за XIX век (кои се затвораат со вертикален посмик).

## *7.* Комплекс *Долни Сарај*

Урбана агломерација оформена према запад на стрмен терен , по скалинада со поставување на објекти со погодна ориентација, кон езерото , према конфигурација на теренот со инвентивни функционални градини и пристапни комуникации.

Комплексот Долни Сарај е карактеристичен по оформеното плато во самиот рид и зарамнување на теренот. Ја опфаќа урбаната агломерација која

се оформува десно од некогашните урбани репери , на некогашниот римски Кардо, денешната улица Илинденска и раскрсницата со правецот Долна Порта - Канео како и групацијата на објекти , сместени под платото ослонети на ѕидините од депресијата Долни Сарај и приобалниот дел односно со директен излез на Езеро.

Карактеристична е природната карпа над Езерото, надзидуваните делови , кулата позната по топонимот Бакалов мост, со натпис од тула.

За точната реконструкција на градот од римскиот период не располагаме со доволно податоци како и од христијанизираниот Лихнид. На просторот не се вршени пообемни археолошки истражувања така да нема сознанија за постари урбани зафати. Но ценејќи ја близината на Катедралната црква Св. Софија, сигурно дека на поволните локации, во близина на црквата постоеле градби, кои денес се станбени низи оформени по комуникациите кон запад со карактеристични лонгитудиални урбани значки кои се протегаат по комуникацијата кон запад ( куќата на Б’нде ), како и слободно поставените куќи со градини. Карактеристична е густата урбанизација на рамничарскиот дел западно од црквата на самиот агол односно раскрсницата, на правците Горна порта Св. Софија и Долна порта Канео.

**20. Куќа на Климе Банде**



*20. Куќата на Банде*

Објектот е редок пример на изворно сочувана охридска староградска архитектура. Куќата е лоцирана на агол на улиците “Цар Самуил” и “Илинденска”, лонгитудинално поставена долж улицата “Цар Самуил”, во правец исток - запад, на терен во пад и претставува типичен пример на органска архитектура. Поради конфигурацијата на теренот, објектот е мошне инвентивно функционално решен, при што се оформени три влеза, кои се наоѓаат на три различни нивоа.

Приземјето на објектот е составено од два дела, северен и јужен, кои се функционално поврзани на многу оригинален начин, со два еднокраки скалишни краци кои почнуваат од две различни нивоа.

Приземјето на куќата е изградено од камен, а катовите од дрвена бондручна конструкција, кровната конструкција е дрвена со кровен покривач од купеста ќерамида. Сите подови во приземниот дел се од камен, а на катовите од штици. Дрвото кое е користено за изведба на конструктивните елементи на

куќата е од срцевина на даб, па затоа таа останала изворно сочувана (иако сега се наоѓа во многу лоша состојба) без преземање на поголеми конзерваторски зафати. Фасадното обликување на куќата е карактеристично, со еркерно исфрлен кат на источната страна, потпрен со дрвени косници, експониран оџак и дрвени опшиви на фасадата. За овој објект е специфична темната окер боја.

## *8.* Комплекс *Канео*

Комплексот Канео по своите карактеристики се издвојува од другите комплекси и претставува рибарска населба лоцирана помеѓу улиците „Кочо Рацин" и брегот на Охридското Езеро.

Претставува урбана агломерација оформена према југ кон езерото на стрмен терен, со поставување на објекти по климатски поволности, кон езерото, према конфигурација на теренот со пристапни пешачки комуникации. Дел од објектите на јужната страна од ул."Кочо Рацин" се слободно поставени во сопствени дворни места со обезбедени продори кон езерото заради обезбедување на визури и струење на воздух кон објектите кои се лоцирани на другата страна од улицата. Објектите кои се лоцирани покрај брегот на езерото се индивидуални куќи изградени во низи до кои се доаѓа исклучиво по пешачка патека од црквата Св. Јован Богослов – Канео или по воден пат. Заради конфигурацијата на теренот на овој дел од комплексот невозможен е моторен сообраќај. Дел од објектите кои се наоѓаат покрај езерскиот брег, се ревитализирани во угостителски објекти, а голем е бројот на објекти кои нудат приватно сместување во текот на летниот период. Има и недозволени узурпации на просторот и езерскиот брег. Со најновата иницијатива за пешачка патека долж брегот, убавините на амбиентот ќе станат подостапни за пошироката јавност. Составен дел на комплексот претставува црквата Св. Јован Богослов – Канео и неколку објекти од старорградската архитектура. Комплексот археолошки не е доистражен.




***21. Св. Јован Богодлов Канео***

### 21. Св.Јован Богослов– Канео

Манастирскиот живот во црквата Св.Јован Богослов Канео може да се следи од крајот на XIII век па понатака, со континуирано опаѓање се до почетокот на XIX век кога истиот скоро изумира. Како последица на ова во 50$^{-те}$

години од XX век остатоците од манастирските објекти, прилепени на црквата, се срушени и црквата е комплетно отворена од сите страни.

За црквата Св.Јован Богослов Канео не постои никаков податок за нејзиното градење и живописување. Нејзиното датирање се сместува во крајот на XIII век и се темели врз основа на архитектонските и иконографските одлики. Црквата во основа е правоаголна со впишан крст, со тространа апсида и октогонална купола која се потпира врз четири правоаголни столбци. Завршетокот на куполата е невообичаен и не е карактеристичен за куполите на објектите од ваков тип градени на ова територија. Всушност, тој претставува карактеристичен елемент кај црквите во Ерменија, со фронтони на осум страни и со тоа се потврдува ерменското влијание врз архитектурата на црквата.

Фасадите на црквата се изведени од бигор, кршен камен и тула, се искомпонирано во богата керамопластична декорација со изразена полихромија. Живописот во црквата Св.Јован Богослов Канео припаѓа на охридското сликарство од последните децении на XIII век и во моментот тој е фрагментарно зачуван.  За истиот не е сочуван ниту еден историски податок, кој би ни посведочил за времето на подигањето или живописувањето, а не постои ни вообичаен натпис кој се поставувал над вратата. Исто така не постојат податоци кој бил ктитор на црквата, но врз основа на некои индирекни показатели би можело да се смета дека оваа црква е задужбина на некои членови од семејството на Теологитите. Зачувани се фрески во куполата, олтарниот простор и мал дел во наосот.

Иконографски гледано живописот во оваа црква се карактеризира со доста специфичности и истиот дава значајни податоци за средновековното сликарство во Македонија. Се горенаведено прави црквата Св.Јован Богослов Канео, со својата специфична архитектура и живопис, со специфичните иконографски претстави да биде сместена во редот на најзначајните средновековни споменици.



*22. Куќата на Петруш Вангелов*

**22. Куќата на Петруш Вангелов** е единствената автентична куќа останата во Канео како претставник на старoградската архитектура иако напуштена и во многу лоша физичка состојба поради нерешени наследнички права. Се наоѓа на ул. Кочо Рацин бр 45 помеѓу карпестите издигнувања на тесна патека која води кон езерото.

## *9.* Комплекс *Плаошник*

Комплексот Плаошник во Охрид, во историска, културна и духовна смисла, е најзначајниот и најсветиот простор за Македонија и за целиот словенски род. Се наоѓа на повисокиот охридски рид, помеѓу Самуиловата Тврдина и живописниот предел на црквата Св. Јован Богослов-Канео, на брегот од Охридското Езеро.

Хронолошката вертикала на живеење се протега од праисториските времиња (бронзеното време), преку античкиот и доцно античкиот период и раното христијанство, до развиениот среден век. Податоците говорат дека во античкиот период, во времето на силниот подем на дотогаш монденскиот град Лихнидос, стариот Охрид, на ова место биле лоцирани најзначајните антички храмови.

Во доцно античкото време и рано христијанскиот период (IV - VI век), Лихнидос бил епископски центар на Македонско-римската провинција Нов Епир, а Плаошник местото, на кое, врз урнатините на паганските храмови биле подигнати монументални рано христијански базилики со раскошна архитектура и уште по раскошни мозаички подни површини. Во крајот на IX век на овој свет простор доаѓа првиот словенски епископ Св. Климент, кој обновил една стара тролисна црква (изградена најверојатно во почетокот на VII век) и ја посветил на светиот лекар Св. Пантелејмон. Тука и во манастирскиот комплекс кој се развил во идните векови, Св. Климент започнал силна просветителска и книжевна дејност (Охридската книжевна школа), се развил првиот словенски универзитет од каде се ширеле старословенската писменост уметност и култура.

Кон крајот на XV век црквата била до темел разурната од страна на Турците Османлии, а на нејзиното место била подигната Султан Мехмед џамијата. Овој објект функционирал некое време, за потоа да биде оставен на милост и немилост на времето.

Комплексот Плаошник е богато археолошко наоѓалиште каде се присутни остатоци од Поликонхална базилика со крстилница со богати мозаички подови, Трокорабна базилика со крстилница, со нартекс и ѓаконикон со богати мозаички подови, Возобновената црква на Св. Климент и Пантелејмон и Турбето на Синана Челеби. Комплексот, археолошки се уште не е доистражен и континуирано секоја година археолошките истражувања продолжуваат.

Во овој дел од градот скоро е усвоен и во сила е нов детален урбанистички план според кој на археолошкиот локалитет Плаошник се гради комплексот за возобновување на Св Климентовиот Универзитет а за останатите индивидуални станбени куќи се даваат можности за развој но со соодветен режим на заштита предвиден со заштитно конзерваторските основи.

Интересен и контроверзен случај е проектот на Плаошник како голем археолошки локалитет и историско место, сведок на сите културни епохи и местото на првата словенска православна школа, основана од страна на Свети Климент, стана еден од најважните центри за ширење на православието на Балканот и сите словенски земји во Источна Европа. Во обид да заживее оваа голема древна традиција и за повторно воспоставување на Охрид како центар на учењето, владата ја прифати иницијативата за Возобновување на "Св Климентовиот Универзитет", каде што, меѓу другото, ќе има: археолошки музеј, библиотека на стари книги и ракописи, галерија на икони, конзерваторски центар, изградени над археолошките остатоци кои ќе бидат презентирани во делот на приземјето и партерот. Иако идејата за повторно воспоставување на таквата идеја е многу во согласност со барањата на УНЕСКО за ревитализација на историски места, и секако ќе придонесе во голема мера на презентирање на културното наследство и традицијата на Охрид, постоеја стравувања дека проектот може да биде преобемен и дека ќе го смени карактерот на локалитетот и постојната урбана структура и црквата Свети Пантелејмон и неговата околина. Со прифаќање на позитивните критики од страна на мисијата на УНЕСКО, проектот се ревидира и продолжи неговата активна градба.

**23. Светиклиментовата црква Св. Климент и Пантелејмон**



***23. Св. Пантелејмон***

Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон била изградена кон крајот на IX век, била обновувана и живописувана ( XIII -XIV/XV век) на истите темели и така таа функционирала се до крајот на XV век кога била до темел разурната од страна на Турците Османлии, а на нејзиното место била подигната Султан Мехмед џамијата. Овој објект функционирал некое време, за потоа да биде оставен на милост и немилост на времето.

На 8 декември 2000 година (денот на Св. Климент Охридски, патронот на Охрид и МПЦ) поставен е камен темелникот за Возобновување на Светиклиментовата црква. Дирекните работи на Возобновувањето на Светиклиментовиот храм започнаа во март 2001 година. Возобновувањето на Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон во Охрид е извршено врз остатоците од оригиналните ѕидови, при тоа следејќи ги сите градбени фази започнувајќи од IX па се до XIV век.

Во основа, црквата е впишан крст во правоаголно пространство со купола која се потпира на четири столбови, олтарниот простор е во форма на триконхос со централна купола, нартекс, ексонартекс, северен и јужен

параклис, јужен отворен трем и камбанарија. Просторните волумени на храмот, како и неговиот фасаден изглед со богатата керамопластична декорација добиени се со помош на пропорциски анализи и компарациски анализи со храмови кои постоеле на територијата на Охридската Архиепископија во периодите кога активно егзистирала свети климентовата црква.

Како конструктивен систем при возобновувањето на црквата употребени се челични вертикални столбови и хоризонтални греди кои поврзани помеѓу себе формираат единствен конструктивен систем, кој ги задоволува условите храмот истовремено да функционира и како споменик на култура и како објект кој има јавна функција. Со ова е избегната употребата на бетон и армиран бетон во конструктивниот систем на храмот кој штетно би влијаел врз остатоците од оригиналниот фреско живопис кој се наоѓа на внатрешните ѕидови од црквата.

На возобновената црква, ѕидовите се ѕидани на традиционален начин, како што се градело во минатото. Се ѕидаше со полу обработен камен сивец, тули во разни димензии со дебелина од 4,00 см и врел варов малтер. Ваквиот начин на градба придонесе да се постигне поголема цврстина на малтерот при ѕидањето. При возобновувањето на сите градбени фази на црквата се ѕидаше врз основа на оригиналните опуси на ѕидарија. При тоа употребени се тули во разни димензии во зависност од тоа на кои места се вградени.

Како граница помеѓу оригиналното и возобновеното поставена е оловна лента и од внатрешната и надворешната страна на ѕидовите.

Полуцилиндричните и крстестите сводови, слепите калоти и куполите изведени се од тули со димензии 30x30x4 см и 40x40x4 см и врел варов малтер над претходно поставена оплата од штици. над сите сводни површини поставени се акустични стомни свртени со отворите спрема сводовите. Ваквиот начин на поставување на стомните ја зголемува акустиката во храмот, а истовремено претставува и лесна исполна помеѓу сводните и покривните површини.

Прозорските отвори (монофори и бифори) застаклени се со транзени со специјални кружни и триаголни стакла, рачно изработени.

Ентериерната обработка на храмот претставува многу важен елемент при возобновувањето на истиот. Четирите аголни столбови кои што се наоѓаат во централниот дел од црквата се изработени врз основа на оригинални остатоци. И материјалот од кој што се изработени (варовникот), соодветствува со оригиналниот, експлоатиран од истиот мајдан кој се наоѓа во близина на селото Велмеј - Охридско.

Посебно внимание е посветено на презентацијата на Светиклиментовиот гроб. Со стаклена површина, соодветно осветлена прикажана е оригиналната структура на гробот над која е поставен мермерен саркофаг со дрвен кивот во кој се положени Светиклиментовите мошти и на тој начин се достапни за поклонување на верниците.

Со стаклени подови презентирани се остатоците на подови од првите фази на градба на Светиклиментовата црква, остатоци од подлоги од подови од ранохристијанската базилика, засводена гробница која се наоѓа во

централниот дел од црквата под нивото на подот итн. Целата подна декорација е изведена врз основа на фрагменти од оригинални подови, притоа употребувајќи природни материјали.

Иконостасот е изработен од мермер, а сите декорации се изведени врз основа на анализи и компарации со иконостаси од други објекти.

Фрескоживописот, сочуван на ѕидовите, го потврдува постоењето на еден од најголемите ансамбли од врвен ликовен квалитет во охридската уметност од средниот век. Откриените делови на фигури во проодот на протезисот, иако делумно сочувани, го покажуваат најстариот за нас достапен слој од предпалеологовското време, секако насликан веројатно во XI-XII век. Другиот слој околу олтарната преграда открива неколку композиции: Визијата на Св. Патар Александриски, сочувана скоро во целост, со претставите на александрискиот светец и на грешниот Ариј. На чело на носечките столбови се остатоците од стоечките фигури на Исус Христос и Богородица Молителка свртена кон својот син, со свиток во рацете со познатиот дијалог во кого Мајката моли за милост кон оние што се огрешиле во Христовото учење. Во долниот дел од северниот ѕид од наосот, во тематски и идеен сооднос со овие ликови бил насликан Св. Јован Претеча (Крстител), а до него и еден архијереј, веројатно Св. Климент.

Судејќи според големите фрагменти откриени во наосот, тука се развивале циклусите на Големите празници и Христовите страдања, како и повеќе фигури на светци од долната зона. Речиси во целост се реконструирани историските портрети на кесарот Дука, насликан во цел раст до младиот починат син Димитриј, поставени над неговиот гроб во првата половина на XIV век и фрагментите во одделението, јужно од црквата чија намена се поврзува со трпезаријата на манастирот. Особено значење за храмот има откривањето на портретот на Св. Климент кој што благословува меѓу кесарот Дука и син му Димитриј. Тоа е сигурна потврда дека ктитор на црквата е Св. Климент и дека народот ја чувствувал како светилиште што нему му е посветено. Празниците на Св. Пантелејмон и Св. Климент се одбележувале во ист ден. Сепак, во сите историски извори што се сочувани од XIII-XV век, црквата се споменува како Светиклиментов храм. Колку голем бил угледот на манастирот покажува фактот дека повремено неговите игумени биле бирани за охридски архиепископи. Игумените на манастирот учествувале и во доградбите и живописувањето на други храмови во Охрид.

Остатоците на живописот кои настанале непосредно пред 1300 година и по ова време се од највисок ликовен квалитет, тие се дела на елитни зографи кои биле ангажирани и за други црковни градби во Охрид. Не случајно Османлискиот удар во Охрид бил насочен точно кон овој манастир, светилник на христијанството, на писменоста, образованието и отпорот на туѓинската власт

**24. Археолошкилокалитет Плаошник**

ТРОБРОДНА РАНОХРИСТИЈАНСКА ЦРКВА Под темелите на Светиклиментовата црква Св. Пантелејмон во Охрид откриена е уште една трибродна базилика. Остатоците од апсидата на централниот брод откриени се уште во 1964 година при археолошките ископувања кои ги водел Проф. Димче Коцо. Со археолошките ископувања кои на истиот простор продолжуваат во 1999 година под раководство на археолог советник Владо Маленко, а по повод 2000 години од христијанството, откриена е целосно базиликата со наос, нартекс, ѓаконикон, крстилница и атриум прилепен до северниот брод. Остатоци од мозаички подови откриени се во северниот и јужниот брод, крстилницата со писцината, ѓакониконот и нартекот.



*24. Локалитет Плаошник*

Подниот мозаик во ѓакониконот и нартексот е со вкупна површина од 158 м2 и е изведен во крупен тесалатум.

Подниот мозаик во ѓакониконот формира две целини: едната во апсидалниот простор на северната страна, а кон југ се протега целосно правоаголно поле. Декорацијата во апсидалниот простор содржи ефхаристична сцена околу која оди бордура со меандер кој формира засебни правоаголни полиња со животински и флорални претстави. Околу оваа бордура покрај самиот ѕид оди уште една бордура со црно-бели тријаголници. Во склоп на ефхаристичната сцена оди натпис. Во централната позиција на правоаголното поле од ѓакониконот претставен е натпис во кружно поле околу кое оди розета формирана од црно-бели тријаголници. Сето ова е врамено во кружна бордура која ги содржи боите на виножитото. Останатиот дел од подниот мозаик во ѓакониконот е исполнет со декорација на преплети кои формираат меѓу себе кружни полиња со разновидна флорална и ставро декорација. Покрај самиот ѕид оди бордура од преплет.

Подниот мозаик во нартексот можат да се издвојат четири засебно декорирани полиња. Првото поле на север е декорирано со мотив на рибини крлушки. Второто поле има бордура меандар која врамува правоаголно поле исполнето со правилни ромбови кои содржат флорална декорација. Третото поле има геометриска декорација околу која оди бордура со преплет. Четвртото поле кое е и најоштетено е формирано од рибини крлушки како и ретуш со употреба на опус сектиле.

Монументалната крстилница (баптистериумот) која беше откриена при археолошките ископувања во 2002 година е со правоаголна форма со кружна писцина и со зачувани мозаички подови со прекрасни претстави на симболичен ранохристијански космогониум (геометриска, ратителна и зооморфна орнаментика и бордури со крстови и крстови свастики).



*25. Поликонхална*

**25. Поликонхалнарано христијанска црква**

Поликонхалната црква е најмонументалната градба од V век во Лихнид, каде црковните великодостојници ја изведувале светата литургија. Сместена на најдоминантниот простор во градот (северно од Климентовата црква), му давала печат на времето.

Со својата монументалност, архитектонска форма и раскошни мозаици, се издига над сите откриени рано христијански базилики во охридскиот регион. не се знае во чија чест е подигнат овој споменик.

Поликонхалната градба била повеќе пати реконструирана. Инаку припаѓа на градбите од типот на двоен четворолист кои во Медитеранот се познати како просторни и ретки градби од V и VI век. Можно е овој храм да бил и катедрала на лихнидските епископи. Била раскошно декорирана со позлатена декоративна пластика, со мозаички ансамбли изведени од мермер, стаклена паста со палета на полихромија и позлата.

Просторниот атриум со цистерна, нартексот, катехумениумот, крстилницата, анексите и четирилисниот наос ја сочинуваат последната архитектонска фаза на градбата која служела за одвивање на нормалниот евхаристичен култ. Една од најзначајните иконографски теми е претставата на Рајските реки во вид на човечки глави придружени со натписи и илустрација на Фонтаната на животот, и изведени во крстилницата и во северниот анекс. Судејќи според стилот на декоративната пластика и мозаиците и развојните архитектонски промени, крајната фаза во формирањето на оваа катедрална црква се одвивала во текот на втората половина на В век. Во 2002 година извршена е конзервација на мозаичките подови од крстилницата, а на базиликата поставен е заштитен кров кој всушност ја имитира формата на оригиналниот кров на истата. Во 2004 година поставен е заштитен кров и над крстилницата. Со тоа е овозможена



*26. Турбе на Синан Челеби*

презентација на богатите мозаични подови во текот на целата година.

**26. Турбе на Синан Челеби** е изградено кон крајот на XV век поточно во 1493 година во непосредна близина на црквата Св. Пантелејмон на Плаошник. Претставува гробница на градителот на џамијата Султан Махмед (царска џамија), Турбето на Синан Челеби претставува култно место и особено е посетено на шести мај - Ѓурговден од страна на муслиманите.

## Комплекс *Св.Врачи*

Комплексот Св. Врачи претставува урбана агломерација лоцирана помеѓу улиците: Илинденска, Цар Самуил, Браќа Миладиновци и Кузман Капидан. Урбаната агломерација е оформена на стрмен терен, со поставување на објекти по климатски поволности према конфигурацијата на теренот со пристапни сообраќајни и пешачки комуникации.

Објектите на улица Илинденска се изградени во низи со оформени дворни места према улицата. Останатите објекти исто така се изведени во низи и како слободно стоечки објекти запазувајќи ја притоа природната конфигурација на теренот.



*28. Св. Варвара*

На овој простор се евидентирани остатоци од повеќе старо христијански и помали или поголеми рано средновековни словенски цркви, епиграфски споменици и друга фрагментарна мермерна пластика, како и световни или сакрални објекти украсени со ѕидни мозаици (локалитет Манчевци). Комплексот археолошки не е доистражен.



*27. Св Врачи*

Централно место во комплексот зафаќа црквата **27. Голем Св. Врачи**. Во овој комплекс припаѓа и црквата **28. Св. Варвара**. Комплексот изобилува и со индивидуални објекти од староградската архитектура како и еден објект од градска архитектура. Со разните самоволни интервенции од сопствениците на индивидуалните објекти комплексот во голема мера го изгубил првобитниот лик и дошло до нарушување како на архитектурата

така и на визурите на објектите поставени скалесто на теренот.

**30. Плац на куќата на Григор Прличев** Старата родна куќа на Григор Прличев била веројатно изградена во првите децении на XIX век, во југоисточното подножје на повисокиот охридски рид, недалеку од Долни Сарај и црквата Св.Софија. Во триесеттите години од XX век куќата се срушила заради руинираност и плацот на нејзино место долго време стоеше празен.



*30.Спомен куќа на Григор Прличев*

Објектот е типолошки обновен во 1989 год., по стара фотографија и по една скица изработена во 1943 год. од ликовниот уметник Нико Този каде што е прикажан делумен изглед на куќата.

Новоизградениот објект е Меморијален музеј - Спомен куќа на Григор Прличев.



*31. Куќата на Бојаџиеви*

**31. Куќа на Бојаџиеви** Доброто претставува јужен дел од единствен објект (братска куќа) и е еден од ретките изворно сочувани примероци од охридската староградска архитектура. На северниот дел е лепенка со куќата на Јонче Димзовски.

Карактеристично за овој објект е тоа што е еден од малкуте кои не ја следат уличната линија, туку е поставен на слободна локација и е повлечен во дворното место, во својата интимна авлија, од сите страни ориентиран кон комуникации. Според габаритот и архитектонското обликување претставува типичен пример на задоволување на програмските и содржинските барања на побогат чорбаџија, а градена е во времето на стопанскиот процвет, во XIX век, кога било изразено работењето на тајфите.

Објектот е со катност од приземје, релативно низок прв кат и репрезентативен втор кат. Функционално е поделен по вертикала и всушност претставува братска куќа, со изразена симетрија на двата дела (северен и јужен). Фасадното обликување е богато, а произлегува од функцијата на објектот, па затоа е логично и складно. Карактеристични се еркерните испусти

на катовите, нивното потпирање со косници и вути, богато профилираната стреа, хармоничниот ритам на прозорските отвори, како и дрвените опшиви на Карактеристични се еркерните испусти на катовите, нивното потпирање со косници и вути, богато профилираната стреа, хармоничниот ритам на прозорските отвори, како и дрвените опшиви на фасадата и околу прозорците. Најрепрезентативна е фасадата кон улицата Илинденска, но посебен акцент е даден и на јужната фасада, која има поглед кон езерото.

Начинот на градба на објектот е карактеристичен за епохата, со приземје од фугиран камен и катови од дрвена бондручна конструкција. Меѓукатните и кровната конструкција се дрвени, подовите од штици, а кровниот покривач, стара турска ќерамида. Ентериерот е богато декориран (подетално третиран во понатамошниот текст) што сведочи за материјалната состојба на првите сопственици на куќата, кои одамна се раселиле и нема податоци за историјатот на семејството.

Јужниот дел на објектот кој е конзервиран и на кој се вршени санациони зафати во целост го сочувал не само автентичниот надворешен изглед, туку и сите недвижности по намена во неговиот ентериер, што не може со сигурност да се тврди и за северниот дел на објектот.

**32. Куќа на Јонче Димзовски**

Доброто претставува дел (северен) од еден единствен објект (другата половина е на Бојаџиеви) - редок, изворно сочуван пример од охридската староградска архитектура. Објектот е од сите страни ориентиран кон комуникации, со главна (најрепрезентативна) фасада кон улицата Илинденска и е со строго симетрична архитектура.



***32. Куќата на Димзовци***

Објектот е со катност од приземје, релативно низок прв кат и репрезентативен втор кат. Функционално е поделен по вертикала и всушност претставува братска куќа, со изразена симетрија на двата дела (северен и јужен). Фасадното обликување е богато, а произлегува од функцијата на објектот, па затоа е логично и складно. Карактеристични се еркерните испусти на катовите, нивното потпирање со косници и вути, богато профилираната стреа, хармоничниот ритам на прозорските отвори, како и дрвените опшиви на фасадата и околу прозорците.

Начинот на градба на објектот е карактеристичен за епохата, со приземје од фугиран камен и катови од дрвена бондручна конструкција. Меѓукатните и кровната конструкција се дрвени, подовите од штици, а кровниот покривач,

стара турска ќерамида. Ентериерот бил богато декориран (особено репрезентативните гостински одаи, кои биле декорирани со профилирани гипсени таваници украсени со аголни елементи и централни розети од второстепена пластика, богато пластично обликувани чичеклаци и огништа, декоративни дрвени облоги на ѕидовите и профилирани аголни бордури, вградени долапи со карактеристични богато декорирани врати со профилирани опшиви и розети, репрезентативни влезни врати и др.) што сведочи за материјалната состојба на првите сопственици на куќата, кои одамна се раселиле. Меѓутоа, во северниот дел на објектот (куќата на Јонче Димзовски) вршени се голем број преправки, особено во ентериерот на објектот, при што најверојатно се загубиле вредните недвижности по намена. Извесни несоодветни промени вршени се и екстериерно (вршени се доградби), но изворниот надворешен изглед на објектот не е нарушен во поголема мера.

## *10.* Комплекс *Самоилова тврдина*

Комплесот Самуилова тврдина претставува претежно археолошко наоѓалиште со мал број на стамбени објекти.

Денес сочуваната цитадела, обновувана од разни владетели и периметралните бедемски ѕидови, како најдоминантен дел на стариот град со мал број на станбени објекти останата е како комплекс не нападнат од градба , и за среќа сочувана во своите историски граници.

Во периодот на XVII век , просторот околу тврдината е опишан како празен простор,” нема ни куќи, ни амами, ни чаршија. Целиот празен простор го заземаат бавчи и лозја. ..” од Патописите на Евлија Челебија XVII век.

И денес просторот воглавно ја има задржано својата урбана физиономија, со мал дел на станбени објекти, лоцирани на левата страна од комуникациската оска - контролираниот влез Горна порта со Цитаделата.

Станбената архитектура на просторот ја одбележуваат само два објекти од архитектурата на XIX век: куќата Караѓуле, и старата куќа на Антица во пошумениот дел , која денес е ревитализирана, и е без некоја материјална и архитектонска вредност. Другите објекти се од понов период, од почеток на XX век.

Тврдината е истражувана со археолошки ископувања во 1956, 1964 година (сондажни), 1994-1996 година (систематски) и 2000 – 2005 година (систематски). При изведба на земјани работи за изградба на индивидуални објекти откриена е поликонхална ранохристијанска базилика со богати

мозаични подови која се датира во периодот од V – VI век. Истата е делумно уништена при изведба на земјаните работи, а на сопствениците им е дадена замена за постоечката локација. Остатоците од базиликата се евидентирани и оставени за понатамошно проучување.

Во денешни услови не се извршени големи промени на просторот, но претстојат и понатамошни археолошки истражувања, но со посебен акцент на негова сочуваност во постојните урбани рамки, без никаков градежен атак на просторот.

### 33. Цитадела / Охридско Кале / Горни Сарај /

### 34. Самуилова Тврдина

Самуиловата тврдина претставува тврдина од хеленистичкото и доцно античкото време и средниот век. Ги заштитува југозападните позиции на двата рида. На највисокиот зарамнет дел од западниот рид се наоѓа цитаделата која има пресечена елипсовидна форма и е поделена на два дела со ѕид по средината во правец исток-запад. На југоисточната страна се наоѓа импозантен влез заграден со две кули. На овој дел од просторот на западниот рид се наоѓале и тврдината и античкиот Лихнидос. Тврдинскиот ѕид кон запад продолжува до местото Лабино, а потоа, според зачуваните остатоци на извесни делови, свива кон југозапад се до најстрмните карпести делови на брегот на езерото, кои претставуваат всушност природна заштита на утврдениот град.



*33. Охридско Кале*



*34. Самоилови Тврдини*

Од цитаделата кон исток, по северната изохипса на двата рида, тврдинскиот ѕид се протега кон месноста Дебој, највисокото плато од источниот рид, од каде свива кон југ до брегот на езерото. Еден крак од ѕидот кон југ ги сече улиците “Самуилова” и “Коста Абраш” и поминува јужно од црквата Св. Софија, завршувајќи кај куќата на семејството Грдановци на брегот на езерото, од каде понатаму, кон Канео, започнуваат стрмните карпести простори, односно природната заштита на утврдениот град. Остатоци на тврдински ѕид се забележани на стрмната падина над населбата Канео, на пристапниот простор североисточно

од неа. Ѕидовите во централниот дел (цитаделата) беа зачувани во височина од 10 до 16 м, но беше нарушена стабилноста на најгорните ѕидни структури, беа отпаднати сегменти од челните делови на ѕидните маси како и цели делови со дебелина од 2 м. Тврдината има вкупно 18 силни одбранбени кули и четири порти: Железна порта, Горна порта, Челна порта и Долна порта. На остатоците од крепосните ѕидови се забележуваат повеќе градбени интервенции од времето на доцната антика (opus mixtum), преку средниот век се до времето на Џеладин-бег (XIX век).

**35. Куќа на Браќа Караѓулеви** е лоцирана на улицата “Кузман Капидан”, слободно поставена во сопствен двор, на терен во пад. Со катност е од приземје и еден кат. Начинот на градба е карактеристичен за старoградската охридска архитектура, со приземје од фугиран камен и на катот делумно дрвена бондручна конструкција и делумно камен. Меѓукатната и кровната конструкција се дрвени, а кровниот покривач е од стара турска ќерамида.




***35. Куќата на Караѓулевци***

Инвентивниот мајстор - неимар, кај овој објект мошне успешно ја искористил конфигурацијата на теренот во пад, создавајќи типична органска архитектура. На објектот биле оформени два влеза, на приземјето и на катот, од две различни нивоа. Приземјето е делумно вкопано и содржело економски простории. Од централно поставениот влезен трем воделе еднокраки скали до катот, каде бочно од средишниот чардак се одвивал боравокот во четири одаи (по две од секоја страна) сите меѓусебно топло поврзани. Со подоцнежните преправки на објектот, пред се во ентериерот, истиот е функционално поделен на четири независни дела (по два на секое ниво) и со посебни влезови за секој поодделно. Со ваквите преправки во ентериерот на објектот неговиот надворешен изглед не е особено нарушен.

Обликувањето на фасадата е карактеристично за старoградската охридска архитектура, со еркерно исфрлен кат, експониран оџак, дрвени опшиви на аглите и околу прозорците и богато профилирана стреа. Фасадната обработка е особено богата на репрезентативната страна на куќата, ориентирана кон улицата Кузман Капидан.

**36. Арх. лок. црква Св.Никола Арбанашки** е сочуван во рушевини од кои посочувани се олтарниот простор и јужниот ѕид. Ѕидан е од кршен камен и фрагментовани тули со местимично присуство на сполии од постари антички објекти, посебно од поликонхалната ранохристијанска базилика која е откриена западно од објектот. Хронолошката датација не може попрецизно да се одреди до конечното завршување на археолошките ископувања на локалитетот.



*36. Остатоци од црквата Св Никола Арбанашки*

## 12. Комплекс *Горна порта - Театар*

Комплексот Горна порта - театар е оформен околу стратешки највисоката контролирана позиција на стариот град, портата која е дел од периметралниот бедемски ѕид единствен контролиран влез во овој дел на градот. Поволната југозападна страна е искористена за градби додека северната неповолна ориентација и денес е само пошумен дел. Извонредните морфолошки карактеристики на просторот, обезбедената одбрана на југозападната страна обезбедувале урбан живот, со сите квалитети, како инсолација, проветрување, лесно и брзо одводнување но најважно од се се естетските доживувања. Старата оска која ја поврзувала тврдината, односно Горна Порта со просторот кај Св. Софија, била формирана уште во римскиот период како правец север - југ односно Кардо Максимус.

Во срцето на Комплексот е лоциран Античкиот театар околу кој останати се урбанистички формирани низи на куќи без правилна урбанизираност, што е знак на некогашна јавна функција на Античкиот театар. Во раниот средниот век веројатно дел од театарот е се уште видлив, бидејќи најновите археолошки сознанија се остатоците на сакрален објект - еднокорабна црква која е во фаза на истражување, но е фундирана на доста голема длабочина.

Профаната архитектура во Комплексот е со значајни и богати примероци на архитектурата на XIX век, објекти кои се изгубени но кои постојат во документација, кои говорат за значењето на просторот ,чии патишта водат кон некогашниот Голем духовен центар, Комплексот Св.Богородица Перивлепта.

Од Горна порта се делат патиштата кон Цитаделата и Плаошник,кон Комплексот Богородица Перивлепта, кон Античкиот театар кон Св. Софија, и кон Челната порта односно Месокастро - Чаршијата.

Не се оформени урбанистички низи како интегрални улични фасади на посочените улици, куќите се претежно самостојни со просторни дворови, што значи покасна урбанизираност на просторот со индивидуална градба, над претходно други функции.

Комплексот е ограден со дел од периметралниот бедемски ѕид со Горната порта која претрпела големи реконструкции и чии неколку фази можат да се пратат по стара фотодокументација, и пишани извори. Остатоците на ѕидот “барбакан” , како и споредниот влез од римски период, говорат за важен стратешки дел, поврзан со одбраната на градот.



*37. Антички Театар*

**37. Антички театар,** сместен во стариот дел на Охрид, Варош, во источното подножје на повисокиот западен рид на градот (Горни Сарај, Високо Кале), кој е граден по типот на грчките и римските театри. Првите сознанија за оваа монументална градба, без која не може да се замисли центар од античкиот период, датираат од почетокот на XX век. Тогаш се откриени две релјефни плочи на кои е претставен Дионис со Музите. Првите археолошки сонди се изведени во периодот на 1959/60 година, кога се откриени девет редови од седиштата на театарот. Нанекои од камените седишта се запишани имињата на семејствата кои ги закупиле тие седишта.

Театарот се протега на околу 4.000 м2. Се датира во периодот од II век п.н.е. до II век од н. е. Врз основа на ископувањата кои се вршени во три наврати откриени се средишниот дел од епитеатронот, театронот, парадоксите (влезовите), оркестрата со почетните седишта, арената со ортостатниот ѕид, а со најновите истражувања откриени се и делови од театарската зграда. Во 1999-2000 година извршена е реконструкција на театронот и објектот е ревитализиран така да е приспособен за одржување на одреден број на претстави ( Охридско Лето и концерти ). Покрај периметрални ѕидови се откриени и повеќе остатоци на градби од времето на доцната антика и средниот век.

Археолошките ископувања континуирано продолжуваат, а исто така се работат проекти за реконструкција и ревитализација на целиот откриен простор.

**38. Античка гробница Караѓулевци,** претставува гробница од македонски тип чии составни делови се: засведена партија со скали, дромос, предкомора и комора. Датира во периодот од IV – III век пред нашата ера. Откриена е кон крајот на XIX век, а најверојатно истовремено е и ограбена. Изработен е проект за презентација и конзервација на гробницата со што ќе биде овозможено истата да биде презентирана за пошироката јавност.




***38. Античка Гробница***

## *11.* Комплекс *Св.Богородица Перивлепта*

Комплексот ја опфаќа најдоминантната позиција на урбана агломерација на градот, формирајќи ја со Самоиловата цитадела "двогрбата силуета на градот" ( по проф.Чипан ).

Комплексот од северната и источната страна е дефиниран со остатоци на бедемските ѕидови од периметралниот ѕид од Самуиловата тврдина, органски оформен по изохипците на теренот, затворајќи го најдоминантниот простор со некогашна стратешка функција - одбрана.

Во комплексот на зарамнетото плато, е лоцирана црквата Св. Богородица Перивлепта изградена 1295 година, со богати црковни содржини, од духовен и просветителски карактер, во кои доминира и денес школото Св. Климент изградено во нео класика.

Од јужната страна комплексот е дефиниран по улицата Климентска на која и се лоцирани станбените објекти, во свои просторни дворови, без некој урбанистички ред и без оформена интегрална улична фасада, што е доказ за покасно урбанизиран простор, затоа и улицата Климентска останала со топоним Нов пат, кој бил пробиен низ бедемскиот ѕид, кај Челната порта односно денешната црква Св. Богородица Челница.

Комплексот Св. Богородица Перивлепта е урбанистички оформен простор, помеѓу двете порти на периметралниот ѕид, Горна порта, Челна порта, бедемскиот ѕид од север и комуникацијата на југ, со изразити духовни содржини, односно со пет сакрални објекти црквите ; Св. Богородица Перивлепта, Св. Димитрија, Св. Константин и Елена, Мал Св. Врачи и црквата Св. Богородица Челница.

Комплексот не е доволно археолошки истражен, освен на просторот кај новоизграденото основно училиште Св. Климент Охридски каде се откриени остатоци од базилика Дебој , со мозаички фрагменти кои се дислоцирани.

Комплексот е карактеристичен со богати духовни содржини, цркви, и со историски континуитет на просторот со просветителски карактер. На просторот доминантна позиција зазема и " модерното двокатно училиште " изградено 1897 година.

Со своите духовни содржини, археолошки сознанија (рано христијанска базилика), некогашна некропола, градби од исламскиот период на источниот дел , гробните целини (гробот на поетот Григор Прличев ), овој Комплекс треба комплексно да се третира во своите урбани и архитектонски пропорции, без експериментирања.

За станбената архитектура на овој простор, може да се констатира дека нема многу сочувани изворно објекти, ни фото документација од овој простор. Како строго ваковски простор, веројатно куќите биле од свештени лица, кои го опслужувале духовниот простор. Целото време на турското владеење, црковниот простор бил седиште на Охридската архиепископија (до 1767 год.) затоа и просторот во руинирана и неурбанизирана состојба асоцира на профани градби од црковните великодостојници.

**39. Црква Св. Богородица Перивлепта,** Специфичното решение на внатрешниот простор на градбата како и карактерисчниот опус на градење со богата керамопластична декорација, овозможуваат црквата Св. Богородица Перивлепта да се вброи во рамките на ретко сочувани византиски споменици од втората половина на XIII век, поточно 1295 година.



*39. Св. Богородица Перивлепта*

Во основа, црквата е впишан крст во правоаголно пространство со купола која се потпира на четири столбови. Олтарниот простор на фасадата е потенциран со тространа апсида и со богата керамопластична декорација.

Нартексот е граден во ист период како и наосот и е засведен со крстести сводови и слепа купола поставена централно на сводот. Во средината на XIV век, од северната и јужната страна доѕидани се параклиси и отворен трем кој подоцна е заѕидан.

Како градежен материјал е користена тула и бигор во варов малтер, каде што со вешто компонирање при ѕидањето е добиена голема складност и полихромија.

Фреско - декорацијата е пребогата со теми со скриени иконографски значења. Треба да се истакне дека во оваа црква за прв пат зографите ги оставиле своите потписи (десет) и не останале анонимни. Живописот во оваа црква претставува прво автентично сликарско дело на зографите Михајло и Евтихие и претставува најстара целина на таканаречената Ренесанса на Палеолозите, последното големо поглавје на византиската уметност. Раните дела на Михајло и Евтихие во Охрид решително се свртени кон иднината и како основен ансамбал на протопалеологовската уметност, претставуваат увод во ѕидното сликарство на новата ликовна епоха.

**40. Црквата Св. Константин И Елена** се наоѓа во стариот дел на градот, во непосредна близина на црквата Св.Богородица Перивлептос, во комплексот Дебој.

Според своите иконографско стилски особености датира во периодот од XIV до XV век.



***40. Св. Константин и Елена***

Таа е од типот еднобродни цркви, засведени со полу цилиндричен свод, кој е пресечен со тесен надвишен брод - трансепт. Источната фасада е потенцирана со тространа апсида. Подоцна на јужната страна е доѕидан параклис кој на источната фасада е потенциран со тространа апсида. Во продолжение од параклисот, на јужната и западната страна е доѕидан трем, кој веројатно првобитно бил отворен, а подоцна е заѕидан.

Сликаната декорација во главната црква и јужниот параклис припаѓаат на ист временски период. Неколку децении помлад е живописот на јужната фасадна страна од причини што истиот првобитно бил насликан во периодот како и живописот во главната црква, но под дејство на влага е оштетен и по неколку децении бил заменет со нов.

Сликарството во црквата на сугестивен начин ги поврзува претставите во стеснето, пластично изградено декоративно единство. Истото се карактеризира со јаки ликови кои на содржината и даваат експресивен тон.

Како композициони целини и сцените меѓусебно се разликуваат, како по начинот на одбирање на елементите, така и по ритамот на излагање.



41. Св. Димитрија

**41. Црква Св. Димитрија** Оваа црквичка со својата архитектура припаѓа на типот еднокорабни градби. Историски податоци за подигањето и живописувањето не постојат, но според анализите на тематско - стилските карактеристики живописот датира од 80-те години од XIV век.

Црквата е карактеристична по тоа што не била засведена со полу цилиндричен свод како другите еднокорабни цркви, односно источниот и западниот ѕид се калкански решени, што е видливо од бордурите и претставите на фрескоживописот.

Фрескоживописот во оваа црква е работен од двајца мајстори од кои кај првиот доаѓаат до израз негувањето на класичните пропорции, урамнотежената композиција и сигурниот цртеж. Кај вториот мајстор, кој е со послаб квалитет, фигурите се непропорционални, со послаб колорит и безизразни.

**42 Црква Св. Врачи Мал**



42. Св. Врачи Мал

Црквата е еднобродна градба без засведување, иако по аналогија со другите објекти од тој период, во расположливата литература се споменува дека првобитно била засведена со полу цилиндричен свод.

Од досегашните истражувања на објектот, заради непостоењето на остатоци од живопис во горните зони на калканските ѕидови ваквото тврдење ниту може да се потврди, но и не може да се отфрли. Денес објектот е покриен со дрвена кровна конструкција која е видлива и во внатрешноста на објектот. На исток се наоѓа тространа апсида декорирана со еднореден запчест венец и бифора.

Во црквата има остатоци од фрескоживопис, кој според своите иконографско-стилски особености датира од XIV век. Судејќи по остатоците на фреските на дел од западниот и дел од јужниот ѕид, може да се заклучи дека нив ги исликал Јован Теоријанос, кој неколку години пред тоа ја насликал капелата на Св.Јован Претеча во црквата Св.Софија. Другиот мајстор кој што работел, ги насликал источниот и дел од јужниот ѕид, но без пластичност и ја нема убавината и јачината на главниот мајстор.



**43. Црква Св.Богородица Челница,** Оваа црква е двокорабна, безкуполна градба со една олтарна апсида на јужниот кораб. Во текот на XIX век црквата е проширувана во наосот и е додаден нартекс. Источниот ѕид од црквата лежи врз ѕидовите од стариот средновековен градски бедем.

***43. Св.Богородица Челница***

Објектот е карактеристичен по појавата на уште едно ниво под црквата, видливо од јужната страна. Ова ниво има независен влез од југ.

На југозападниот дел од објектот има камбанарија која е веројатно од XIX век.

Во црквата има остатоци од стариот фрескоживопис кој се датира од 80-те години од XIV век и покажува програмска концепција за еднокорабен храм.

Во 1862 година во оваа црква работи Дичо Зограф кој на западната страна од наосот го насликал Успението, оставил голем запис и се потпишал на истиот.

Во олтарниот дел има фрескоживопис од понов период.



***44.Галерија на икони***

**44. Галерија на икони**

Објектот се наоѓа во амбиенталната целина на црковниот комплекс „Св. Климент” (црква Св. Богородица Перивлептос) наспроти главниот влез од црквата.

Комплексот со векови наназад имал изразито религиозен карактер и просветителски карактер. Во дворот на црквата во 1841 година „изградено е ново училиште за вишите класови (класно) по нацрти на Константин Робев, а во 1845-1850 година уште едно класно училиште....пред црковната врата на митрополијата, на местото од урнати редови на манастирски келии” (Б. Чипан). Ова, второто изградено училиште е всушност објектот во кого денеска, видоизменета е сместена Галеријата на икони. Со децении натака, во турско време (до 1912) и натака, во времињата на разни општествено-политички

доминации на овие простори, тој објект и целиот комплекс служел за разни намени.

Познато е дека за време на Втората светска војна (бугарска доминација) во овој објект била сместена градската библиотека. По војната, објектот кој меѓу охриѓани е познат под името забавачница, служел како фискултурна сала за учениците од осумгодишното училиште „Св. Климент", а и за разни други собири и приредби. Од 1949 до 1954 година професионалниот Охридски театар тука ги подготвувал и изведувал своите драмски претстави.

Со изградбата на новото осумгодишно училиште "Св. Климент Охридски" на Дебој, објектот "забавачница" е предаден на користење на Завод и Музеј-Охрид. Од 1981-1983 година објектот е реконструиран со нови градежни материјали и ревитализиран во современа Галерија на икони каде беа презентирани највредните примероци од Охридската колекција кои, инаку, во времето од 1961 до 1983 година беа изложени во тремовите на црквата Св. Богородица Перивлепта. Во 2000 година објектот повторно се реновира, се постави комплетна климатизација во просторот кој е со вкупна површина од 230 м2. Објектот има големо национално значење поради својот историски континуитет на просветителска активност, непосредно поврзан и со духовниот живот на овој манастирски комплекс.

**45. „Музеј Словенска Писменост" / денес седиште на МПЦ – Охридска Архиепископија / Дебарско Кичевска Епархија.**




*45. Зграда „Музеј Словенска Писменост / МПЦ – Охридска Архиепископија / Дебарско Кичевска Епархија*

Зградата „Музеј Словенска писменост" е одраз на влијанијата на европското градителство од крајот на XIX, до средината на XX век, каде што преовладувале класичниот, неокласичниот, ренесансниот и академско-барокниот манир и кои оставиле свој белег и во старото градско јадро на Охрид. Нивната историска порака е изразена преку скромен број на објекти со нагласени архитектонски вредности, ретки примероци за творештвото од класичниот академизам.

Зградата која во регистарот на споменици на културата е именувана како „Музеј Словенска писменост", изградена во 1897 година како училишна зграда - Св. Климент, се подигнала на иницијатива и по инструкции на митрополитот Григорие и со доброволни финансиски прилози, донации на сите Охриѓани. Во 1936/1937 година во ова училиште била организирана интензивна политичка активност на македонските комунисти и била оформена т.н.

“студентска колонија” за летен одмор на студентите, низ која продефилирале многу познати имиња, кои подоцна, во време на НОВ, биле активни учесници во борбата за ослободување на Македонија. По 1945 година зградата повторно ја добила функцијата - ОУ Св. Климент Охридски - Охрид.

Фасадата е обликувана во строги симетрични форми со богата декоративна архитектонска пластика, во неокласичен стил со академски спроведени правила - модуларна ритмика на ѕидните маси, нагласени пиластри кои завршуваат со капители, со штуко - декоративни елементи, профилирани венци на прозорските отвори со триаголни тимпанони, нагласен завршеток со фриз и плитка профилација во малтер. На западната страна е изведен плиток балкон со ограда и вути од ковано железо.

Зградата „Музеј Словенска писменост“ го внесува духот на еклектиката во старото градско јадро на Охрид, како раритет со нагласени културно - историски и архитектонски вредности, што претставува израз на една епоха, која на територијата на Охрид оставила многу мал број примероци (резултат на поскромниот економски подем на градот на крајот на XIX и почетокот на XX век). Таа е еден од ретките претставници на градската архитектура во стариот дел на градот, со изразени карактеристики на класичниот академизам и поседува културно-историска и архитектонска вредност, како пример за влијанијата на нео-стиловите кои допирале од Европа.

Во 1985 година, во зградата на осумгодишното училиште Св. Климент Охридски се отвора постојаната изложба по повод 1100 годишнината од смртта на Св. Методиј Солунски и се преименува во Музеј Словенска писменост. Во 1987 поради појава на оштетувања од влага објектот е затворен за посетители, а состојбата останала непроменета и по преземените превентивни интервенции во 1997 година. Во 2004 година извршена е ревитализација на дел од приземните простории и доделени се на користење на Министерството за заштита на животната средина - Одделение за спроведување на Проектот за заштита на Охридското Езеро. Од неодамна објектот е реставриран и во него е сместена Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, Дебарско Кичевска Епархија.

**46. Гроб на Григор Прличев,** Во мало издигнување над источната страна на црквата Св. Богородица Перивлепта е вечното почивалиште на преродбеникот Григор Прличев.



***46. Гробот на Григор Прличев***

**Археолошки локалитет Дебој,** Претставува некропола од хеленистичко и римско време и од средниот век и старо христијанска

базилика. Го зафаќа јужниот простор на зарамнетото плато на источниот рид од стариот дел на градот, источно од црквата Св. Богородица Перивлептос и северно-североисточно од црквата Св. Константин и Елена. Овде е откриена централна некропола на Лихнид и на средновековниот Охрид. Откриени се вкупно 180 гроба. На просторот се констатирани и остатоци од старо христијанска базилика со мозаички подови.

## **Комплекс *Чаршија***

Стариот Град со своите цркви и палати на црквените великодостојници, кој живеел внатре во ѕидините, сигурно имал развиено Подградие во рамничарскиот дел на градот, со секакви услужни дејности односно развиен градски живот. Рамничарскиот простор од денешното пристаниште до Чинарот, веројатно, бил со функција на услужни дејности односно занаети.

Нема многу остатоци на архитектурата на дуќаните од 17 век, но остатоците на старите дуќани можат да се следат по фотодокументација од почетокот на XX век. Од епохата на XVII-XIX век се зачувани поголем број на дуќани во Чаршијата, познати како магази, градени од камен и имаат слична конструкција; визба, приземна просторија отворена према чаршијата со железни капаци и кат со две мали прозорчиња. Визбата и катот се наменети за магацински простор и работа (кај занаетите).

Друг тип на дуќани се приземни со подрумски простор, изведени со делкан камен со арки од тула. Специфично е користење на наклонот на теренот за влезови и магацински простор на задната страна од чаршијата.

Другите објекти кои се со функција на локали и становање на катот, се со различна архитектонска и материјална вредност, а чести се и промените кои настануваат на објектите поради промена на функцијата.




***47. Куќата на Ѓинековци***



***48. Магаза на Деребанови***



***49.Магаза на Голеви***

Во комплексот има сознанија за археолошки наоди и тоа: во близината на Чинарот засведена гробница и светилиште, јужно од нив откриени се македонско-хеленистички гробови, а кај стоковната куќа Билјана откриени се гробови од железното време, македонско-хеленистички и римски, како и Античка фурна. На околу 100 м југозападно од Чинарот исто така откриени се гробови од македонско-хеленистичкото и римското време. Кај комплексот “Амам”- доцно антички хоризонти и гробови, а на просторот од Плоштадот и Домот на културата “Григор Прличев”- остатоци од црквата Св. Димитрија и рано средновековни гробни конструкции. На овој комплекс се вршени заштитни ископувања во 1971 и во 1976 година. Исто така кај Али Пашина џамија вршени се сондажни ископувања во 2000 година. При тоа е откриена базилика со остатоци од мозаички подови.

Заедно со развојот на градот се развивала и охридската чаршија, така што во првите децении на 19-от век бројот на дуќаните веќе пораснал на 250. Овој период е златното време кога занаетчиството го доживува својот најголем процут. Големиот број на дуќани бил условен од развиените занаети меѓу кои најзначајни биле ќурчискиот, табачкиот, терзискиот, самарџискиот, кувенџискиот и калајџискиот занает. Во Охрид во 18-от и 19-от век се развил и шапкарскиот занает. Територијата на Охрид била богата со барани производи во странство, а преку него се вкрстувале многу патни правци на Балканскиот Полуостров, вклучувајќи го патот „Виа Игнација“.

Кон средината на 19-от век полека се формира физиономијата на старата чаршија чиј дух иако само како бледа слика се препознава и денес.
Со голем број современи дуќани декорирани со несоодветни светлечки реклами, клима уреди, тенди и слично, пулсира во современ дух.









***50. Куќата на Талев*** ***51. Куќата на Љушев*** ***52. Магаза на Адиљ***








***53. Магаза на Тилеви / Јувена*** ***54. Радио Охрид*** ***55. Магаза Сулејман Хамди Џељо***



***56. Ески АМАМ***



***57 .Али Пашина Џамија***

**57. Али- Пашина Џамија** е лоцирана во старата охридска чаршија, во близина на стариот илјадалетен чинар. Изградена е над остатоци од постари објекти кон крајот на XV или почетокот на XVI век. Претставува градба без столбови, што е специфика на периодот на почетокот на османлиската класична архитектура, со локално влијание при обработката на кровот на кубето (потиснат и со тесни отвори). Според охридската вакууфнама (документ во кој се наведени исламските имоти) се гледа дека во 1491 год. постоеле сараи и вакафи кои му припаѓале на Али Паша, од што може да се заклучи дека меѓу многуте задужбини на пашата била и џамијата, особено што во тоа време кај османлиите постоел обичај секој паша да изгради џамија во местото каде што ќе бил испратен. Во текот на 2002 год. на објектот се вршени интервенции надвор од одобрениот проект, со што се направени сериозни нарушувања на архитектурата на џамијата и сериозни оштетувања на археолошките остатоци

од постарите објекти на северо-западната страна на објектот со формирање на подрумски простории.

## 12. Комплекс *Месокастро*

Самото име Месокастро асоцира за населба во бедемските ѕидови, (името е од грчко потекло ). По арх. Борис Чипан нејасно е како на денешното маало Месокастро, се пренело името што одговара на маало во утврдениот град. Самото поврзување на Комплексот со Челната порта, како граница на Месокастро и топонимот Нов пат за денешната улица Климентов универзитет е од понов период. Најверојатно на просторот низ Челната порта, постоел друг пат за кој не се вршени археолошки истражувања. Просторот е густо урбанизиран со објекти во низи, но со поскромни димензии (габарити). Објектите се на каскаден терен, распослани по изохипси, и оформени кратки тесни сокаци.

Ориентацијата на Комплексот е кон југоисток, паралелен со Чаршијата, користејќи ја логичната и природна положба на теренот. Објектите се изградени така да максимално ја користат инсолацијата со каскадно поставување на теренот, по изохипси како интегрални низи со најповолна ориентација. На просторот нема праволиниска шема, урбаното ткиво се сплотува со теренот и формира архитектонски организми во кои постои право, за влез во објектот, правото на сонце и отворени погледи и не пречење на соседот.

Во овој Комплекс не се лоцирани сакрални објекти, и објекти од поновите нео стилови , со исклучок на школото Св. Сава кое е во неокласика и е во руинирана состојба.

Во Комплексот Месокастро постои само станбена архитектура, со различна архитектонска и материјална вредност, денес во голем дел обновена во 20 ти век, поради нивната дотрајана бондручна конструккција. Неколкуте вредни примероци кои ја сочувале изворната архитектура, се реконструирани и ревитализирани а има и типолошки обновени објекти.




***58. Саат Кула***

**58. Саат Кулата** во Охрид е изградена во 1726 година и претставува споменичко добро од профаната турска провинциска архитектура од првата половина на XVIII век. Вакви објекти се среќаваат и во другите градови во Македонија, а и пошироко на целиот Балкански Полуостров.

Таа е изградена во подножјето на источниот дел од Самуиловата тврдина во месноста “Дебој”, во маалото “Месокастро”. Лоцирана е на една релативно мала рамна површина над црквата “Св. Богородица - Каменско”.

Во основата Саат - кулата има квадратна форма изградена од делкан камен, додека во горниот дел е од дрвена конструкција покриена со штици. При врвот е стеснета, со извишено конусно минијатурно минаре, во кое се наоѓа бронзено ѕвоно, а покривната површина е обложена со поцинкуван лим заради заштита од атмосферски влијанија. На источната страна на Саат - кулата поставен е голем кружен цифрарник ( со обележани римски броеви) со големи црни стрелки за покажување на времето.

Саат - кулата со својата местоположба е со челото завртена кон исток, на страната на изгрејсонце, со видливост од сите страни кон “Чинарот”, односно кон поголемиот број на џамии и важниот јазол на движење во старата чаршија.




*59 .Куќата на Талеви*

Во есента 1965 година Саат - кулата била целосно опожарена, при што наполно била уништена дрвената конструкција, почнувајќи од скалите, па сé до кровот. Непосредно по овој настан, од страна на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен Музеј - Охрид, изготвен е проект за конзервација и реконструкција на оштетените делови на Саат - кулата, а истиот е реализиран во 1979 год.

**59. Куќа на Ставре Талев и Куќа на Милчо Талев,** Објектот е еден од ретките во голема мера изворно сочувани претставници на охридската староградска архитектура од XIX век.

Теренот на кој е изграден објектот е исклучително стрмен, со пад кон исток. Така, источната страна на објектот со визбата е на ниво на улицата “11 Октомври”, а западната страна со катот околу 5,5 м повисоко и излегува на улицата “Нада Филева”. Дел од просториите од подрумот и катот се вкопани во карпа.

Куќата е со катност од визба (керал), приземје и кат. Во визбата порано се чувало виното, зимници и дрва, а сега се сместени визбите на сопствениците, летна кујна и работилница. Подот бил земјан, а сега делумно е

со терацо. Во приземјето се организирани дневните функции - готвење и боравок, а на катот се сместени гостинските соби и спалните. Од приземјето на катот водат дрвени скали, подовите се од штици, а таваните малтерисани, со исклучок на таванот во една соба во приземјето, каде е сочуван автентичен таван во резба.

Куќата е изградена со природни материјали, карактеристично за епохата. Приземјето и подрумскиот дел се од камен со дебелина од 80 см, а катот е од дрвен бондрук. Меѓукатните и кровната конструкција се дрвени, а покривањето е со ќерамида. На голем дел од куќата постојната столарија е заменета со нова, несоодветна, што во голема мера ја деградира автентичноста на објектот.

Објектот е со исклучително атрактивни фасади, една од најубавите во околината, со убави визури. Има еркерно исфрлени чардаци потпрени со дрвени косници, експонирани оџаци, бело е обоена со дрвени опшиви и со богато профилирани стреи.

## 60. Куќа на Фроса Тримчева

Објектот е со катност од приземје и два ката и двор од предната страна. Начинот на градба е карактеристичен за епохата, со приземје изведено од камен и дрвена бондручна конструкција на катовите. Меѓукатните и кровната конструкција се дрвени, а покривањето е со стара турска ќерамида. Катовите се еркерно исфрлени, профилирани, а обликувањето на фасадата е карактеристично, со дрвени опшиви на аглите и околу прозорците, со богато профилирана стреа и специфичен и тимпанон на предната фасада.



*60. Куќата на Тримчеви*

Објектот е целосно конзервиран и во потполност ја зачувал автентичноста и во ентериерот, а особено на надворешниот изглед. Изобилува со недвижности по намена и декоративни елементи во ентериерот, а сликана таваница од објектот е рекомпонирана во “Куќата на Уранија”.







*61. Старото школо Св Сава* *62. Куќата на Славка Џамбаз* *63. Куќата на Тодор Арнаудов*




*64. Куќата на Софка Шутева*

**64. Куќа на Софка Шутева,** Објектот е типичен претставник на староградската охридска архитектура, изграден е во XIX век и изворно сочуван. Куќата е изградена на специфична локација, на терен во пад и е карактеристичен пример на органска архитектура што произлегува од конфигурацијата на теренот. Објектот претставува дел од низа станбени објекти на улицата и поседува архитектонска и споменичка вредност, како еден од ретките изворно сочувани добра во рамките на комплексот “Месокастро”.

Куќата е со катност од приземје и еден кат, изграден од природни материјали, карактеристични за епохата. Приземјето е изведено од камен, малтерисано, а катот е од дрвена бондручна конструкција, малтерисан. Подната, меѓу катната и кровната конструкција се дрвени, а покривањето е со стара турска ќерамида. Катот на објектот е еркерно исфрлен и потпрен со карактеристични дрвени косници, на фасадата се забележливи дрвени опшиви, а прозорците се со стилски обележја карактеристични за XIX век, изведени на принцип “гиљотина”, со вертикално поместување. Куќата има профилирана стреа и мошне специфична сина боја на фасадата.

**Комплекс** ***Чинар***

Комплексот Чинар е логичен завршеток на Чаршијата но поради опфатот на просторот , како заштитено подрачје по две улици , ул. Гоце Делчев и ул. 7 ми Ноември и Охридското пазариште , е третиран како посебна амбиентална комуникациска целина , према трите града со кои Охрид комуницирал, Струга и Ресен - Битола. Ја поврзува чаршијата со рамничарскиот дел , како аголен Комплекс кон североисток и северозапад, односно Охридското поле, равничарскиот рамен дел на градот и вековно оформените комуникации.

Просторот околу чинарот кој некогаш претставувал сточен пазар е посебно атрактивен по столетното дрво Чинар по кое и го добил името. Со својата поволна местоположба, заштитен од езерските ветрови, секогаш имал богати содржини.

Во отоманскиот период е изграден исламскиот религиозен комплекс , Зејнел Абедин Паша, како умерен дервишки ред оформен во Охрид во 1667 година, како ред Халвети со главна текија во градот и силно влијание во Струга , Кичево , Костур, и Косово, односно од овој ред се спомнуваат 25 текии кои делувале врз живеењето на муслиманските жители во овие краеви. Важно е да се потенцира дека сите овие текии биле поврзани со охридската како централна, со посебен белег.

На просторот кој оформен во своите историски урбанистички рамки, егзистира од средновековието со занаети и трговски содржини нема многу станбени содржини со исклучок на потегот на улицата 7-ми Ноември, куќата на Шехот кај Исламскиот религиозен комплекс, и станбените објекти на улицата Гоце Делчев со исклучиво локали во приземјето. Полека и тие се ревитализираат со трговски содржини на катовите. Оваа улица е со најгуста урбанизација на помали парцели како остаток од некогашната богата занаетчиска структура на просторот.

Старото дрво Чинар, кое постои од Среден век и околу кој се одвивал општествен живот, односно, угостителство, крчми, до денес ја има својата функција како собиралиште за одмор.

Во Комплексот е лоцирано и Охридското пазариште, како континуитет на вековната традиција на просторот кој бил отворено пазариште, бидејки Охрид со својата поволна клима тоа и го дозволувал, ( Охрид немал безистен ).

**65. Црква Св. Богородица Каменско** Црквата Св. Богородица – Каменско е подигната во стариот дел на градот во близина на Чинарот во XVII век. До нејзино проширување дошло во 1832 година, а преправана е во поново време. На источната надворешна страна, односно на јужната страна од олтарната апсида, на еден блок камен означена е горенаведената година. Според натписот над јужната врата, од надворешната страна, црквата била



*65. Св Богородица Каменско*

зографисана во 1863 година од зографот Дичо од село Тресонче, а во 1924 година обновена е сликаријата.

Огромна вредност има иконостасот кој се наоѓа во црквата. Како година на негово позлатување се наведува 1867, а неговата изработка е непосредно по изградбата на црквата. Кој мајстор го работел иконостасот во оваа црква не е познато, но постојат претпоставки дека тоа бил мијачки мајстор.

Според својата конструкција иконостасот е поделен на пет хоризонтални полиња. Најгорниот дел од иконостасот е акротеријата со два змеја – дракона, големиот крст со претстава од распетието, лево Богородица, а десно Св. Јован.

**66. Теќе Зејнел Аабедин Паша/ Куќата на Кадри Шех**

На север од илјадалетниот чинар се наоѓа комплексот Зејнел Абедин Паша теќе, кој претставува исклучителен исламски сакрален објект. Најпрвин во XV век на ова место била изградена медреса или средно верско училиште, а во XVI век е претворена во џамија и теќе од страна на Пир Махмет Хајати.



*66. Комплекс Теќе Зејнел Абедин Паша и куќата на Кадри ...*

Теќето претставува исламски верски објект во функција на разни дервишки редови за обавување на верски обреди и проповеди и припаѓа на дервишкиот ред Халвети. Овој дервишки ред е основан од Омер-ул-Халвети во 1332 год. и претставува еден од најумерените дервишки редови најблиски до ортодоксниот ислам.

Комплексот е составен од повеќе објекти, секој со своја намена и значење. Тоа се : теќе џамијата, турбето, шадрванот и семејната куќа на шехот.

Џамијата е со сите неопходни елементи-простории за извршување на верските обреди, како што се : кавеџи-оџак, семахане, летен кафе-оџак и халвет (мала просторија-ќелија за молење), како и минаре со тераса-шерефе од каде се врши икамет (повикување на верниците на молитва). Кон крајот на XVII и почетокот на XVIII век доградено е турбе. Тоа е посебна гробница во која се закопуваат завештателот на таа џамија или некој позаслужен и угледен човек, во одбележани гробови и покриени со кјабере уртуси (покривка од Каба од Мека). Шадрванот е изграден во XIX век од шејхот Зекирија кој исто така го изградил и вториот дел од турбето. Куќата во комплексот припаѓа на семејството Шех и истата е факсимилски обновена кон крајот на XX век при што во ентериерот се поставени оригиналните резбани тавани, библиотеката со многу стари книги на старо персиски и старо турски јазик со верска тематика и целиот подвижен мобилијар кој традиционално се пренесува низ генерациите. Порано во рамките на комплексот постоеле и конаци-харем за гости и намерници со специјално уредена соба за гости наречена ќошк која денес е вклопена во рамките на семејната куќа. Покрај турбето до џамијата има и мали гробишта каде се погребани членови од семејствата на шејховите и прислужници на теќето, како и помагачи и дарители на теќето.

**Куќата на Кадри Шех** била изградена во периодот од 1897 – 1900 година. Се наоѓа во централниот дел на Охрид веднаш до чинарот. Куќата ја градел шех Зекирија Абдулахман (шех-верска титула по наследство) со што се потврдува присуството на ориснтот на територијата на Македонија.

Истата е срушена и е типолошки обновена со современи градежни материјали.

**67. Џамијата Хаџи Хамза** е изградена во XVI век и во тоа време по содржина била медреса, објект од верски карактер кој служел за изучување и исламска поука. Потоа објектот е пренаменет во теќе, а во тој период е изградено и минарето и турбето со шадрванот.

Просторот на џамијата е исполнет со следните содржини: главен молитвен простор со михраб и минбер, летен молитвен простор, летен кафе оџак, зимски кафе оџак.

Како градежен материјал е употребен каменот и врелиот варов малтер, а фасадите се малтерисани и бело обоени.



*67. Џамија Хаџи Хамза*

Овие верски сакрални објекти имаат специфична и автентична намена и содржина и поради тоа постои принцип како такви, а и како културно историски белези да се одбегнуваат зафати кои би го нарушиле тој принцип и начела.





***68*** ***69*** ***70 и 71***

***68. Магаза Винарија***
***69. Куќата на Митрески Стојан / Стар Чинар***
***70. Куќата на Шекерови / 71 Куќата на Паунчески***

## *13.* Комплекс *Кошишта*

Комплексот претставува урбана агллометација и се протега од Горна Порта каскадно спуштајќи се на север по теренот се до ул.”Гоце Делчев”. Ориентацијата на Комплексот е кон север, нормална со Чаршијата, користејќи ја логичната и природна положба на теренот. Објектите се изградени така да максимално ја користат инсолацијата со каскадно поставување на теренот, по изохипси како интегрални низи со најповолна ориентација. На просторот нема праволиниска шема, урбаното ткиво се сплотува со теренот и формира архитектонски организми , во кои постои право, за влез во објектот, правото на сонце и отворени погледи, и непречење на соседот.

Во Комплексот Кошишта постои само станбена архитектура, со различита архитектонска и материјална вредност, денес во голем дел обновена во XX век, поради нивната дотрајана бондручна конструккција. Неколкуте примероци кои ја сочувале изворната архитектура, се срушени и на нивно место се изградени објекти со големи габарити и висини кои не кореспондираат со околината и амбиенталниот простор. Тоа најмногу е изразено на ул.”Гоце Делчев” каде што се изградени огромни објекти со несоодветна архитектура кои ги загрозуваат визурите спрема јадрото. Во истите приземните простори се пренаменети во локали со најразновидна содржина кои на некој начин го загрозуваат и пешачкиот сообраќај на главната улица.

Заради конфигурацијата на теренот до објектите претежно се доаѓа по пешачки патеки освен до оние објекти кои се наоѓаат покрај главната сообраќајница Гоце Делчев и улицата Св. Кирил и Методиј.

При археолошки ископувања откриена е некропола од хеленистичкото и римското време и раниот среден век. Локалитетот се протега на падината на охридскиот рид северно и североисточно од тврдината и локалитетот Дебој. При изградбата и проширувањето на патната комуникација Кошишта-Горна Порта-Плаошник и при копањето на темели за индивидуални станбени згради е констатирана некропола со скелетни погребувања и правоаголни ѕидани и засведени гробни конструкции. Комплексот археолошки не е доистражен на што укажуваат и случајните наоди констатирани при изградба на индивидуални станбени згради.

Во комплексот не постојат поединечни објекти заштитени со Решение кои претставуваат негови составни делови.

## 14. Комплекс *Воска*

Комплексот претставува урбана аглометација и се протега од комплексот Самуилова Тврдина каскадно спуштајќи се на север по теренот се до ул.”Гоце Делчев”. Ориентацијата на Комплексот е кон север, нормална со Чаршијата, а во продолжение на комплекс Кошишта према запад, користејќи ја логичната и природна положба на теренот. Објектите се изградени така да максимално ја користат инсолацијата со каскадно поставување на теренот, по изохипси како интегрални низи со најповолна ориентација. На дел од просторот нема праволиниска шема, урбаното ткиво се сплотува со теренот, и формира архитектонски организми , во кои постои право, за влез во објектот, правото на сонце, отворени погледи и непречење на соседот.



*72. Емин Махмуд Џамија*



*73. Куќата на Стефоски*

Во Комплексот Кошишта постои само станбена архитектура, со различита архитектонска и материјална вредност, денес во голем дел обновена во XX век, поради нивната дотрајана бондручна конструкција. Неколкуте примероци кои ја сочувале изворната архитектура, се срушени и на нивно место се изградени објекти со големи габарити и висини кои не кореспондираат со околината и амбиенталниот простор. Тоа најмногу е изразено на ул.”Гоце Делчев” каде што се изградени огромни објекти со несоодветна архитектура кои ги загрозуваат визурите спрема јадрото. Во истите приземните простори се пренаменети во локали со најразновидна содржина кои на некој начин го загрозуваат и пешачкиот сообраќај на главната улица.

Заради конфигурацијата на теренот до објектите претежно се доаѓа по пешачки патеки освен до оние објекти кои се наоѓаат покрај главната сообраќајница Гоце Делчев.

## 15. Комплекс *Кеј*

Комплексот се протега во рамничарскиот дел од градот, поточно источно од плоштадот и улицата Македонски Просветители до улица Јане Сандански, зафаќајќи го приобалниот дел помеѓу улиците Партизанска на север и брегот на Охридското Езеро на југ.

Објектите во комплексот се претежно слободно стоечки со сопствени дворни места, а многу мал е бројот на објекти кои се градени во низови. Архитектурата на објектите е претежно со нео класицистички обележја. Комплексот изобилува со објекти со угостителска намена. Становањето е застапено во голем број и тоа е комбинирано: индивидуално и колективно. Скоро сите приземја од индивидуалните објекти се пренаменети во локали претежно со угостителска намена. Заради атрактивноста на просторот постојат огромен број на приватни сместувачки капацитети кои се користат за сместување на туристи не само во текот на летниот период туку и во текот на целата година. Со изработка на нови детални урбанистички планови на местата од индивидуални стамбени објекти се предвидуваат колективни станбени згради со несоодветни висини кои го нарушуваат амбиенталниот простор, а се поставуваат така да го загрозуваат комплетното струење на воздухот према објектите кои се наоѓаат северно од езерото.

Во комплексот постојат и објекти од јавен карактер како што се: Центарот за култура “Григор Прличев” и Градската библиотека.

Во комплексот постои комплетно решена сообраќајна мрежа, поточно секој еден објект е сообраќајно пристапен.

Заради атрактивноста на комплексот неговите слободни површини се континуитано напаѓани со изработка на нови детални урбанистички планови.

При изведба на земјени работи за изградба на колективна станбена зграда, во непосредна близина на хотелот Палас откриени се остатоци од наколни живеалишта кои потекнуваат од периодот од праисторијата.

### 74. Куќа на Ѓурчинови

Објектот е изграден со висина од П+1 кат. Поделен е на две засебни целини по хоризонтала. Освен малите внатрешни преправки кои се вршени на објектот, фасадно истиот е зачуван во неговата оригинална форма.



***74.Куќата на Ѓурчинови***

Објектот е карактеристичен по богатата обработка на неговите фасади. Истите се со неокласични обележја и се богато орнаментирани. Поготово е богато обработена јужната фасада.






*75. Куќата на Групче* *76. Поранешно Охридско Лето*



*77. Хотел „ПАЛАС“*

Приказот и оцена на состојбите со одделни делови или градби на недвижното културно наследство во составот на споменичката целина се искористи да се направат предлози и програма за санација на објектите и фасади со одреден приоритет во временски распон од 5 години (2015 – 2020) прикажан подолу во табела со соодветен буџет за нивно реализирање.

## 2. Предлози за санација, заштита, изградба и измена на намените на градбите во состав на споменичката целина (програма за реализација на проекти-фасади)

Во овој дел ќе се дадат одредени можни начини за реставрација, реконструкција или ревитализација на објектите во старото градско јадро на Охрид со приказ на повеќе или помалку успешни примери за развивање на една хармонија, без тенденција на узурпација на простор и визури, настанат во карактеристични природно-географски, историски, етно-социјални услови на живеење и стопанисување. Охридската староградска куќа била секогаш актуелна и е непресушен извор за современите инспирации на денешното творештво. Оттука ќе произлезат и предлози за идна приоритетна санација на одредени објекти со историски карактеристики кои заслужуваат да останат автентични и сведочат за историјата на развојот на овој град.




***слика 1. Амбиентален ансамбал на ул Самуилова- некогаш и сега.***

Ограничениот простор за градба диктирал многу тесни улички помеѓу куќите така што некои од нив се едвај широки колку да можат двајца да се разминат. Недостигот на светлина и воздух е надоместен со подигањето на повеќе катови од кои секој нареден е поширок од претходниот и има многу прозорци кои се обично свртени кон југ, кон езерото. Функционалната организација на станбената површина во главно е детерминирана од факторот клима кој наложува некаква двојност во градењето и поделба на камено, масовно приземје со визба (Грабријан, 1986) е сведена на економски простории во приземјето, кое може да биде и вкопано во теренот во пад. Станот за живеење е во средното ниво, а највисоко се просториите за прием на гости, отворени за сонце и воздух и обично се најрепрезентативните простории во објектот.

Со последната ревалоризација на културното градителско наследство во Охрид[6], се ревалоризираа 78 објекти од профаната архитектура кои имаа својство на културно наследство со решение и евидентирани во централниот регистар, од кои 52 објекти го изгубија својството и со акт за престанок ќе се избришат од списокот. Од друга страна се валоризираат нови 51 објекти од




***слика 2. Синтезна мапа – детал / валоризација***

профаната архитектура кои не биле опфатени со претходната валоризација.

Бришењето на објектите од списокот на заштитени објекти е од повеќе причини: некои тотално се руинирале и се рушиле со текот на времето, некои со одредени интервенции со доградби, надградби и несоодветни преправки ги изгубиле првобитните својства и карактеристики, трети воопшто не постојат и на нивно место никнале сосема нови објекти. Ново валоризираните објекти во главно се објекти кои се градени помеѓу двете светски војни во нео класицистички фасадизам а кои сведочат за еден дел од историјата на градот и заслужуваат да се заштитат.

6 „Елаборат за ревалоризација на стариот дел од градот Охрид„ Н.У.Завод и музеј Охрид (2010)




***слика 3. Пример на реконструкција / претходна и сегашна состојба.***

Кога се зборува за општата состојба на сочуваноста на доброто може да се констатира дека одредени негови делови ја изгубиле автентичноста. Голем дел од профаните станбени објекти се делумно руинирани, без архитектонски, градежни и материјани вредности или се новоизградени, од кои пак, најголемиот дел се без карактеристичните архитектонски фасадни елементи.




***слика 4. Пример на реставрација на фасада / претходна и сегашна состојба.***

На одредени објекти извршени се и недозволени зголемувања на катноста и изградба на не карактеристични поткровја, со што се загрозува рамнотежата на просторната структура по висина, се затвораат визури, се нарушува инсолацијата на околните објекти, а поткровјето се внесува како непознат елемент во староградската архитектура која ја карактеризираат кровови со благи падови и изразити стреи. Уличната мрежа е релативно зачувана, но е факт дека некогашните пешачки и колски улички се преоптоварени со моторен сообраќај.



***слика 5. пример на реконструкција / пред рушење и после изградба на нов објект.***

Со изготвувањето на планската документација, споменичката целина е поделена во повеќе урбани единици и зони, со што не може да се согледаат сите проблеми во просторот предвиден за реализација, тешко е да се прати состојбата, развојот како и да се овозможи целосен преглед на споменичката целина што и доведува до деградација и пропаѓање на просторот. Заедно со колизијата на




***слика 6. Еден од ретките останати автентични објекти со минимални интервенции на санација***

Законот за градба и Законот за Охрид, придонесува Охрид да стане град со делумно нарушена автентичност, со дивоградби и не карактеристични поткровја, со узурпирање на слободни зелени површини без анализи на и така деградираниот простор на јадрото со нерешена инфраструктурна мрежа и без претходно извршени анализи за стамбен, односно урбанистички максимум

(Чипан, 2005), со вметнување на нови локации во археолошки локалитети, без соодветен сообраќаен концепт, со менување на ликот на Старата градска чаршија со промена на фасадите и излозите на дуќаните, како и наголемување на нивните висини, со несоодветното поплочување.

Со сите овие промени старото градско јадро ја зачувало својата амбиентална форма, но во одредени негови делови се нарушила неговата автентичност. Сепак, автентично се сочувани одредени објекти од профаните јавни или станбени објекти кои не се во приватна сопственост, односно и припаѓаат на Р.Македонија, а кои истовремено претставуваат заштитени добра и се во релативно добра состојба, поради континуираната грижа од страна на надлежните институции.



***слика 7. Пример на надградба на постоен објект***

Профаните јавни и станбени објекти кои се заштитени добра или се со архитектонски или амбиентални вредности, а кои се во приватна сопственост или се користат од страна на физички лица и се во многу лоша состојба се препуштени на можностите и желбите на сопствениците. Најчесто, тие заради лошата финансиска состојба не се во можност истите да ги конзервираат или санираат, што доведува до неповратно губење на истите. Од друга страна, економски постабилните сопственици, преземаат интервенции надвор од пропишаните со Законот за заштита на културното наследство, при што крајниот резултат е неповратно губење на истите.

Со Анексот на ревалоризацијата на стариот дел на град Охрид (2015) се ревалоризираа вкупно 77 објекти кои влегуваат во границите на заштитеното јадро и се прикажани во оваа студија. Согласно Анексот, донесен е и законот за измени и дополнувања на законот за прогласување на Охрид за културно наследство од особено значење. (Сл. Весник на Р. Македонија, бр 154 од 04.09.2015 година)

**Предлог мерки во идниот план за интегрирана заштита:**

Покрај стратешките определби кои се преземаат согласно планот за управување со природното и културно наследство со Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО, треба да се предвидат и конкретни проекти кои би се реализирале во плански период од 5 години.

Според погоре направените анализи на состојбата како и одредени приоритети и распределба по места и историски фази, одбрани се одреден број на објекти од профаната архитектура за финансиска поддршка за нивна санација. Тоа би биле: конзерваторско-реставраторски работи на куќата на Димзови на улица Илинденска. Магази и објекти долж чаршијата односно ул. Св. Климент Охридски, (Џељо, Јувена, Мецофорте), и објекти градени во еклектички стил како објект од Радио Охрид, Гинековци, Љушевци, Видически. На кејот тоа се објектите од Лидија Петрова и Милан Ѓурчинов, поранешно Охридско Лето, Групчеви, Симончеви. На улица Самоилова тоа се објекти од Драги Рауник, Коле Котуше, Маринови, Бандеви, куќата на Јонче Стружан. На ул. Димитар Влахов објектите на Петанови и Хаџиеви, потоа на 7-ми Ноември куќата на Паунковци и на крај куќата на Талеви во месокастро.

Заради успешност на таквите и други проекти во иднина, дефинирани се 10 основни принципи (препораки од Амстердамска декларација донесена 1975 (Совет на Европа, 2008)), а врз кои би се темелеле конкретните проекти за кои треба да се предвиди и конкретна временска рамка, средства и субјект кој ќе ги реализира.

***принцип 1, Европското архитектонско наследство не го сочинуваат само нашите најзначајни споменици, туку и амбиенталните целини кои се составен дел на старите градови и традиционалните села, во нивното природно или урбано опкружување***
Во оваа смисла е и изготвувањето на план за интегрирана заштита на Охрид, додека пошироко кога се однесува за



***Слика 8. Возобновена Спомен куќата на Григор Прличев***

Охридскиот регион треба да се доврши започнатата постапка за изработка на акционен план и план на управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

***принцип 2, Патината на минатото која е отелотворена во архитектонското наследство создава амбиент неопходен за рамнотежа и исполнување на човекот***

Субвенции за санација на фасадите на објекти кои се евидентирани како значајно културно наследство или кои придонесуваат во амбиенталната целина на градот со што ќе се подобри лицето на градот.

***принцип 3, Архитектонското наследство претставува духовен, културен, економски и социјален капитал од непроценлива вредност***

Ослободување од плаќање на данок од имот и персонален данок, на иматели на објекти кои се значајно културно наследство или кои се во склоп на заштитени целини а кои остваруваат приход од издавање деловен простор на занаетчии или негуваат други традиционални и промотивни содржини што го популаризираат природното и културно наследство како што се услужни дејности, туристички и информативни агенции, сувенирници, антикварници, галерии, винарии кои служат македонско вино, ресторани кои негуваат традиционална македонска кујна - амбиент и музика, пансионски услуги во простории со традиционален ентериер со етнолошки елементи и сл. Со тоа би се зголемила конкурентноста на запоставените стари занаети и дејности кои не се многу доходовни а се од непроценлива вредност за одржливиот економски развој кој подразбира социо-економски мерки и заштитата и промоција на природното и културно наследство.




***Слика 9. Интересен пример на авторска интерпретацијата на стилските елементи на охридската старроградска архитектура***

***принцип 4, Присуството на историските целини придонесува за хармонична рамнотежа во општеството***

Идентификација со простор, историја, културни вредности; Негување на традиција и стари занаети; Развој на културен туризам. Сето ова треба да биде

дел од стратегиите на локалната самоуправа и институциите кои се грижат за заштита на културното наследство (поопширно во книга 2 – маркетинг стратегија)

***принцип 5, Архитектонското наследство има немерлива образовна вредност***

Воведување во основните школи во Охрид и околината на задолжителни часови за запознавање со природното и културното наследство на Охрид, во кој ќе биде опфатено и редовна посета на некоја од институциите кои се бават со заштита на природното и културното наследство. (проект – запозанј ја својата историја)

***принцип 6, Ова наследство е во опасност***

Покрај природните непогоди, една од поголемите опасности за културното наследство е самиот човек. Покрај сите мерки за заштита на истото треба да се подигне и свеста, преку промоција и популаризација. Идентификување на потенцијални фактори и ризици кои ги загрозуваат вредностите на културното наследство (проект - мерки на непосредна заштита)



***Слика 10. Примери на несоодветни и лошо интерпретирани елементи кои ја нагрдуваат панорамата на градското јадро гледано од езеро***

***принцип 7, Интегрираната заштита ги намалува штетните влијанија***

Спроведување на дејствија од непосредна заштита како што се конзервација, санација и ревитализација наместо рушење на културните добра. (Урбана рехабилитација)

Често вакви области на историски градови се арени на различни развојни идеи и делумни конфликти на интереси, кои ја предизвикуваат заштитата на културното наследство. Небалансиран менаџмент на конфликти може да придонесе исто така за загуба на културното наследство и идентитетот или да дојде до економско опаѓање. Затоа, предизвикот кај заштитеното градско јадро е да ја испреплети наследена урбана структура, идентитетот на градбите со бројните барања на жители, посетители и бизниси. Целта е да се извадат и потенцираат предностите од културното наследство за да се добие привлечен град за туристи но и погоден и прикладен за живеење, не загрозувајќи го квалитетот на животот за жителите и посетителите, идентитетот на местото како и заштитувајќи го културното наследство за сегашните и идните генерации.

***принцип 8, Интегриранаата заштита бара примена на правни, административни, финансиски и технички мерки***

Од туристичката (културна) такса или од друг редовен фонд да се одвојуваат средства за одржување и реконструкција на фасади на објекти во старото градско јадро на Охрид. Утврдување насоки за развој на културниот туризам во согласност со принципот на одржлив развој.

***принцип 9, Учеството на сите е неопходен предуслов за успешна заштита***

Спроведување и Надзор од страна на комисија составена од релевантни институции, невладини организации и граѓани.

***принцип 10, Архитектонското наследство е заедничко добро на нашиот континет***

Меѓународна соработка и примена на конвенции и декларации. Развивање активности за издавање научни и стручни публикации и публикации од информативен карактер и сл.

Во рамките на овие десет принципи како што е и погоре покажано, можно е да се остварат и конкретни програми и проекти за кои се дадени и поединечни примери. Тие принципи ни служат како водилка од кои можат да произлезат и други проекти кои со помош на системот на интегрирано управување во циклични кругови на реализација и постојана евалуација, одново и одново да се менуваат и ставаат на дневен ред се додека не се реализираат до задоволително ниво на заштита на културното наследство, автентичноста и амбиенталната целина на старото градско јадро на Охрид.

## 4. Приказ на организација и динамика на изведување активности врз комуналната инфраструктура

### Постојна состојба на инфраструктурата

### Сообраќај

**Јаки страни**

- сите сообраќајници кои се наоѓаат во непосредната близина на доброто овозможуваат лесна колска и пешачка пристапност и истите се наоѓаат во добра состојба;
- централното градско подрачје, односно зоната со најголемиот број објекти со сместувачки капацитети, е поврзана преку раскрсницата на поголемите булевар;
- заобиколните патишта овозможуваат добар пристап за моторен сообраќај, и воедно се овозможува добар пристап за пешаци;
- согласно постојниот урбанистички план Охридската Чаршија е пешачка зона (со пропишан режим на снабдување) каква што треба и да остане;
- паркирањето е обезбедено на платен паркинг, меѓутоа со мал број паркинг места;
- во тек е планирање за изградба на подземна или надземна катна гаража во непосредна близина на Плоштадот;
- доброто е лесно пристапно од централното градско подрачје кое се наоѓа во непосредна близина, како зона со административни функции, со хотелско сместувачки капацитети, културни итн;
- лесно е пристапна од зоните за домување;
- лесно е пристапна за објектите за култура.

**Слаби страни**

- недостаток на места за паркирање; паркирањето ќе мора системски, на урбанистичко ниво да биде разрешен;
- проблеми со непочитување на режимски сообраќај и дистрибуција во споменичката целина;
- пристап на моторен сообраќај;
- да се преиспита сообраќајното решение предвидено со ДУП-от и да се овозможи негова измена со можност за поголем, поефикасен и побрз сообраќаен пристап.

**Електрична мрежа**

**Јаки страни**

- доброто во голем дел е осветлена со улично светло;
- капацитетот (снага) на електричната мрежа, ги задоволува потребите на корисниците на различни видови на простор (и намена);
- електричната мрежа се развива над земја и под земја, со што се задоволени современите стандарди;
- уличното осветлување естетски не задоволува и за истото е потребно ново решение со кое ќе биде опфатена целата површина на доброто;

**Слаби страни**

- не постои илуминација на посебните монументални споменици и на посебните амбиентални урбани потези во склоп на Чаршијата, ниту пак на оние во Старото Градско Јадро во чиј склоп е таа.

**Водовод и канализација**

**Јаки страни**

- сите објекти имаат водоводна мрежа;
- Долгорочните планирања на комуналните јавни претпријатија, врз основа на порастот на населението до 2020 год., предвидуваат целосна покриеност на населбите, односно обезбедување на санитарно хигиенска исправна вода за пиење за секој жител.

**Слаби страни**

- Водоводната инсталација, како и целокупната канализациона мрежа, се застарени и со мал капацитет заради зголемениот обем на комерцијален развој на доброто;
- Снабденоста со вода е од локалните извори;
- уличните шахти и инсталациите за атмосферска вода, во одредени позиции се сериозно деградирани и пасивизирани во однос на комплексното одводнување на улиците, која дисфункција резултира во прелевање (ризик од инфекции и болести);
- старата изведена канализациона мрежа која се темели најчесто на решение со септички јами не може да ги прифати отпадните води;
- не постојат јавни тоалети.

**Телефонска и кабловска мрежа**

**Јаки Страни**

- телефонска инсталација е спроведена на територијата на СГЈ;
- подрачјето на целото СТЈ е покриено со инсталации од кабловски оператор; целото добро е покриено со безжичен интернет.

**Слаби страни**

- телефонските водови се надземни и се вкрстуваат со други водови, со што се нагрдуваат фасадите и амбиенталните визури на делови од доброто;
- кабловски водови постојат, но исто така се надземни и ја нагрдуваат визурата.

**Греење и ладење**

**Слаби страни**

- Поставување на уредите и инсталациите по фасадите и крововите;
- Оптертеност на електричната мрежа;
- Греење на дрва и испуштање на чад и дим;
- Постои ризик од пожари.

**Комунална хигиена**

**Јаки страни**

- СГЈ има посебен третман за одржување, заедно со плоштадите од централното градско подрачје. (чистење /миење и метење/ на јавни и сообраќајни површини);
- Хигиената редовно се одржува, но проблем е немањето корпи за отпад низ СГЈ, па голем дел од сметот останува по несоодветни места, и создава дополнителен проблем. Доколку се постават корпи за отпадоци низ СГЈ, би се решил голем проблем;
- Многу пати покрај редовното чистење, пред и по секој настан , или кога има временски неприлики, комплетно се чисти и одржува;
- се врши дезинфекција и деретаризација, а исто се заловуваат и кучиња.
-

**Слаби страни**

- Не постои известување од страна на генераторите на отпад од пакување за количината која ја создаваат на годишно ниво;
- Недостаток на податоци за количини на сите видови на отпад, особено на посебните видови на отпад;

- Недостаток на мониторинг и известување од страна на генераторите на отпад;
- Недостаток на финансиски средства за надградба на инфраструктурата за управување и мониторинг на отпад на локално ниво (опрема за собирање и транспорт на отпад).
- На подрачјето на СГЈ нема поставено ниту еден јавен тоалет или било каков и да е вид на санитарни јазли.
- Објектите низ јадрото имаат свои индивидуални санитарни јазли.

**Хортикултурно уредување**

Хортикултурното уредување низ спомeничната целина е евидентно, но во исто време и маргинализирано само на определени делови.

## 5. Приказ на потребните средства за спроведување на Планот

Планот за интегрирана заштита содржи и акциски план за реализирање на целите, мерките и активностите во следниот пет годишен период, односно 2015-2020 година. Во текот на овие пет години возможни се и адаптации на активностите во согласност со програмите на работа на институциите кои ќе бидат инволвирани во процесите на имплементација.

Планот за интегрирана заштита и акцискиот план подлежат на ревизии и обновување на целите, мерките и активностите после изминувањето на рокот.

Приказот на потребните средства за спроведување на планот ќе содржи опфат од повеќе области.

### Предлог активности

Заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион претставува главен дел од социо-економското планирање на просторот. Затоа потребно е да се воспостави листа на приоритетни интереси на секое природно и културно добро. Инфраструктурата е значајна карактеристика на секое подрачје од аспект на квалитетот на живеењето и чувањето на природните и културните добра.

**Акциски План:**

| Проект | Стратешка цел | Извор на финансии (носител) | Износ (денари) | Рок |
|---|---|---|---|---|
| Интервенции на фасади во 2015 | 1.3.1 | Мин. За Култура (Завод-Музеј) | 6.874.681 | 2015 довршување на започнати работи 2016 |
| Одржување на улици 2015 | 1.1.4 | Општина Охрид | 400.000 | 2015 довршување на започнати работи 2016 |
| Формирање на управувачко тело согласно Законот | 3.1.1 | Општина Охрид | 10.000 | 2016 |
| Интервенции на фасади во 2016 | 1.3.1 | Мин. За Култура (Завод-Музеј) | 8.676.069 | 2016 |
| Одржување на улици 2016 | 1.1.4 | Општина Охрид | 400.000 | 2016 |
| Одржување на јавна чистота | | Општина Охрид | 2.500.000 | 2016 |
| Зголемување на број на канти за отпадоци | 1.1.1 | Општина Охрид | 500.000 | 2016 |
| Хортикултурно одржување и уредување на дрворед на ул.Кузман Капидан | 1.1.12 | Општина Охрид | 2.500.000 | 2016 |
| Изработка на заедничка веб страна за промоција на културно-историското наследство на СГЈ | 2.1.2 | Општина Охрид, Завод-Музеј | 100.000 | 2016 |
| Улично осветлување - илуминација на споменици и споменички целини | 1.1.3 | Општина Охрид, | 400.000 | 2016 |
| Интервенции на фасади во 2017 | 1.3.1 | Мин. За Култура (Завод-Музеј) | 14.260.000 | 2017 |

| Проект | Стратешка цел | Извор на финансии (носител) | Износ (денари) | Рок |
|---|---|---|---|---|
| Одржување на улици 2017 | 1.1.4 | Општина Охрид | 400.000 | 2017 |
| Одржување на јавна чистота | 1.1.10 | Општина Охрид | 2.500.000 | 2017 |
| Зголемување на број на канти за отпадоци | 1.1.2 | Општина Охрид | 500.000 | 2017 |
| Хортикултурно одржување | 1.1.12 | Општина Охрид | 1.500.000 | 2017 |
| Уредување на сообраќаен режим | 1.2.1 | Општина Охрид | 50.000 | 2017 |
| Проширување и доуредување на паркинг кај Горна Порта | 1.2.2 | Општина Охрид, ЈПП | 1.600.000 | 2017 |
| Изработка на паркинг и уредување на просторот кај р. Грашница | 1.2.2 | Општина Охрид, ЈПП | 1.600.000 | 2017 |
| Студија за исплатливост на користење и купување на електрични возила за сообраќајно движење во СГЈ | 1.2.3 | Општина Охрид, ЈПП | 3.500.000 | 2017 |
| Изградба на јавни тоалети | 1.1.6 | Општина Охрид, ЈПП | 250.000 | 2017 |
| Изработка на мобилна апликација за културно-историското наследство на СГЈ | 2.1.2 | Општина Охрид | 300.000 | 2017 |
| Оформување на заштитни зони околу сегашните и планираните изворници за водоснабдување (извори, подземни води и сливни подрачја на површинските | 1.1.8 | Општина Охрид | 1.000.000 | 2017 |

| Проект | Стратешка цел | Извор на финансии (носител) | Износ (денари) | Рок |
|---|---|---|---|---|
| води), со цел да се зачува квалитетот на водите. | | | | |
| Интервенции на фасади во 2018 | 1.3.1 | Мин. За Култура (Завод-Музеј) | 13.840.000 | 2018 |
| Одржување на улици 2018 | 1.1.4 | Општина Охрид | 400.000 | 2018 |
| Одржување на јавна чистота | 1.1.10 | Општина Охрид | 2.500.000 | 2018 |
| Хортикултурно одржување | 1.1.12 | Општина Охрид | 1.500.000 | 2018 |
| Донации и субвенции за санација и реконструкција на објекти кои се евидентирани како значајно културно наследство или кои придонесуваат во амбиенталната целина на градот | 1.3.2 | Општина Охрид | 900.000 | 2018 |
| Изградба на јавни тоалети | 1.1.5 | Општина Охрид, ЈПП | 250.000 | 2018 |
| Интервенции на фасади во 2019 | 1.3.1 | Мин. За Култура (Завод-Музеј) | 15.050.000 | 2019 |
| Одржување на улици 2019 | 1.1.4 | Општина Охрид | 300.000 | 2019 |
| Одржување на јавна чистота | 1.1.10 | Општина Охрид | 2.500.000 | 2019 |
| Хортикултурно одржување | 1.1.12 | Општина Охрид | 1.500.000 | 2019 |
| Донации и субвенции за санација и реконструкција на објекти кои се евидентирани како значајно културно наследство или | 1.3.2 | Општина Охрид | 900.000 | 2019 |

| Проект | Стратешка цел | Извор на финансии (носител) | Износ (денари) | Рок |
|---|---|---|---|---|
| кои придонесуваат во амбиенталната целина на градот | | | | |
| Изградба на јавни тоалети | 1.1.5 | Општина Охрид, ЈПП | 250.000 | 2019 |
| Преиспитување на бројот на видовите на светилки и нивно унифицирање, со што ќе се намалат трошоците за одржување на јавното осветлување. | 1.1.11 | Општина Охрид, ЈПП | 450.000 | 2019 |
| Интервенции на фасади во 2020 | 1.3.1 | Мин. За Култура (Завод-Музеј) | 7.950.000 | 2020 |
| Одржување на улици 2020 | 1.1.4 | Општина Охрид | 300.000 | 2020 |
| Одржување на јавна чистота | 1.1.10 | Општина Охрид | 2.500.000 | 2020 |
| Хортикултурно одржување | 1.1.12 | Општина Охрид | 1.500.000 | 2020 |
| Донации и субвенции за санација и реконструкција на објекти кои се евидентирани како значајно културно наследство или кои придонесуваат во амбиенталната целина на градот | 1.3.2 | Општина Охрид | 900.000 | 2020 |
| Доизградба на системите за одведување на отпадните и | 1.1.8 | Општина Охрид и ЈП | 3.000.000 | 2020 |

| **Проект** | **Стратешка цел** | **Извор на финансии (носител)** | **Износ (денари)** | **Рок** |
|---|---|---|---|---|
| дождовни води | | | | |
| Осовременување на јавното осветлување со можност за далечинско програмирање и синхронизација. | 1.1.11 | Општина Охрид и ЈП | 600.000 | 2020 |
| Изработка на студија за можностите за имплементација и реализација на централна топлификација | 1.1.9 | Општина Охрид | 10.000.000 | 2020 |
| **Вкупно** | | | 116.910.750 | |

## 6. Планирање на урбаниот развој и урбаната рехабилитација

Специфичноста на природното опкружување, езерото, пејзажот, богатството и разновидноста на биодиверзитет, во хармонија со автентичните вредности на создаденото културно наследство, му даваат посебност на целиот регион и го чинат единствен. Милениумската активност на многу генерации оставила зад себе синтеза на природното и урбаното наследство.

Со постепеното губење на делови од традиционалните градби се менува изгледот на пејзажот во целина, со што трајно се губат неговите карактеристики. Од таа причина треба реално да се согледаат вредностите на сите елементи на традиционалното градителство, затоа што, иако секој елемент од градителството сам за себе не претставува исклучителна вредност, истиот во интегрална конотација влијае на хармонизација на целината.

Со цел надминување на неконтролираната урбанизација, се донесоа нови прописи со кои секоја урбанизација е условена од изработка на Заштитно конзерваторски основи кои се смерница за понатамошната урбанизација. Ваквите основи се потврдуваат со Решение од страна на Управата за заштита на културното наследство. Заштитно-конзерватосрките основи треба да бидат составен дел на деталниот урбанистички план.

Одржливиот урбанистички развој подразбира спроведување на мерки и активности со вклучување на социјалната, економската и еколошката компонента во идниот урбан развој. Тоа значи задоволување на потребата за развој на сегашната генерација без да се загрози можноста за задоволување на потребите за развој на идните генерации. За таа цел треба да се посвети посебно внимание на јавните и отворени простори заради социјализација и ангажирање на локалното население во економските активности истовремено ќе спречи вештачка миграција и раселување. Посветување на јавни содржини и објекти од интерес на сите граѓани како и урбана рехабилитација на старото градско јадро и контактната зона со зголемена посветеност на квалитетот на урбано живеење. Активно учество на јавноста при процесот на планирање со транспарентност, навременост и пристапност до информации од јавен карактер. Користење на јавно и приватно партнерство во соработката, примена на современи технологии и техники во урбанизацијата со ГИС платформи.

Согласно „Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење“ (Сл.Весник на Р.М. бр. 47/2011), како и измените и дополнувањата на законот (Сл.Весник на Р.М. бр. 154/2015), во Старото градско јадро на Охрид не смее:

1) да се менуваат постојната урбана структура и густина на населеноста, границите на урбаните блокови и парцели како дел од органскиот урбанизам, уличната мрежа, премините кон Езерото и сите отворени и зелени површини;
2) да се менуваат висината и фасадниот изглед на заштитените добра и на амбиенталните објекти;
3) да се менува габаритот на поединечно заштитените добра;
4) да се градат нови објекти кои како висина имаат галерија или потпокрив, без или со баџи, или се покриени со рамна тераса;
5) котата на приземјето да биде помала од 20 см, ниту поголема од 90 см над нивото на пристапната улица, односно од определената точка „А“, доколку објектот излегува на најмалку две улици;
6) чистата висина на приземјето да биде помала од 2.40 м ниту поголема од 2,80 м, со исклучок на урбаните комплекси „14 Чаршија, „16 Чинар“, и „19 Кеј“ каде чистата висина на приземјето не смее да биде помала од 3.20 м ниту поголема од 4.00 м и во урбаниот комплекс „18 Воска“ каде чистата висина на приземјето не смее да биде помала од 2.80 м ниту поголема од 4.00 м
7) чистата висина на катовите да биде поголема од 2,90 м, со исклучок на урбаните комплекси „16 Чинар“,„18 Воска“ и „19 Кеј“; каде чистата висина на катовите не смее да биде поголема од 3,00м.
8) да се вршат градежни или други работи без да се извршат археолошки истражувања на земјиштето;
9) да се изведува еркер помал од 50 см и поголем од 80 см и да биде на помала висина од 3,60м од нивото на улицата на места каде има моторен сообраќај;
10) да се градат гаражи како посебни објекти на градежната парцела;
11) да се зголемуваат габаритот и висината на помошните објекти;
12) да се воведат нови намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;
13) да се паркира до заштитените добра и да се формираат паркинг места до нив;
14) да се менува обработката на пешачките патеки и на сообраќајниците од камени плочи и гранитни коцки;
15) да се употребуваат павер-елементи (бекатон) како обработка на пешачките површини;
16) да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и слично;
17) да се оштетува Старото градско јадро на Охрид, особено со несоодветно користење.

Во Старото градско јадро на Охрид, режимот на заштита се остварува според детално дефинирани параметри во деталните урбанистички планови од членот 6 на закон кои се донесуваат за спомeничната целина, како и според посебни заштитно конзерваторски услови што се однесуваат на:
1) контролирана интерполација на нови локации на слободни простори;

2) зачувување на заштитените добра во изворна состојба преку конзервација, санација и во исклучителни случаи со факсимилсна обнова;
3) доградби и надградби на амбиенталните објекти кои не се поединечно заштитени добра а кои придонесуваат за вредностите и амбиенталната слика на целината да ги содржат карактеристичните елементи од охридската архитектура како што се дрвени опшивки, еркерни испусти, косници, испакнати или профилирани стреи итн;
4) враќање на изгубениот фонд на објекти на локации кои се слободни и за кои постојат стари урбанистички планови, остатоци од објектите или техничка и фотодокументација преку нивна реконструкција, или типолошка обнова;
5) враќање на автентичниот фасаден изглед на оние објекти кои го изгубиле , а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед;
6) рекомпозиција на недвижностите по намена во новите објекти при реконструкција или типолошка обнова;
7) изградба на поткровја со или без баџи за објекти со архитектура меѓу двете светски војни која е карактеристична за овие простори во урбаните комплекси „14 Чаршија„„„16 Чинар“, „17Кошишта“, „18 Воска“ и „19 Кеј“;
8) задржување и изградба на објекти со покриви на повеќе води со блага косина (макс. $22^0$ до $24^0$), а за објектите кои се во низа покрив на две води со блага косина, со задолжителна употреба на ќерамида - каналица како материјал за покривање;
9) задржување на фасадата на приземјата и на високите приземја од полуобработен камен, со лакови на отворите обработени со тула, а катовите да се малтерисани и обелени со вар;
10) задржување на автентичната боја на објектите од периодот меѓу двете светски војни;
11) задржување на хармоничниот ритам на поставување на дрвените прозорци со дрвени опшивки, карактеристичните дрвени опшивки на фасадата, дрвените косници и карактеристично обработените симсови;
12) задржување и одржување на постојните основни функции на Старото градско јадро на Охрид и враќање на некои изворни функции, како што се старите занаети или давање нови современи функции на некои објекти, доколку таквите функции се компатибилни со нивната природа и карактерот на споменичката целина;
13) поставувањето на сите видови на водови од инфраструктурата и инсталациите да не бидат видливи на просторот од Старото градско јадро на Охрид и на уличните фасади;
14) задржување на асфалтот на фреквентните моторни сообраќајници кои се веќе асфалтирани;
15) вклопување во амбиентот на натписи на фирми и други натписи, билборди, неонски и друг вид реклами, сообраќајни знаци, споменична сигналистика, осветлување, урбана опрема на отворените простори;
16) преземање превентивни и корективни мерки против деструктивни ефекти од бучава, удари и вибрации предизвикани од машини и возила.

Видот и формата на натписитена фирмите, на билбордите, неонските и друг вид на реклами, осветлувањето, урбаната опрема на отворените простори во Старото градско јадро ги пропишува Советот на Општината Охрид, по претходно позитивно мислење од Националната установа Завод и Музеј Охрид и Управата за заштита на културното наследство.

Во контактната зона на Старото градско јадро на Охрид не смее:
1) да се вршат земјени или други градежни работи без археолошки надзор;
2) да се предвидуваат новоградби и сообраќајници, како и да се вршат земјени или други градежни работи без да се извршат археолошки истражувања на просторите за кои има сознание дека постојат археолошки локалитети;
3) да се менуваат габаритот, висината и фасадниот изглед на заштитените добра;
4) да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени добра во радиус од 15 м околу објектите.

Во контактната зона на Старото градско јадро на Охрид режимот на заштита се остварува според детално дефинирани параметри во деталните урбанистички планови од членот 6 на закон кои се донесуваат за контактната зона, како и според посебни заштитно-конзерваторски услови што се однесуваат на:
1) зачувување на заштитените добра во изворна состојба преку конзервација, санација и во исклучителни случаи со факсимилсна обнова;
2) зачувување на покривите на повеќе води со употреба на ќерамида – каналица кај поединечно заштитените добра;
3) усогласување на висината и габаритите на новоизградените објекти, на начин со кој се оневозможува затворање на визурите кон споменичната целина, а висината на објектот се определува согласно актите за просторно и урбанистичко планирање;
4) архитектонска обработка на објектите со големи габарити во карактеристични пропорции и мерки.

## 7. Идентификување на потенцијални фактори и ризици кои ги загрозуваат вредностите на културното наследсво

Имајќи предвид дека Охрид е дел од Охридскиот регион кој претставува Светското природно и културно наследство, од суштинска важност е да се зачува неговата автентичност и интегритет, а неговите културни вредности да бидат заштитени на соодветен начин.

Со обемна, долгорочна и детална анализа на вредностите на овој регион, направена е идентификација, проценка и дефинирање на факторите и ризиците кои го загрозуваат:

- Недоволна комуникација помеѓу сите субјекти што учествуваат во процесот на управување со подрачјето од Светското наследство.
- Недоволното вложување во образовниот систем, во делот во кој би се образувал кадар кој потоа би се бавел со овие вредности. Промената на ставовите и вредностите во општеството го зафаќа и образовниот систем, кој е неподготвен соодветно да го истакне и да ја едуцира младата популација за вредностите на ова подрачје, како средина која е под заштита на УНЕСКО;
- Недоволно развиена свест кај сите чинители во процесот на заштита, чување, презентација и искористување на вредностите на Охридскиот регион на Охрид кои се препознати и признати како уметнички.
- Прекумерната урбанизација на просторот, покрај менувањето на визурите, директно се одразува и на измените на условите за живот како на животинскиот така и на растителниот свет, односно влијае на пореметувањето и уништувањето на екосистемските вредности;
- Нестручна санација на сакралните и станбени објекти од страна на корисниците;
- Недоволно вложување во инфраструктура;
- Недоволно ставање во функција и вреднување на потенцијалите;

Нивната идентификација претставува основа, како за планирање на оптималната заштита на Старото градско јадро (споменичката целина), така и за искористувањето на неговите потенцијали на одржлив начин.

**Фактори кои го загрозуваат културното наследство и урбанистичко архитектонските вредности**

Препознатливите архитектонски градби кои ја сочинуваат урбаната матрица на градските центри, слоевитоста на историските периоди ја потврдуваат улогата на недвижното културно наследство и потребата од негова соодветна заштита. Но, и покрај големиот број градби на кои се извршени неопходните конзерваторско-реставраторски интервенции, се уште се соочуваме со голем број фактори кои го загрозуваат културното наследство:

- Непотполна стручна валоризација на просторот и непостоење на студии за заштита на градителското наследство (завршена е валоризацијата и ревалоризацијата на поголемиот број профани објекти, сакрални објекти (христијански и муслимански) на територијата на општина Охрид. Останува да се заврши со валоризација и ревалоризација на археолошките локалитети).
- Недоволно познавање и проученост на историскиот развој на подрачјето, односно, карактеристиките на историските епохи кои влијаеле на изгледот. Многубројни трансформации на просторот што негативно влијаат на можноста за препознавање на вредностите и потенцијалите;
- Недоволно развиената општа свест за вредностите и потенцијалите на просторот во целина, како и недоволното ниво на свеста за архитектонските и уметничките вредности на градителското и другото културно наследство;
- Неприлагоденоста на стандардните инструменти за планирање на унапредувањето на состојбата на градителското наследство со пропишаните критериуми за заштита;
- Недоволна обученост и недоволен број на стручни кадри за вршење на работите околу планирањето, проектирањето и изведувањето на градежни и други работи во споменичката целини од аспект на познавање и интегрирање на механизми за заштита на наследството;
- Непостоење на стимулации или некакви олеснувања и помош за сопствениците/корисниците за санација, реставрација и конзервација на нивните објекти;
- Недоволен број стручен кадар за изведување на работите во традиционалните, занаетчиски техники.
- Недоволен број стручен кадар за извршување на работите за проучување, конзервација, реставрација и заштита на културното наследство.
- Непостоењето на постојани и сигурни извори на средства и континуиран начин за финансирање на заштитата и унапредувањето на состојбата на градителското и другото културно наследство.

**Фактори кои ги загрозуваат културно-уметничките вредности**

- Недостаток на однапред предвидени и обезбедени извори на финансиски средства за конзерваторско-реставраторски интервенции на археолошките наоди при археолошките истражувања, вредните икони и на другите движни споменици, како и нивна адекватна заштита, валоризација и презентација;
- Нецелосно и непотполно спроведување на законски пропишаните процедури што ги детерминираат овие вредности;
- Недостаток на соодветно уредени и опремени простори за презентација;
- Нецелосна валоризација и ревалоризација;
- Несоодветни микроклиматски услови во повеќето цркви заради што се влошува состојба на фрескоживописот во истите (вклучувајќи го и константното пресилно осветлување во црквите);
- Недостигот или недоволна техничка и фото-документација за претходно извршените конзерваторско-реставраторски работи;
- Нецелосна или непостоење на законски пропишана документација за извршените конзерваторско-реставраторски работи на движните добра;
- Негрижата на општествената заедница за зачувување и заживување на традиционалните занаети, уметности и вештини, кои претставуваат основа за адекватна заштита и зачувување на културните вредности на Охрид;
- Недоволното вложување во образовниот систем преку кој би се образувале и обучувале занаетчии од традиционалните занаети, потребни за заштита на специфични видови од културното наследство, преку разни специјалистички креативни курсеви и слично);
- Недоволни стимулации и привилегии за сопствениците на приватните збирки со цел нивна заштита, одржување, валоризација и презентација;

Како последица на недостатокот на адекватни услови за чување и презентација на предметите (просторните капацитети, микроклиматските услови-влагата, температурата, осветлувањето), недостатокот од соодветни и навремени конзерваторско-реставраторски третмани, недостиг од соодветни лаборатории и работилници каде истите би се изведувале и преку кои би се следела состојбата, излагањето и транспортот на музејските предмети во рамките на самите музеи или на поголеми дестинации во сврха на излагање во други музеи, голем број од музејските предмети се во прилично лоша состојба;

**Туризмот** посредно влијае на целиот регион, независно дали е тоа економско влијание или влијание на секојдневниот живот на населението. Влијанието на туризмот има негативни и позитивни аспекти. Доброто планирање и правилното управување може да ги минимализираат можните негативни влијанија на посетителите во регионот. Непостоење на јасно дефинирана визија на туристичките производи и стратешко определени цели за развој на подрачјето може негативно да влијаат на вредностите на регионот. Еден од најголемите светски феномени е подемот на масовниот туризам кој како фактор може да има негативно влијание врз вредностите и во оваа насока е неопходно соодветно планирање на идните развојни туристички програми за Охридскиот регион.

**Инфраструктура**. Развојот на целокупната инфраструктура како резултат на просторното планирање има влијание врз општествено економскиот развој и заштитата како на животната средина и природата така и културното наследство на Охрид и регион.

Можната реализација на планираниот патен правец А3, делница Охрид-Пештани и Коридорот-8 ја потенцираат потребата од заедничка соработка при оценката на штетните влијанија**, (Environmental Impact Assessment**), заради утврдувањето на директните, индиректните и индуцираните импакти во просторно неделивиот физички коридор и зоните на меѓусебните интеракции на автопатот и околното земјиште под различна намена на користење.

**Фактори кои ги загрозуваат општествено-економските вредности**

- Недоволна поврзаност и компатибилност на институциите на системот.
- Миграција на населението во и од Охридскиот регион предизвикана од купувањето и продавањето на недвижностите, и од други економски причини.
- Непочитување или селективна примена на законската регулатива.
- Недоволни вложувања за подобрување на инфраструктурата.
- Исчезнување и изумирање на старите традиционални занаети.
- Неприбирање, или нецелосно прибирање на комуналните приходи по основ на користење на природните и културните добра (земјиштето, водата, јавните површини, туристичката и други комунални такси).

## Ризици кои произлегуваат од природни и елементарни непогоди, климатски промени

**Сеизмичките појави-земјотресите** се доминантни природни непогоди во Република Македонија.

Меѓу подрачјата што се изложени на најголеми сеизмички влијанија, покрај Дебар, Скопје, Берово, Кочани, Делчево, подрачјето помеѓу Гевгелија и Демир Капија, се вбројува и подрачјето на Охридскиот регион.

Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвифакција, пукнатини, раседници, поместување), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици од земјотресите.

Заради отсуството на соодветен институционален систем, како и непочитувањето на донесените просторни и урбанистички планови од понизок ред, пропишаните мерки за асеизмичка заштита, нивото на сеизмичкиот ризик е зголемено. Овде особено неповолно влијаело бесправното градење, нелегалните и нестручно изведени конзерваторско-реставраторски работи на спомениците на културата, како и неконтролираната и прекумерна урбанизација.

### Намалување на сеизмичкиот ризик

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради зголемување на отпорноста против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат и мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи. Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи.

За подрачјата во кои покрај сеизмичките хазарди, постои опасност и од колатерални штети, неопходно е да се изврши детална реонизација како основа за примена на заштитни мерки во процесот на просторното и урбанистичкото планирање.

Воведувањето на асеизмичкото управување со фондот на постојните објекти (во смисла на дијагностицирање на нивната сеизмичка сигурност), неопходно е за стандардното урбанистичко планирање.

Посочената проблематика мора да претставува подрачје од суштинска и долгорочна грижа на општествената заедница на сите нивоа, од локално до државно, на што мора да му се пристапи итно, организирано, ефикасно и ефективно. На тој начин, систематски би се пристапило кон решавањето на три клучни проблеми:

- Недоволната сеизмичка сигурност на одреден дел од фондот на постојните објекти.
- Недоволното уважување и почитување на барањата за сеизмичка отпорност и безбедност при промена на намената, надградбата и реконструкција на објектите.
- Недостаток во просторните и урбанистичките планови каде овој проблем треба да се решава на адекватен начин.

Неопходно е користење на соодветни мапи при планирањето на земјотресната заштита, но потребен е и интегрален пристап за намалување на сеизмичкиот ризик.

**Пожари .** Покрај земјотресите, постои изложеност на ризик и од други опасности, како што се пожарите, до извесен степен поплавите и другите временски непогоди, како и техничко-технолошките хаварии и катастрофи.

Пожарите на целото подрачје на земјата, па и во Охридскиот регион, се случуваат главно во летниот период, како последица на високите температури или неодговорното однесување на поединци. Тие претставуваат значаен ризик кој може да предизвика уништување на природното и културното наследство. Дотраените или неисправни електрични инсталации, можат да бидат причина за пожарите што е посебно опасно за музеите, архивите и другите објекти во кои се изложени или се чуваат движните културни добра.

**Намалување на ризикот од пожари**

Постојните мерки за противпожарна заштита и контролата на уредите и апаратите за заштита од пожар треба да бидат на задоволително ниво.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави во просторните и урбанистичките планови се преземаат низа мерки за намалување или целосно отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани од нив, кои се однесуваат на:

- извори за снабдување со вода, капацитетите на градската водоводна мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченост меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- оддалеченост меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатре во индустриската и станбена зона и објектите за специјална намена;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите;

Заштита од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита од пожари („Сл. Весник на СРМ“ бр.43/86) кој е во процес на ревизија со апроксимација на директивите на Европска Унија, со кој се очекува подобрување на законската регулатива за преземање на мерки за заштита од пожари.

- Во целата постапка за просторно и урбанистичко планирање да се вклучат и стручни лица од областа на заштита од пожари.
- Да се засили и издигне на највисоко ниво инспекциската контрола, како на локално, така и на национално ниво.
- При проектирањето на нови, или реконструкција и санација на старите музеи, архиви, црковни ризници, депоа и други објекти каде што се чуваат движните споменици на културата, неопходно е да бидат вклучени и стручни лица од областа на заштита од пожари.
- При проектирањето на населби, станбени блокови, повеќекатници и слично, задолжително треба да учествуваат и стручни лица од областа на заштита од пожари.

- Изградба на противпожарни препреки: испресеченост на урбаното ткиво, слободни неизградени површини, вештачки водени текови, мали езерца и слично.
- Донесување на Одлука на државно ниво за мерките за конзервација или отстранување на експлозивни и пожарно опасни постројки од напуштените или затворените фабрички комплекси.
- Изработка на планови за заштита од пожар во шумските комплекси со просекување и изградба на пожарни патишта, како и со парцелизација во смисла на пожарни препреки заради спречување на ширењето на евентуалните пожари на целите комплекси.
- Поставување на соодветни заштитни огради, контрола на пристапот и активна и перманентна контрола на безбедноста од пожари.
- Поставување на соодветен број противпожарни уреди и апарати во секој објект и нивна редовна контрола и сервис.
- Пристапување кон изготвување на нови законски акти кои го уредуваат подрачјето на противпожарната заштита.

**Поплави.** Подрачјето на Охридскиот регион, односно поедини негови делови или поединечни споменици на културата, можат делумно, иако многу ретко, да бидат изложени и на ризикот од поплави, најчесто заради неадекватниот одводен и канализационен систем, нивното недоволно одржување и чистење, но и од повремено излевање на некои од речните текови или во екстремен случај од нагло и енормно подигнување на нивото на Охридското Езеро.

Од останатите метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат и појавите на град, олујни ветрови и магли.

Поради тоа е неопходно подигање на ветробрани од трајна шумска вегетација особено на поголемите агрокомплекси. Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетација со изразен годишен прираст која поднесува подолготрајни сушни периоди.

**Намалување на ризикот од поплави**

При појава на природни стихии како што се поплавите, секое организирано општество презема активни и пасивни мерки за организирана одбрана од нив. За донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните состојби.

Со оглед на природните карактеристики, како и користењето на просторот, пред сѐ за урбани цели, потребно е да се изработат прогностички модели за одредени подрачја во земјата, првенствено за системот Охридско Езеро-Глобочица-Шпиље, а исто така да се обезбедат и уредат речните корита, особено на реките Сатеска и Црн Дрим заради што е потребно:

- одржување и обновување на крајбрежната вегетација за спречување на ерозија;
- строго контролирање на состојбата со речниот нанос;
- отпочнување со изградба на стабилизациони прагови за висинско фиксирање на речните корита и за спречување на бочната ерозија;
- отпочнување со уредување и оплеменување на деградираните речни корита;
- одржување и реконструкција на веќе изградените системи за заштита од поплави.

За трајна регулација на коритото на реката Сатеска и отстранување на нејзиното негативното влијание и деградација што перманентно ги врши на Охридското Езеро со наносите што во него ги депонира, потребно е префрлање на нејзините води од Охридското Езеро во реката Црн Дрим, за што треба да се изготви техничко решение со кое ќе се избегне засипувањето на коритото на Црн Дрим и поплавувањето на Струшко Поле.

## 8. Развивање активности за подигнување на јавната свест за значењето на културното наследство

Имајќи ги предвид богатите културно-историски, архитектонски, археолошки и етнолошки вредности кои на регионот му даваат посебност, единственост, репрезентативност, автентичност, со нивната зачуваност, разновидност и интегралност, создадени се можности регионот да претставува добро од највисоко национално значење со универзални вредности за човештвото и неговата историја, култура, уметност и наука.

Територијата на Охридскиот регион како светско наследство претставува интегрално добро од наследените природни и културни вредности во кои разновидното и богато архитектонско наследство е испреплетено со природата и е неделиво од неа. Токму оваа карактеристика го вбројува заштитеното подрачје во категоријата на културен предел во кој нераскинливо се поврзани историјата, континуитетот на културните традиции, општествените вредности и стремежи со исконската природна убавина на регионот.

Општествените вредности на Охридскиот регион се поврзани со традиционалните општествени активности и неговото современо користење, кое ја вклучува и грижата и високата свест за опкружувањето, поттикнувајќи го процесот на заштита и унапредување на природното и културно наследство. Тие имаат важна улога во воспоставување на општествениот и културен идентитет, како на локално, така и на национално ниво. Овие вредности се генерирани од самото културно и природно наследство и од процесите на нивната заштита. Усогласувањето помеѓу заштитата и доброто управувањето со Охридскиот регион, се гаранција за одржлив развој.

Во духот на традицијата, но и идниот развој, Охрид ќе претставува универзитетски центар за стекнување знаења од областа на туризмот, угостителството, архитектурата, заштитата на културното наследство и други научни дисциплини. Градот Охрид, како и сите други поголеми и помали населени места во Охридскиот регион, ќе ја чуваат, афирмираат и негуваат својата мулти културалност, бројните традиционални културни настани и манифестации и фестивали, својата древна духовност и особеност.

Исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство на Охридскиот регион ќе станат појдовна точка за воспоставување на мостови на соработка со соседните држави, како и со државите од поширокиот регион.

Визијата за идниот развој на Охридскиот регион не опфаќа само заштитата на природното и културното наследство, туку и неговиот одржлив

развој. Соодветно информирање и промоција за вистинските вредности, придонесува за подигање на јавната свест, пред се на локалното население како елементарен фактор за зачувување на вредностите.

Целта е заштита, зачувување и презентирање на интегралното добро во функција на секојдневниот живот, развој на малото стопанство, и негова меѓународна афирмација.

Заради зголемување на самоодржливоста на културно наследство на Охридскиот регион и потврдување на неговите вредности ќе се преземат мерки за ревитализација на просторот, со цел задоволување на културните, едукативните и научните потреби на општеството на национално и меѓународно ниво. Предвидени се возобновување на пра-фукциите и додавање на нови компатибилни програмски содржини на одредени ареали во централното градско јадро на градот Охрид, како збогатување на културната порака на регионот.

Заради значењето и концентрацијата на културното наследство во овој регион основана е посебна Национална Установа за заштита, Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид која што во координација со Националниот конзерваторски центар ја имаат надлежноста во сегментот на заштитата на културното наследство.

Затоа Национална Установа за заштита, Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид ќе биде задолжена за развивање на активности за подигнување на јавната свест за значењето на културното наследство преку организирање на едукативни настани и публикации кои ќе влијаат на одржливо однесување на јавноста кон културно-историските споменици.

Органите на државната управа и градоначалникот на општина Охрид, секој во рамките на своите надлежности се должни да преземаат мерки за поттикнување на образованието и спроведување на информативни програми заради запознавање на населението во насока на почитување и уважување на природното и културното наследство на Охридскиот регион.

Органите на државната управа, општината Охрид, како и правните и физичките лица се должни да ја информираат јавноста за вредностите на природното и културното наследство, за опасностите кои му се закануваат на природното и културното наследство, како и за преземените мерки за негова заштита.

**Едукација**

Едно од основните прашања за заштита на природното и културно наследство на Охридскиот регион и Старото Градско Јадро е подигнување на јавната свест за вредностите на регионот кај сите граѓански и политички структури, локалната и државнта заедница, како би можеле правилно да се проценат потребите и можностите на развојот во однос на неговите вредности.

Заради недоволно познавање на исклучителните универзални вредности на Охридскиот регион се наметнува потреба од едукација.

Во текот на летото треба да се организираат летни школи/кампови на кои студентите/посетителите ќе имаат можност директно да се запознаат со вредностите на природното и културното наследство на Охридскиот регион и на Охридското СГЈ.

За одредените конзерваторски активности значајни за заштита на културното наследство на регионот населението најдобро се информира преку медиумите.

Во соработката со Министерството за образование и наука е потребно да се реализираат едукативни програми за поттикнување на младите генерации за директно запознавање со вредностите на природното и културното наследство и развивање на нивната свест за значењето на наследството, преку посета на музеите, локалитетите и друго.

**Механизми за партиципација на граѓаните**

Подигнувањето на јавната свест нема да има изгледи за успех само со стручно, експертско и политичко ангажирање на јавниот сектор, затоа што значењето на културното наследство во принцип, се однесува за сите аспекти од секојдневниот живот на граѓаните - работа, услуги, јавни површини, јавни објекти, јавен сервис, економски аспект, култура и т.н. Затоа сето ова не смее да биде во спротивност со целите на самата граѓанска средина.

Согласно ова, Студијта предлага оперативен модел преку кој ќе се спроведува договор со граѓаните и ќе обезбедува постојана комуникација со граѓаните и цивилниот сектор воопшто и тоа:

- Вклучување на граѓаните во активностите на јавниот сектор (општински, државен) заради стекнување увид и активна партиципација во донесувањето на одлуки во различните фази од процесот на зачувување на културното наследство;
- Можност во секоја фаза од процесот на ревитализација на СГЈ да се оценува степенот на прифаќање на поедини проекти од страна на граѓаните како и нивната способност да партиципираат во истите.

- Демократските механизми ќе мора да бидат воспоставени од самиот почеток за процесот да стане колективен и осуден на успех;
- Ќе треба во процесот да се вклучат сите етнички, социјални, културни и верски заедници, во склад со принципот на недискриминација;
- Механизмите не ќе смеат да се ограничат само на партиципација на широко и ad-hoc граѓанство, туку ќе мора да ги опфатат оние кои делуваат во СГЈ – сопственици, корисници, трговци, угостители, НВО и сл. – други економски актери кои што би можеле да учествуваат во инвестирањето или друг вид истакнување и унапредување на културните вредностите на СГЈ;
- Учеството на граѓаните ќе мора да биде организирано во сите фази од процесот на ревитализација (аналитичко – дијагностичка, стратешко планирање, имплементација). Ова ќе подразбира континуирана комуникација со граѓаните и цивилниот сектор.

Механизмите за партиципација ќе мора да се проектираат така што да обезбедуваат континуирани и релевантни комуникации во две насоки (население кон стручно – оперативни тимови и стручно – оперативни тимови кон население) преку јавни дискусии, консултации, усогласување на ставови, договори, анкети, интервјуа,работилници,изложби,билтени и сл.

## 9. Утврдување насоки за развој на културниот туризам во согласност со принципот на одржлив развој

Туризмот претставува отворена можност за учество на чинители кои имаат заеднички интереси и интеракциски односи. Туризмот во регионот претставува дејност од посебен интерес.

Ваквиот приод подразбира дека општата интегративна заложба во креирањето на развојот на туризмот и организацијата на туристичките инфраструктурни простори во рамките на Охридскиот регион, ќе се темели и на усвоените просторни-плански решенија кои се во непосредна врска со туристичкиот развој.

Појдовна основа на концептот за развој на туризмот претставува значењето на природното и културното наследство. Туризмот има значајна улога во унапредувањето и ревитализацијата на сите ресурси. Положбата на Охридскиот регион ги отвора можностите во поглед на контактноста, транзитноста и поливалентноста. Важна појдовна основа е и недоволната застапеност на туристичките потенцијали на туристичкиот пазар, како и конјуктурата на туристичката посетеност.

Најголемата посетеност на Охридскиот регион се остварува од туристите кои потекнуваат од земјите на Балканскиот Полуостров, како и земјите од западна Европа (Германија и Холандија).

Туризмот е динамична индустриска гранка и неговиот развој неопходно е да се планира така што капацитетите на Охридскиот регион и неговата инфраструктура не треба да се надминат.

За да се остварат целите на одржливиот туризам кој може да биде главен двигател за локалниот развој потребно е внимателно да се планира и при тоа да се земат во предвид следните аспекти:

- Развојот на туризмот во овој регион да се темели на природните и културните вредности кои овозможуваат развој на посебни видови туризам и соодветни активности.
- Туристичката валоризација да ги опфаќа, заштитените и предложените за заштита локалитети и објекти во рамките на природното и културно наследство на Охридскиот Регион.
- Да се внимава на капацитетот на средината или опкружувањето за користење на просторот во смисла на број на туристи, активности и објекти кои може да бидат истовремено присутни, а просторот да не ја изгуби првобитната атрактивност.

- Да се внимава на негативните ефекти од прекумерниот број на туристи врз секојдневното живеење на локалното население.

За Охридски регион постојат повеќе податоци кои говорат за вредностите на градителското наследство, културата на претходните цивилизации, традицијата и обичаите на луѓето кои живеат на овие простори.

Современите туристи бараат што повеќе информации за местото каде доаѓаат и обично ги посетуваат тие делови за кои знаат најмногу. Тие информации се однесуваат на развојот на градот и описот на спомениците на културата, природното наследство, но и квалитетот на хотелите, ресторaните, превозот, забавата, инфраструктурата и слично.

Примарен вид на маркетинг се туристичките саеми и берзите за тур-операторите. Секундарен вид на информации најчесто се: медиумите, интернетот и туристичките публикации.

Презентацијата на туристичката понуда се одвива и преку туристичките водичи кои организирано ги запознаваат туристите со културно-историските содржини на Охридскиот регион. За жал, дел од туристички водичи не се соодветно обучени за презентација на природното и културното наследство и со неточни информации погрешно ги информираат туристите за историјата на регионот и влијаат на квалитетот на информираноста на туристите.

**Одржлив културен туризам**

Туризмот може со себе да донесе и бројни негативни последици. Една од негативните последици е и притисокот на голем број на посетители во старите градски јадра особено при одржувањето на традиционалните манифестации кои собираат неколку десетици илјади гости.

Старите градски јадра се атрактивни дестинации за снимање на филмови и како такви до сега биле инспирација на многу познати режисери. И покрај тоа сите тие активности треба да се изведуваат под одреден режим за да не дојде до загрозување културното наследство.

Старите градски јадра се простори кои во текот на летниот период привлекуваат огромен број на туристи и на кои покрај другите услови треба да им се обезбеди и соодветен паркинг простор. Недостатокот на соодветен паркинг простор е еден од поголемите проблеми. Со новите урбанистички планови неопходна е изградба на катни гаражи неприметно вклопени во конфигурацијата на теренот со кои би се решил проблемот на паркирање.

Со цел негативностите да се сведат на минимум, неопходно е да се изработат менаџмент понуди со кои би се планирал одржливиот развој на туризмот. За да се заштити Охридскиот регион и да се унапреди туристичката понуда, неопходно е да се направи анализа за влијанијата на развојот на туристичките капацитети и влијанието на културните манифестации врз природното и културното наследство на Охридскиот регион, во однос на капацитетот и ограничувањето.

Овие анализи се потребни при изработката на Програма за менаџмент во туризмот, изработена врз основа на потребите, можностите и ограничувањата на туристичкиот регион.

**Потенцијали за развој на културен туризам**

За да се направи аналогија во Студијава помеѓу СГЈ и туризмот како дејност, имајќи ја предвид сеопфатноста на анализата мора да се тргне од појдовната хипотеза - дали Охридското Старо Градско Јадро е туристичка дестинација.

Туристичкиот потенцијал и вредности на една дестинација или атракција во делот на културно историското наследство, се базираат врз основа на нејзината уникатност, автентичност, естетска вредност, културно-историско значење, сеопфатна атрактивност, автохтони вредности, ‘карактерот’, па слободно би ги додале и локацијата и временските услови. Покрај наведените фактори, за една дестинација да речеме дека има потенцијал, тоа значи да се има јасна и што попрецизна проценка на пазарот, понудата и побарувачката, целните групи.
СГЈ својот туристички потенцијал го базира на многу предности, започнувајќи од тоа дека својот зародиш го има со развојот на градот Охрид, односно претставува генератор на економската сила и диверзитетот на местото.

Податокот дека СГЈ е заштитено со Законот за заштита на спомениците на култура и е дел од заштитеното подрачје под УНЕСКО претставува еден од основните фактори за привлекување на туристите да го посетат истото.

Генерално, со цел да се утврди туристичкиот потенцијал на една дестинација од овој тип, мора да се наведат сите ресурси во следните категории:
- Атракции
- Услуги за посетителите
- Организациски способности
- Заштита
- Маркетинг

**Атракции**, покрај Охридската чаршија како целина, се и посебните историски вредности во склопот на чаршијата низ призмата на веќе споменатите: археолошки остатоци, монументални споменици и урбанистички целини.

Во овој дел на атрактивности неизбежно е да ги споменеме и атракциите од богатото нематеријално наследство како: фолклорот, традициите во занаетчиството, музика, легенди, историја, локална уметност, локалните кулинарски специјалитети, локалната храна, итн.
Во однос на услугите за посетителите, потребно е да се анализираат следните категории: сместување, ресторани, продавници, инфраструктура.

Во однос на **сместувањето на туристи и посетители** во СГЈ во моментот има повеќе објекти за сместување. Постоењето на сместување би можело секако да придонесе за креирање на поуникатно доживување кај туристите, кои би биле сместени директно во нејзиното срце. Но, мора да напоменеме дека близината на чаршијата до централното градско јадро е само 10-15 мин., каде туристите можат да најдат дополнителни сместувачки капацитети од различен вид.
Угостителството има огромна традиција. Овие ресторани во најголем дел се ориентирани кон пречек и анимирање туристи и својот бизнис го насочуваат во привлекување и на локално население и на странски туристички гости.

**Продавниците** во чаршијата се за општа потрошувачка, но не се ретки и оние каде што можат да се најдат квалитетни сувенири или рачно изработени артикли. Со текот на времето, турбулентните историски настани како и големите економско-социјални и политички промени, придонесоа за изменување на обликот на трговија во чаршијата, начинот на однесување, како и начинот на користење на просториte.

Особено е интересен фактот дека како еден дел од чаршијата е и отворениот пазар за купување на локално произведено овошје и зеленчук што за туристите претставува значајна точка на интерес.

**Инфраструктурата, и туристичката инфраструктура** секако се еден од најзначајните фактори за развој на туризмот, развој на одредена дестинација, атракција. Во најголем број случаи од светската пракса, со овој проблем со соочуваат многу земји а особено земјите во развој. Без добро планирана и изградена инфраструктура неможе да се очекува повисок развој на туризмот.

**Организационите способности** се огледаат во постоењето на повеќе важни организации од јавниот и од непрофитниот сектор. Тука пред се главна улога игра НУ Завод и Музеј Охрид, институција која ги има главните ингеренции во однос на заштитата и ревитализацијата на чаршијата. Понатаму, постојат други државни организации кои работат на економски и проекти од

културата, невладини организации за заштита на животната средина и туризмот, уметнички здруженија, здруженија за здрава храна и изработка на традиционални производи и сувенири, итн. Секако, покрај институцијата НУ Завод и Музеј - Охрид, и дел од државни но и непрофитните и невладини организации кои работат на проекти во изминатите години можат секако активно да придонесат за креирање и спроведување на одредени иницијативи. Од опсервацијата на нивните дејности и активности во изминатите години, можеме да заклучиме дека имаат различни мисии но сепак имаат и доста заеднички точки во кои можат да ги вкрстат своите иницијативи и да работат заеднички на развој на културно историскиот туризам во оваа дестинација. Покрај ова, дел од организациите веќе соработувале меѓусебно, се познаваат, знаат какви очекувања имаат едни од други и за какви активности би можеле да се здружат, што може да се смета за предност. Целта на анализата на организациските способности е да се пронајде „лидерот“ во организациите кој има капацитет да ја преземе улогата на двигател. Во минатите години во градот опстојуваа две организации кои професионално беа ангажирани само во полето туризам. За жал, тие во моментот не се активни со што нема природен лидер кој би можеле лесно да го препознаеме.

**Заштитата** е културна, економска, социјална и политичка категорија. Во денешната ера, заштитата на културното наследство се набљудува во многу поширок контекст од кога и да било порано. Културното наследство несомнено е значаен промотор на одржливиот развој и културниот туризам, тргнувајќи од заштитата на природната средина и обновата и развојот на руралните средини, па се до најшироките аспекти на културата на просторот и просторниот развој. Есенцијалната разлика меѓу традиционалниот и модерниот начин на заштита лежи во разбирањето на тоа на кого е наменета да му служи истата.

Традиционалниот начин на заштита примарно се базира на убедувањето дека нејзината цел е физичката заштита на поединечните културни споменици од напади, од промените кои ги носи времето и модерните начини на живот, како и на приказот на вредностите кои не водат да го заштитиме еден споменик како дел од културното наследство.
Спротивно на тоа, модерните пристапи го проширувaат опсегот на делување и тоа на: подрачјето на оние кои учествуваат во заштитата (од професија и локална заедница до граѓанско општество), во истражувањето, во директното интервенирање во и на објектите, во донесувањето на одлуките и во потрагата по најсоодветните решенија како и генерално во менаџментот на културното наследство.[7]

Делови од СГЈ оставени на забот на времето, губењето на традиционалните занаети и вредности како и несоодветните интервенции без строг надзор и контрола довеле до намалена автентичност и уникатност на овој

[7]Institute for protection of culture heritage of MSlovenia, www.zvkds.si

простор. Поради тоа што нашата цел е привлекување на што по глем број на туристи и притоа развивање на содржини за туристите/посетителите, должност ни е да го нагласиме значењето на соодветната заштита на ова културно наследство што ќе обезбеди и повисока свест кај локалната заедница и граѓаните за значењето кое таа го има и колкави бенефити може истата да им донесе. Согласно модерната ера во која што живееме, принципите на одржливиот развој, логичен предлог е користење на холистички пристап при планирањето и импелемнитрањето на висок степен на заштитата и соодветно планирање на приоритетите за заштита, конзервација и реставрација. Избегнувањето на импровизацијата треба да биде конечна одлука. Поради тоа што заштитата, конзервацијата, реставрацијата и сите пропратни процедури придонесуваат за зголемување и одржување на вредноста на дестинацијата, притоа креирајќи можности за локалното население, вработувања, социјални подобрувања итн., мораме да предложиме повисок степен на заштита, навремено планирање како и построго спроведување на законските регулативи. Исто така, потребно е подобро вмрежување и преговори со бизнис заедницата со цел наоѓање баланс при остварувањето на заедничките и индивидуалните интереси. Понатаму, доколку институциите за заштита сакаат и бизнис заедницата да има поголема свест за тоа зошто вреди задржувањето на уникатните вредности на дестинацијата, потребно е во рамките на истата да дозволи отворање на бизниси кои ќе заработуваат од заштитените и реновираните објекти, со што всушност тие самите ќе се потрудат да учествуваат во заштитата и самите истата ќе ја прават.

**Маркетингот** е сектор за производство на купувачи. Маркетингот се надева дека ќе го сфати својот целен купувач во толкава мера, што продажбата нема да биде потребна. Питер Дракер сметал дека „целта на меркетингот е да ја направи продажбата одвишна“. Маркетингот е способност да се постигне успех.[8] Во овој регион, кога се зборува за маркетинг всушност се мисли на промоција. Маркетингот не се користи како важна, интегрална функција на дестинацијата. Секако, позитивните почетоци се трите Информативен Центар – Сувенирници од Министерството за култура, со кои раководи НУ Завод и Музеј Охрид. Нема посебно тело како Туристички информативен центар кој би се грижел за:

- Изработка на брошури, разгледници и друг промотивен материјал со содржини за старата чаршија и старото градско јадро;
- Промоција и претставување на меѓународни туристички саеми (Турција, Бугарија, Швајцарија) и домашни (Охрид, Скопје);
- Изработка на интернет страница каде е целосно опфатена чаршијата и старото градско јадро.

[8] Marketing Insights from A to Z, Fhilip Kotler, 2007

Сето ова претставува одлична основа за систематски пристап во продолжувањето на осмислувањето и креирањето организиран производ, но притоа применувајќи ги начелата на маркетингот како основна наука за избор на целните пазари и за придобивање, задржување и зголемување на бројот на потрошувачите преку создавање, пренесување и давање на највисоки вредности на потрошувачот (Котлер, 2007). Покрај тоа, мораме да ги наметнеме иновативноста и креативноста како норми со цел поквалитетни производи и услуги без кои не би можела да се постигне подобра компетитивност.

**Манифестации**

Задржувањето на сегашните манифестации е исто така од клучно значење за понудата во делот на промоција на можностите за културен туризам:

- Фестивал Охрисдко Лето
- Балкански фестивал на народни песни и игри
- Поетска ноќ во Велестово
- Охридски хорски фестивал
- МФФ Денови на Охрид
- МДФФ Македонско оро
- Разиграно оро
- МФФ Македонско сонце
- МФФ Александар Македонски
- МДФФ Св. Климент Охридски

**Развивање активности за издавање научни и стручни публикации, публикации од информативен карактер и слично**

Во комплетирањето на понудата за културен туризам, но воедно и за развивање на активности кон науката, потребно е надополнување на стручната литература која се однесува на заштита на културното наследство, на заштита на животната средина, унапредување на одржлив туризам во градски средини и градски јадра, итн.

За таа цел издавањето на годишни изданија кои ќе се однесуваат на културно-историското наследство е од особено значење за остварувањето на целите на оваа Студија.

Се предлага публикување на:

- Водич за Охридското старо градско јадро
- Брошура до културно-историски знаменитости
- Правилник и упатство за реставрација и санација на објекти
- Правилник и упатство за уредување на излози на трговско-занаетчиските објекти
- Брошура за стари занаети,
- Летоци со информативен карактер

## 10. План за интегрирана заштита

**Планот се донесува за период од 5 години.**

***Предлог мерки во идниот (5 годишен) акционен план за интегрирана заштита а кои се во корелација со принципите на интегрирана заштита од амсдердамската декларација:***

- **Изготвување на план за интегрирана заштита на Охрид и Охридскиот регион** Изработка на акционен план и план на управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 1, Европското архитектонско наследство не го сочинуваат само нашите најзначајни споменици, туку и амбиенталните целини кои се составен дел на старите градови и традиционалните села, во нивното природно или урбано опкружување)

- **Подобрување на лицето на градот.** Донации и субвенции за санација и реконструкција на објекти кои се евидентирани како значајно културно наследство или кои придонесуваат во амбиенталната целина на градот. (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 2, Патината на минатото која е отелотворена во архитектонското наследство создава амбиент неопходен за рамнотежа и исполнување на човекот)

- **Да се направи анализа на финансиските имликации од мерката за развој и одржување на нематерјалното (духовно) културно наслетство преку Ослободување од плаќање на данок од имот или персонален данок**, на иматели на објекти кои се значајно културно наследство или кои се во склоп на заштитената целина а кои остваруваат приход од издавање деловен простор на занаетчии или негуваат други традиционални

и промотивни содржини што го популаризираат природното и културно наследство како што се услужни дејности - туристички и информативни агенции, сувенирници, антикварници, галерии, винарии кои служат македонско вино, ресторани кои негуваат традиционална македонска кујна - амбиент и музика, пансионски услуги во простории со традиционален ентериер со етнолошки елементи и сл. Со тоа би се зголемила конкурентноста на запоставените стари занаети и дејности кои не се многу доходовни а се од непроценлива вредност за одржливиот економски развој кој подразбира социо-економски мерки и заштитата и промоција на природното и културно наследство. (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 3, Архитектонското наследство претставува духовен, културен, економски и социјален капитал од непроценлива вредност)

- (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 4, Присуството на историските целини придонесува за хармонична рамнотежа во општеството) **Социјална инклузија на локалното население**

- Воведување во основните школи во Охрид и околината **дополнителни (факултативни) часови за запознавање со природното и културното наследство на Охрид,** во кој ќе биде вклучена и настава со посета на некоја од институциите кои се бават со заштита на природното и културното наследство. (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 5, Архитектонското наследство има немерлива образовна вредност), прирачник за инвеститори чаршија, позитивни негативни примери.

- Урбана рехабилитација (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 6, Ова наследство е во опасност), примери, мини плоштад, стара библиотека, цветна патека, урбана опрема

- Конзервација, Санација и Ревитализација (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 7,

Интегрираната заштита ги намалува штетните влијанија) наши готови примери

- Да се најде начин за формирање на **фонд** од државни или локални извори или донации, од кој би се одвојувале средства за редовно одржување и реконструкција на фасади на објекти во старото градско јадро на Охрид. (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 8, Интегрираната заштита бара примена на правни, административни, финансиски и технички мерки)

- Спроведување и Надзор (Формирање на 9 члена комисија од различни институции) (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 9, Учеството на сите е неопходен предуслов за успешна заштита)

**Предлог сообраќајно решение во СГЈ.** Во текот на летната сезона, сообраќајот во СГЈ не е соодветно регулиран. Се јавува колизија меѓу сопствениците на индивидуални куќи и посетителите. Потребо е да воведат нови алтернативи за превоз низ СГЈ, кои ќе овозможат едноставно движење и заштита на културното наследство. Градот Охрид веќе има во план изградба на катна гаража која ќе понуди соодветен капацитет за автомобили и автобуси за туристите во летниот период. Транспортот од катната гаража до оддалечените точки на СГЈ може да се организира со електрични автомобили и со велосипеди.

**Концепт**

- Поставување на 8-10 станици низ центарот на градот. На секоја станица би имало 20 велосипеди и 2 електрични автомобили. Велосипедите и автомобилите треба да може да се изнајмат на секоја станица и да се вратат на секоја станица. Да биде возможно изнајмување на велосипед од било која станица со покажување на личен документ. Секој корисник при изнајмувањето би потпишал договор со кој се согласува со условите за користење на возилото. При изнајмување, корисникот прилага личен документ и потпишува договор во кој потврдува дека велосипедот нема да биде украден, оштетен или обезвреднет на било кој начин. Договорот, исто така, содржи и клаузула нагласувајќи дека ако велосипедот не биде вратен во одреденото време (повеќе

подолу), велосипед станицата има право да му наплати на кредитната картичка еквивалентен износ за нов велосипед. Корисниците кои ќе платат во готово треба да се обврзани да остават сигурносен депозит (гаранција дека ќе се вратат во точното време и ќе го вратат велосипедот во идентична состојба).

- Секој велосипед и автомобил треба да биде опремен со GPS уред за следење и сериски број
- Корисникот треба да има можност да избере една од опциите:

- 300 денари 3 часа.

- 550 денари 6 часа.

- 850 денари 9 часа.

- 1.500 денари 24 часа.

----------------------------------------------

- 6.000 денари една недела

- 8.000 денари 10 дена

- 20.000 денари еден месец

Ценовникот треба да нуди можност и за групни попусти:

- 3-5 велосипеди 10% попуст на секој

- 6-10 велосипеди 15% попуст на секоја

- +11 велосипеди 25% попуст на секоја

Вогрупа, едно лице би било задолжено за повеќе велосипеди и автомобили

- Реализација на предлог решението може да биде од страна на заинтересиран приватен инвеститор со моделот на јавно приватно партнерство

Интегрираната заштита на целината е всушност и крајната цел на изготвувањето на планот, по кој би следело изготвување на заштитно-конзерваторски основи за комплексите во целината и конзерваторски мониторинг при вградување и реализација на истите.

Доброто е управувано од страна на поединечни сопственици, Локалната самоуправа на општина Охрид, Република Македонија преку : Министерството

за култура и Министерството за транспорт и врски; како и од сопствениците на сакралните објекти: МПЦ - Дебарско Кичевска епархија и Исламска верска заедница.

Ваквата комплексност при управувањето со доброто секогаш носи ризик за судир на интереси или потреби од страна на сопствениците, корисниците и управувачите, што може да резултира со целосно губење на автентичноста на целината или на нејзини поединечни делови.

- Меѓународна соработка и примена на конвенции и декларации (Амстердамска декларација 1975 – принципи на интегрирана заштита - принцип 10, Архитектонското наследство е заедничко добро на нашиот континет)

Во продолжение се опишани и останатите мерки и активности за реализација на пет годишниот акциски план.

**Стратешки Акциски план**

| Стратешка цел | Подцел | Активност | Носител | Буџет | Временски рок |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Ревитализација на инфраструктурата | 1.1 Квалитетна инфраструктура; | 1. Поставување на доволен број на садови за отпадоци на повеќе локации | Општина Охрид | 500.000 | 2017 |
| | | 2. Поставување на доволен број на садови за посебен отпад на повеќе локации | Општина Охрид | 500.000 | 2017 |
| | | 3. Проект за улично осветлување - илуминација на споменици и споменички целини | Општина Охрид | 400.000 | 2016 |
| | | 4. Одржување на улици и корегирање на оштетените подрачја на улиците и калдрмата што се простира низ јадрото | Општина Охрид | 2.200.000 | 2020 |
| | | 5. поставување на јавни тоалети | Општина Охрид, ЈП | 500.000 | 2019 |
| | | 6. обновување на постојните санитарни јазли | Општина Охрид, ЈП | 250.000 | 2018 |
| | | 7. проект за подземна телекомуникациска мрежа | Телеком.МК, Општина Охрид, ЈП | 35.000.000 | 2020 |
| | | 8. проект за обнова на водоводната и канализационата мрежа со атмосферските отпадни води | Општина Охрид и ЈП | 4.000.000 | 2020 |
| | | 9. студија за оправданост од воведување на топлификациска | Општина Охрид | 10.000.000 | 2020 |

| Стратешка цел | Подцел | Активност | Носител | Буџет | Временски рок |
|---|---|---|---|---|---|
| | | мрежа | | | |
| | | 10. Одржување на јавна чистота | Општина Охрид | 12.500.000 | 2020 |
| | | 11. Унифицирање на број и видови на светилки, управување со улично осветлување | Општина Охрид, ЈПП | 1.050.000 | 2020 |
| | | 12. Уредување и одржување на хортикултурните аранжмани | Општина Охрид | 5.500.000 | 2020 |
| | 1.2 Овозможен лесен и удобен пристап за посетителите; | 1. Ново сообраќајно решение | Општина Охрид | 50.000 | 2017 |
| | | 2. Нови паркинг решенија | Општина Охрид, ЈПП | 3.200.000 | 2017 |
| | | 3. Купување на електрични возила | Општина Охрид, ЈПП | 3.500.000 | 2017 |
| | | | | | |
| | | 4. Сигнализација и поставување знаци за правецот до локациите | Општина Охрид | 1.060.000 | 2017 |
| | | 5. Воспоставување инфо биро | Општина Охрид | 2.090.000 | 2016 |
| | 1.3 Обновување на фасади. | 1. Реставрација, ревитализација и обновување на фасадите | Мин за Култура | 66.650.750 | 2020 |
| | | 2. Донации и субвенции за интервенции на фасади кон индивидуални лица | Општина Охрид | 2.700.000 | 2020 |
| 2. Воспоставување на Старото градско јадро како туристичка дестинација за | 2.1 Заштита на бренд; | 1. Унифицирање на означувањето и обележувањето на занаетчиските работилници и угостителските објекти што ќе претставува слика за амбиент кој е соодветен за СГЈ | Општина Охрид | 5.000.000 | 2016 |

| Стратешка цел | Подцел | Активност | Носител | Буџет | Временски рок |
|---|---|---|---|---|---|
| посета! | | 2. Изработка на заедничка веб страна и мобилна апликација | Општина Охрид, ЗИМО | 400.000 | 2017 |
| | | 3. Промоција на културно историските и туристички потенцијали на територијата на општината и реализирање на активности за јакнење на јавната свест за прашања поврзани со заштита на културно историското наследство - брендирање | Општина Охрид | 300.000 | 2017 |
| | 2.2 Унапредување на занаетите и креативните индустрии; | 1. Воведување на програма за развој на занаетите и креативните индустрии | Општина Охрид | 200.000 | 2017 |
| | | 2. Мапирање на важните културни и занаетчиски локации | Општина Охрид | 200.000 | 2017 |
| | | 3. Промоција на занаетите од чаршијата и туристички промоции на саеми | Општина Охрид | 3.200.000 | 2016-2020 |
| | | 4. Изработка на брошура за занаетите и останати научни и стручни публикации | Општина Охрид | 2.200.000 | 2017 |
| | 2.3 Едукација на туристички водичи; | 1. Подготовка на материјали за обука на туристички водичи | Општина Охрид | 100.000 | 2016 |
| | 2.4 Креирање на туристичка понуда. | 1. Подготовка на промотивен материјал за СГЈ | Општина Охрид | 1.000.000 | 2020 |
| | | 2. Изработка на маршрути за посета на занетчиските дуќани | Општина Охрид | 10.000 | 2016 |
| | | 3. Креирање на туристички | Општина | 10.000 | 2016 |

| Стратешка цел | Подцел | Активност | Носител | Буџет | Временски рок |
|---|---|---|---|---|---|
| | | тури/маршрути за знаменитостите само од СГЈ | Охрид | | |
| | | 4. Формирање на мултиледијален музејски центар „Охрид низ вековите“ | ЗИМО, Универзитет Св Апостол Павле, Општина Охрид, ЈПП | 1.000.000 | 2018 |
| | | 5. Изработка на маршрути за посета на културно-историските и религиозните локации | Општина Охрид | 10.000 | 2016 |
| 3. Креирање бизнис околина и простор за нови вработувања! | 3.1 Мененаџмент; | | | | |
| | | 1. Воспоставување систем за координација помеѓу релевантните институции и воспоставување форми на дијалог (форуми, дебати, трибини) со резидентите во СГЈ со цел консултирање за важни прашања | Општина Охрид | 10.000 | 2016 |
| | | | | | |
| | 3.2 Координирани активности во обука или професионална надоградба. | 1. Стручна обука на кадри кои во иднина ќе го зголемат потенцијалот за туристичка афирмација | Општина Охрид, Универзитети | 100.000 | 2020 |
| | | | **ВКУПНО** | **16.650.000** | |

**Анекс 1**

**Културно наследство по комплекси**

| Бр. | Име на објектот | Место | Број на решен. | Дата на донесување | Бр. на Центр. рег. | Матичен број |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. КОМПЛЕКС ТАБАНА** | | | | | | |
| **1** | **Магза Кичеец Васе Димитрова Васка** | "Цар Самуил" бр. 8 и 10 Мецофорте | | | | |
| **2. КОМПЛЕКС БОЛНИЧКИ** | | | | | | |
| **2** | **Св. Никола Болнички** | Охрид Скопје | 07-692/1 Службен весник на РМ бр.113 | 16.06.1998 29.07.2014 | 76 | 4-819-038/040 р нд |
| **3** | **Св. Богородица Болничка** | Охрид | 07-690/1 | 16.06.1998 | 75 | 4-819-038/041 р нд |
| **4** | **Куќата на Ленче Ставрева Маринов Славе** | ул. "Коста Абраш" 44 | 197 | 01.02.1957 | 756 | 4-819-038/133 р нд |
| **5** | **Куќа на Стружан Јонче** | ул. "Цар Самуил" 30 | | | | 4-819-038/123 р нд |
| **6** | **Куќа на Ајри Доко** | "Цар Самуил" 32 | | | | |
| **3. КОМПЛЕКС МАЛ СВ КЛИМЕНТ** | | | | | | |
| **7** | **Црква МАЛ СВ. КЛИМЕНТ** | Охрид | 07-689/1 | 16.06.1998 | 78 | 4-819-038/075 р нд |
| **8** | **Куќата на Борис Ламбески** | ул. "Цар Самуил" 42 | 7 | 30.05.1958 | 745 | |
| **9** | **Куќата на (Паско Чауле) Анастасов Емил** | ул. "Цар Самуил" 38 | 56 | 01.01.1951 | 755 | 4-819-038/132 р нд |
| **4. КОМПЛЕКС РОБЕВЦИ** | | | | | | |
| **10** | **Куќа на Робевци / Музеј на град Охрид** | ул. "Цар Самуил" 62 | 13-666/1 | 12.09.1996 | 748 | 4-819-038/077 р нд |
| **11** | **Куќа на Христо Узунов (Историска поставка)** | ул. "Цар Самуил" 43 | 13-668/1 | 12.09.1996 | 16 | 4-819-038/062 р нд |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **12** | **Куќа на Уранија** | ул. “Цар Самуил” 49 | 13-667/1 | 12.09.1996 | 972 | 4-819-038/150 р нд |
| **13** | **Куќата на Климе Патче** | ул. “Цар Самуил” 60 | 40 | 01.01.1951 | 749 | 4-819-038/126 р нд |
| **14** | **Куќата на Коле Котуше** | ул. “Цар Самуил” 59 | 53 | 01.01.1951 | 752 | 4-819-038/129 р нд |
| **5. КОМПЛЕКС РАДНИЧКА** | | | | | | |
| **15** | **Управна зграда на Завод и Музеј-Охрид, т.н. „Радничка школа”** | ул. “Боро Шаин” бр. 10 | 14.11.2002 | 15.04.1987 | 987 | 4-819-038/070 р нд |
| **16** | **Црква Св. Никола Чудотворец** | Охрид | 07-33/1 | 18.03.1968 | 689 | 4-819-038/036 р нд |
| **6. КОМПЛЕКС СВ СОФИЈА** | | | | | | |
| **17** | **Црква Св. Софија** | Охрид | 07-694/1 | 16.06.1998 | 80 | 4-819-038/031 р нд |
| **18** | **Црква Св. Никола Геракомија** | Охрид | 02-609/1 | 08.08.1986 | 686 | 4-819-038/045 р нд |
| **19** | **Куќата на Иван Каневче (Ристе Каневче)** | ул. “Илинденска “32 | 35 | 01.01.1951 | 731 | 4-819-038/109 р нд |
| **7. КОМПЛЕКС ДОЛНИ САРАЈ** | | | | | | |
| **20** | **Куќата на Климе Банде (Наловиќ Александар)** | ул. “Илин-денска “15 | 52 | 01.01.1951 | 734 | 4-819-038/112 р нд |
| **8. КОМПЛЕКС КАНЕО** | | | | | | |
